Местоположбата на канализационите водови е предвидена да биде под сообраќајниците, со длабина која ќе овозможи нормално опслужување на корисниците. Постоечките водови кои поминуваат низ градежни парцели се предвидуваат да се дислоцираат и постават под сообраќајници. Димензиите на канализационите цевки, со точни отпадни количини на отпадни води ќе се дадат со разработка на ДУП, во проектната документација во зависност од намени, големина на објекти како и технолошките процеси кои ќе се изведуваат.

Исто така треба да се извршат пресметки со кои пресметки ќе се добијат наклони на канализационите цевки.

Според ГУП за ЦЕ 01 има Отпадна фекална вода м3/ден – 2088,32

Количината на отпадната вода се смета на 90% од водоснабдителната норма

N_{k-} краен број на корисници =153
Q_l– водоснабдителна норма 400l/ден/жител
K_1– коефициент на часовна нерамномерност=1.3
K_2 - коефициент на дневна нерамномерност=1.5
Qk – количина на отпадна вода

Qk = Nk x Ql x 0.9 = 153 x 400 x 0.9 = 55 080 м3/ден

$q_{ср/ден}$ = Qk/86400 = 55 080 / 86400 = 0,64 l/sek

$q_{max/ден} = q_{ср/ден} \times k_1$ = 0,64 x 1,3 = 0,832 l/sek

$q_{max/час} = q_{max/ден} \times k_2$ = 0.832 x 1,5 = 1,248 l/sek

$q = N_k \times Q_0 \times K_1 \times K_2$ = 153 x 360 x 1,3 x 1.5= 107 406

$$q_{14} = \frac{q}{14x3600} = \frac{107\ 406}{50400} = 2{,}13\ l/sec$$

Инфилтрирана подземна вода по стручна литература 10%

$q_{инф}$= q_{14}× 0,3= 2,13 × 0,3= 0,639 l/s

Вкупна отпадна фекална вода

$q_{вкупно}$= q_{14}+ $q_{инф}$

$q_{вкупно}$= 2,13 + 0,639 = 2.769 $l/$s

Специфичен проток – ξ

ΣF – вкупна површина што се одводнува = 0,77ха

$$\xi = \frac{q_{\text{вкупно}}}{\Sigma F} = \frac{2,769}{0,77} = 3.59 \quad \frac{l/s}{\text{ha}}$$

Третман на отпадните води

За заштита на р. Отиња и Брегалница од отпадните води на Градот Штип предвидено е изградба на пречистителна станица.
Карактеристиките на пречистителната станица се следни:

- Капацитетот на пречистителната станица за краен период до 2024 год е 21,033 м3/ден отпадни води.
- Квалитетот на водата после пречистувањето на место на испуштање во реципиентот мора да ги задоволува сите важечки еколошки стандарди.
- Местоположбата на пречистителната станица е надвор од опфатот на ГУП Штип.

6.4.5. АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Местоположбата на атмосферската канализација е предвидена да биде под сообраќајниците. Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, во зависност од сливната површина, интензитетот на дождовите и отечниот коефициент. Отпадните атмосферски води од планскиот опфат од кровните површини на објектите, од површините на улиците, од зелените површини ќе бидат прифатени и евакуирани во атмосферска канализација.

Според ГУП за ЦЕ 01 има Отпадна атмосферска вода л/ден – 2393,23

За димензионирање на атмосферската канализација усвоена е вредност на интензитет од 110 л/сек/ха, врнежи што се јавуваат еднаш во две години во времетраење од 20 мин. Атмосферската количина на вода меродавна за димензионирање на канализацискиот систем се пресметува по формулата:

$Q = F \times \Psi \times I$

F - ха – припадна сливна површина

I - л/с/ха – интензитет на врнежи

Ψ - коефициент на истекување (0,6 за станбени површини со голема густина, 0,4 за станбени површини со мала густина, 0,2 за отворени терени,0,1 за паркови).

6.4.6. УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО

Засебни зелени површини во граница на планскиот опфат се планирани,односно Д2 со површина од 476.32м2.

Зелени површини се планираат да бидат во сопствени градежни парцели и застапеност на зеленило во граница на една градежна парцела треба да изнесува мин. 20%

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

7.1. ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА СЕ СОСТАВЕН ДЕЛ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02, ОПШТИНА ШТИП

7.2. Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Генералниот урбанистички план и конкретните решенија во ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01, ОПШТИНА ШТИП.

7.3. Се објаснуваат некои ставови за правилно спроведување на текстуалниот и графичкиот дел на планот, и се утврдуваат глобални смерници за изработка на плановите од понизок ред.

7.4. Во графичките прилози дадена е максимална висина на градба, која претставува планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата. Максималната височина на градбата се одредува на два начина:
Како висина на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри на вертикална рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри

- Како висината на највисока кота на градбата, кој се мери на највисокиот дел од затвореният габарит на градбата (од првостепена пластика) односно на највисока кота на покривот или слемето на кровот доколку се работи за кос кров, изразена во метри.

Максималната висина на градбите покрај определување во должни метри, може да се дополнува и со бројот на катови или етажи.

- Максималната висина на градбите покрај определување во должни метри, може да се дополнува и со бројот на катови или етажи.
- Поткровје или потпокривен спрат што во урбанистички план се планира како изградена површина чијашто намена е еднаква на намената на градбата, не се обележува во урбанистички планови и урбанистички проект посебно – како поткровје, туку како кат што влегува во бројот на вкупно одредените катови на градбата

7.5. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, или вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.

- Доколку тротоарот односно теренот долж лицето на парцелата е во наклон, максималната височина се одредува во однос на кота на тротоарот што се наоѓа во средината на страната на градбата долж наклонот на теренот.
- Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот завршен ѕид од градбата поставен на градежна линија од страна на лицето на градежната парцела.
- Максималната висина на изградба може да се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектната документација се докаже дека се исполнети условите за постигнување на максималната висина за изградба дефинирана со овој план.

7.6. Максимална височина на нулта плоча во однос на теренот - апсолутна кота на тротоарот е 1.20м. Минималната височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот е 0.15м.

7.7. Висината на кровот се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во метри. Височина на слеме е планска одредба која се уредува во урбанистички план како височински услов за градење на ниво на наменска зона, уличен фронт, блок или плански опфат односно градежна парцела, но само доколку максималната височина на градење е уредена како височина до горен венец на градбата.

Височина на слеме на кровот на градбата може да се употреби како релативна кота која се мери од котата на горниот венец на градбата и ја претставува висината на кровната конструкција и покривот.

Височина на слеме може да се употребува како планска одредба во урбанистички план и како единствена височинска планска одредба односно како максимална височина на градење или како највисока кота од градбата.

Слеме е највисока точка на кровната конструкција или највисока хоризонтална линија на пресекот на рамнините што го формираат покривот или доколку се работи за едноводен кров тоа е линија на пресекот на наклонетата рамнина на кровот и вертикалната рамнина на фасадата на градбата.

Кога височината се одредува со параметарот височина на горниот венец, височината на слеме се одредува и мери од котата на горниот венец на градбата, а кога височината се одредува само со височината на слеме, таа се мери од котата на тротоарот или од пристапната или заштитната патека до градбата.

Доколку во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор, тој се третира рамноправно со другите спратови на градбата и се обележува и пресметува во постапката за спроведување на планот како регуларна спратна површина.

Во урбанистички план не се планира и обележува потпокривен простор како посебен вид на кат односно поткровје, туку како регуларен кат.

Во дозволената височина на слемето можно е формирање на повеќе типови на покриви од кои најчести се косите, рамните и мансардните покриви

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат, блок или поединечна градежна парцела и тоа:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обзидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот
- Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.
- Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линиските вертикални технолошки инсталации.

7.8. Во максимална висина на градба, за објекти од планскиот опфат, дадни се катни висини од П+1 до П+5 ката.

7.9. Диспозиција на површина за градење во градежна парцела и нејзино растојание од граница на градежна парцела зависат од типот на градење, односно од начинот на групирање на градбите во блокот.

Растојанијата помеѓу површини за градење во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на коридорот

или од меѓусебното растојание, височината на градбите од двете негови страни и видот на отворите на фасадите ориентирани кон коридорот, при што:

- на коридор дефиниран со две регулациони линии што се на меѓусебно растојание од 3,00 – 6,00 м површините за градење што се допираат со регулационата линија можат да бидат слепи ѕидови без отвори или да имаат само помошни отвори со парапет над 1,60 м, додека регуларни отвори со парапети под 1,60 м можат да имаат градбите чиишто површини за градење се оддалечени од регулационите линии најмалку 3,00 м,
- на коридор дефиниран со меѓусебното растојание на градбите од двете страни на коридорот кое изнесува од 6,00 – 16,00 м страните од градбите што се ориентирани кон коридорот можат да бидат со регуларни отвори со парапети под 1,60 м но со висина на градбите што не е поголема од широчината на коридорот,
- висините на градбите во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на просторниот коридор дефинирана како меѓусебно растојание на градбите од двете страни на коридорот, кои по правило изнесуваат најмногу до широчината на коридорот во приградски и периферни четврти на населеното место (В = Ш) и до две широчини на коридорот во централните четврти од населено место (В = 2Ш) за коридори поширoки од 18,00 м.

7.10. Градежната линија ја означува границата на површината за градење. Градежна линија е планска одредба со која во урбанистички план и урбанистички проект се уредува границата во градежната парцела до која е дозволеното простирање на планираната градба односно ја дефинира просторната диспозиција на површината за градење во градежната парцела, а со тоа и просторната диспозиција на идната градба.

7.11. Градежна линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонска пластика на градбите:

Во урбанистички план може да се предвидува дозволено пречекорување на градежната линија на првостепената и второстепената архитектонска пластика само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат може да се предвидуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепената архитектонска пластика, кога за тоа постојат услови и не повеќе од 0,30 м.

Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела на сосед, не се одобруваат пречекорувања градежната линија со ниту еден вид архитектонски елементи и делови од градба.

Кога растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е 1,20 м, не се дозволени пречекорувања на градежната линија со еркери и други издадени делови на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела, а доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20 м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20 м.

Секаде каде што градежната линија се поклопува со регулационата линија постои обврска фасадниот ѕид да се постави токму на вертикалната рамнина која е одредена со градежната линија.

Пречекорувања на градежна линија во наведениот случај ќе се регулира согласно:

-Конкретните градежни линии се дадени во графичкиот дел од планот и истите треба да се почитуваат ако со тоа не се нарушуваат другите параметри.

-Доколку градежната линија не се совпаѓа со регулационата линија, се дозволуваат пречекорувања согласно:

-Доколку градежната линија е кон дното на градежната парцела дозволените пречекорувања имаат поголема амплитуда на вредности кои се уредуваат во урбанистички план во зависност од околностите за секој плански опфат, четврт или блок, а доколку растојанието помеѓу соседните површини за градење кон дната на парцелите е помало од 8,00 м пречекорувањата не се дозволени.

-При планирање на површини за градење со меѓусебни растојанија кои кон страните и дното на парцелата се поголеми од 16,00 м, по правило нема стандардизирани ограничувања за употребата на архитектонската пластика, при што во случаи кога има за тоа потреба овие ограничувања се уредуваат во општите услови за градење во урбанистичкиот план.

-Пречекорувања на градежната линија не треба да излезат надвор од градежната парцела на било која височина над теренот.

Максимален процент кој што може да го зафати архитектонска пластика од вкупната површина на фасадата е 80%.

7.12. Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површина од градежно земјиште односно делот од градежна парцела кој се предвидува за градење на градба.

Површина за градење е дел од градежната парцела ограничен со градежна линија

Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега без прекин низ две или повеќе соседни градежни парцели.

Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба.

Доколку во урбанистички план утврдената површина за градење во една градежна парцела не ја опфаќа постојната градба во парцелата, искористувањето на правото на градење на планираната градба е условено со рушење и отстранување на постојната градба.

Доколку површината за градење опфаќа повеќе од 50% од површината на основата на приземниот спрат на постојната градба во парцелата, и доколку вклопувањето на постојната градба во новопланираната градба е можно и пожелно, во урбанистичкиот план може искористувањето на правото за градење да не е условено со рушење и отстранување на постојната градба.

7.13. Површина за градење како планска одредба во ДУП ќе се употребува на следниов начин:

- Во урбани подрачја со густа градба површината за градење е вообичаено целосно искористена за градење така што соодветствува со површината на основата на планираната градба,

- При планирање на површини за градење за групата на класи на намени А во урбанистички план квалитетот на домувањето на идните градби зависи од длабочината на површината за градење која го одредува степенот на природна осветленост и проветреност на становите, поради што:

- најквалитетно домување се постигнува во градби со двострано ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 9,00 до 12,00 м,

- помалку квалитетно домување се постигнува во градби со двострано ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 12,00 до 14,00 м,

- домување од уште понизок квалитет се постигнува во градби со едностранo ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 14,00 до 18,00 м,

- домување од неприфатливо низок квалитет се постигнува во градби со едностранo ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока над 18,00 м

7.14. При планирање на површини за градење за класите на намени Б1, Б4 и други класи на намени кои се остваруваат во канцелариски простори, доколку е познато програмското барање за тие намени, се препорачува ориентационо пресметување од најмалку 12 м2 развиена (спратна) корисна површина по вработен.

7.15. Диспозиција на површина за градење во градежната парцела и нејзино растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење, односно од начинот на групирање на градбите.

7.16. При калканско спојување на соседни градби, во ДУП-от, се предвидува и калканско

спојување на второстепена пластика.

7.17. Во зависност од историјата, обичаите, ендемските карактеристики и намена на блоковите, оградувањето може да биде:- со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 м до 2,00 м со можност за изведба на sидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м,- со транспарентна ограда со вкупна висина од 2,40 м со можност за изведба на sидан дел до висина од 1,80 м, за индустриски и други деловни намени, како и за институции каде што тоа е потребно,- со sидана ограда со висина до 2,40 м за градежни парцели кадешто обезбедувањето на поголем степен на сигурност е програмско барање, и- со зелена ограда односно ограда од живо зеленило со локално уредена висина, која во населени места може да биде од 0,60 м до најмногу 4,00 м, при што општо правило е дека оградувањето на градежните парцели не треба да ги наруши безбедноста и прегледноста на сообраќајниците, пристапноста кон градбите од јавен интерес, како и проодноста и социјабилноста на јавните простори (плоштади, паркови, пешачки зони и сл.).

7.18. Во спроведувањето на урбанистичките планови оградите се поставуваат по правило во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.

7.19. Процент на изграденост на земјиштето, (Р), е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежно земјиште е зафатен со градба. Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината за градење и вкупната површина на градежното земјиште на просторната единица изразен во процент. Кога се пресметува за градежна парцела, се зема површината зафатена со градба и површина на градежна парцела.Процент на изграденост на земјиштето, во планот изнесува Р = 17,45%

7.20. Коефициент на искористеност (К), на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежно земјиште. . Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето во урбанистички план се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица. Коефицент на искористеност (К), во планот изнесува К =0,86

7.21. Височината на нултата плоча за станбени згради чијашто градежна линија се совпаѓа со регулационата линија, и доколку и приземјата се станбени, треба да биде по правило од 0,60 – 1,60 м, за височината на парапетот на приземјето да биде над просечната височина на очите на минувачитеМаксимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби со мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20 м. Максимална височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот за сите градби кај кои градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, а намената на градбите ја квалификува градбата за јавна употреба е 15 см, при што височинската разлика со пристапната патека или тротоарот задолжително се совладува со континуиран пропишан наклон. Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

7.22. Бројот на потребните паркинг и гаражни места и димензионирањето на истите се пресметува според дадените нормативи:

Најмало паркинг место за паркирање на лесни возила за јавни паркинг простори и за сите намени, е со широчина од 2,50 м и должина 5,00 м, освен згради за домување до 10 стана, при што во оваа површина не може да навлегува ниту еден дел од градбата, опремата или инсталациите.

Паркинг местата од ставот кај кои од едната или обете подолжни страни има sид, столб или друг вертикален градежен елемент, ограда или опрема, се прошируваат за 0,30 м од страната на вертикалниот градежен елемент, при што кога градежниот елемент е од едната страна паркинг местото се проширува за 0,30 м, додека ако градежен елемент има од двете страни на паркинг местото, тоа се проширува за уште 0,20 м. Ова важи доколку

градежните елементи се наоѓаат во првата половина од длабочината на паркинг местото (2,50 м од пристапната површина кон паркингот), а доколку градежните елементи се во зоната на втората половина од длабочината, најмалите димензии на паркинг местото остануваат.

Димензиите на паркинг местото важат за паркирање под агол од 90 степени и тоа доколку широчината на пристапната комуникација до паркинг местото е поголема од 6,00 м. Доколку пристапната комуникација е широка од 5,60 до 6,00 м, паркинг местото се проширува за 0,30 м и изнесува 2,80 м.

Минималната широчина на комуникацијата за пристап до паркинг место за паркирање под агол од 90 степени е 5,60 м.

Минимални димензии на паркинг место за градежни парцели наменети за домување во градби до 10 стана е 2,40 м со 4,80 м, додека најмала широчина на пристапната комуникација до паркинг местото е 4,80 м, но овие две најмали вредности за широчина на паркинг местото и за пристапната комуникација не можат да се предвидуваат заедно истовремено за исто паркиралиште, туку употребата на едната минимална вредност повлекува употреба на поголема вредност на другата.

Минимални димензии за гаража за лесни возила е 3,00 м широчина и 6,00 м длабочина, сметајќи го светлиот простор помеѓу ѕидовите.

Површината за паркирање со пристап на едно патничко моторно возило со 4+1 седишта треба да изнесува од 25 до 35 м^2.

Површината за паркирање на велосипед треба да изнесува од 1,10 до 1,50 м^2.

Минималните димензии се применуваат при пресметувањето на потребниот број на паркинг места во процесот на изработување и спроведување на урбанистички план и урбанистички проект.

Начинот за пресметување на потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување односно за:

А2 – Домување - зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн,

Б1 - Мали комерцијални и деловни дејности- За продавници, дуќани и сл.: 1 паркинг место на 100 м2 од вкупно изградената површина,

А2 – Домување во станбени згради - За станбени згради од класата на намени А2 препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичани, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања

7.23. Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствената градежна парцела со почитување на потребниот број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

7.24. Улиците во планскиот опфат спаѓаат во секундарна мрежа на улици која ги опфаќа:

- сервисни улици и
- станбени улици,

Во секундарната мрежа на улици спаѓа и следната некатегоризирана сообраќајна инфрастурктура:

- пристапни улици,
- интегрирани сообраќајни површини и колско-пешачки улици,
- пешачки улици и патеки,
- велосипедски улици и патеки,
- нужни и службени пристапи,

7.24 Во урбанистичкиот план се утврдуваат сите промени на попречниот профил на улицата.

Широчината на сообраќајната лента зависи од категоријата на улицата и планираната пропусна моќ, и нејзината минимална и максимална широчина изнесуваат за:

- сервисна улица 3,00 - 3,25 м
- станбена улица 2,75 - 3,00 м
- индустриска улица 3,50 - 3,75 м

Најмалата широчина на пешачката патека е:

- 1,50м, доколку патеката е одвоена од улицата, во слободен простор односно урбано зеленило,
- 2,40м, доколку патеката поминува помеѓу градежни парцели, и
- 4,00м, доколку патеката е помеќу градби односно помеѓу граници на градежните парцели што се совпаѓаат со градежни линии.

Најмалата широчина на тротоарите од улиците на градските примарни улични мрежи освен транзитна магистрала е 4,50м, додека за магистралната улица низ село најмалата широчина на тротоарот во услови на неизграден уличен фронт е 2,00м.

7.25 Во предметниот ДУП, потребно е да се обезбедат и уредат системи на зелени инфраструктури во граница на планскиот опфат. Видови и категоризација на зелена урбана која се предвидува се Зелени површини со ограничена намена и тоа дворно зеленило.

7.26 Согласно Закон за зеленило, во граница на секоја градежна парцела е потребно да се обезбеди мин 20% зеленило.

7.27 За непречено движење на лица со посебни потреби, потребно е да се преземат мерки за спречување на бариери во урбаниот простор.

7.28 Однесување на ѓубре ќе биде преку контејнери поставени во посебно изградени боксови предвидени во слободниот простор околу објектите, на места погодни да се дојде со возила за транспорт на истите.

7.29 Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјална култура на Р.М. треба да се постапи согласно со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/11, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 192/15, 39/16, 11/18).

7.30 Режим на употреба на води во планскиот опфат, начин на испуштање на отпадни материи и загадени води, мора да биде под строга контрола и во согласност со концепт на одржлив развој.

7.31 При изградба на објекти потребно е да се обезбедени заштитни безбедоносни растојанија од инфраструктурни објекти и водови (водоводна инфраструктура, фекална и атмосферска канализација) исто така, инвеститор при гадба, треба да се обезбеди непречен пристап при интервенција за отклонување на дефект.

7.32 Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземна водоводна инфраструктура, фекална канализација, кои се во функција) а истите представуваат пречка за градба, потребно е истата да се дислоцира на сметка на инвеститор.

7.33 Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземна електрична мрежа, кои се во функција, а се јави потреба да се дислоцираат, истото ќе биде во договор со надлежната институција која стопанисува со нив. Се предвидува каблирање на сите надземни водови, со планирање на заштитен појас во зависност од напонот на водот.

7.34 Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземни интернет и телекомуникациоски водови, кои се во функција, а представуваат пречка во градење, потребно е истата да се дислоцираат во договор со надлежна институција.

7.35 Услов за изградба на планираните градежни површини е претходно реализирана дислокација на инфраструктурните водови кои поминуваат под новопроектирани објекти. За промена или дислокација на електроенергетски објекти и инфраструктура, претходно е потребно да бидат исполнети услови за промена или дислокација, односно инвеститорот е должен да поднесе барање и да ги надомести трошоците за истото.

7.36 Подземна градежна линија член ја означува границата на градењето под котата на теренот кога таа не се совпаѓа со градежната линија, како и градбите што се планираат да се градат целосно под котата на теренот.

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

8.1. Предметниот планскиот опфат зафаќа површина од **7420,08 м^2**

8.2. Во планскиот опфат се предвидува изградба на објекти со намена:

- **А2 – ЗГРАДИ ЗА ДОМУВАЊЕ**
- **Б1 – МАЛИ ЕДИНИЦИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ**

8.3. Покрај основната класа на намена, за сите парцели во планскиот опфат со основна класа на намена се предвидуваат компатибилни класи со процент на учество од макс.40%.

8.4. Посебни услови за сите градежни парцели во планскит опфат:

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1

- Намена – А2 – Згради за домување
- Површина на парцела – 700,29 m2
- Површина за градба – 362,80 m2
- Развиена површина за градба – 2176,80 m2
- Процент на изграденост – 52 %
- Коефициент на искористеност – 3,11
- Максимална висина на венец –H=20,1m,
- Катна висина – П+5,
- Компатибилна класа на намена: Б1, Б2 (макс.40%)
- Влез во парцела - од станбена ул.„Борис Кидрич“
- Кота на нулта плоча – мах. +1.2м
- Висина на слеме – макс.4,50м
- Тип на кров - кос, рамен, мансарден
- Место на паркирање – во парцела
- Потребниот број паркинг места ќе се утврди во зависност од специфичните потреби, локација и услови во во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Предвидено е паркирање во рамките на сопствена парцела.
- Начинот на пресметување на најмалиот потребен број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, односно за А2, зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн,
- -за станбени згради од класата на намени А2 препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,
- При планирањето на паркиралишта во урбанистички планови се предвидува

потребен број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува од 10 – 30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежните парцели, а кои се планираат на земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежното земјиште.

- Се дозволува подземна градба,означена со подземна градежна линија на површината на целата градежна парцела.
- Дозволени пречекорувања ќе бидат по цела должина и широчина на објектот, но не повеќе од 80% од вкупната површина на фасада.
- Услов за изградба на планираните градежни површини е претходно реализирана дислокација на инфраструктурните водови кои поминуваат под новопроектирани објекти. За промена или дислокација на електроенергетски објекти и инфраструктура, претходно е потребно да бидат исполнети услови за промена или дислокација, односно инвеститорот е должен да поднесе барање и да ги надомести трошоците за истото.
- Потребно е да се обезбеди мин. 20% зеленило во ГП
- Планските одредби за отворите се корелативни со планските одредби за површината за градење: - Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е 0,00 м, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата кон границата на градежната парцела,

- Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 м дозволени се помошни отвори за вентилација и дневно светло со парапет од најмалку 1,60 метри,
- Кога растојанието е поголемо од 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата со парапет висок од 0,00 до 1,60 м.

- Корелативните одредби важат и за отворите кои се наоѓаат на еркери односно конзолни испакнувања на второстепената архитектонска пластика, во кој случај меродавни се растојанијата од еркерите до границите на градежната парцела.
- Височината на нултата плоча за станбени згради чијашто градежна линија се совпаѓа со регулационата линија, и доколку и приземјата се станбени, треба да биде по правило од 0,60 – 1,60 м, за височината на парапетот на приземјето да биде над просечната височина на очите на минувачите,
- Максимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби со мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20
- Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 2

- Намена – А2 – Згради за домување
- Површина на парцела – 1347,27 m2
- Површина за градба – 634,25 m2
- Развиена површина за градба – 3805,5 m2
- Процент на изграденост – 47%
- Коефициент на искористеност – 2,82
- Максимална висина на венец –H=20,1m
- Катна висина – П+5,
- Компатибилна класа на намена: Б1, Б2 (макс.40%)
- Влез во парцела - од станбена ул.„Борис Кидрич“
- Кота на нулта плоча –мах. +1.2м
- Висина на слеме – макс.4,50м
- Тип на кров - кос, рамен, мансарден
- Место на паркирање – во парцела
- Потребниот број паркинг места ќе се утврди во зависност од специфичните потреби, локација и услови во во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Предвидено е паркирање во рамките на сопствена парцела.
- Начинот на пресметување на најмалиот потребен број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, односно за А2, зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн,
- За станбени згради од класата на намени А2 препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,
- Се дозволува подземна градба на површината на целата градежна парцела.
- Дозволени пречекорувања ќе бидат по цела должина и широчина на објектот, но не повеќе од 80% од вкупната површина на фасада.
- Услов за изградба на планираните градежни површини е претходно реализирана дислокација на инфраструктурните водови кои поминуваат под новопроектирани објекти. За промена или дислокација на електроенергетски објекти и инфраструктура, претходно е потребно да бидат исполнети услови за промена или дислокација, односно инвеститорот е должен да поднесе барање и да ги надомести трошоците за истото.
- Потребно е да се обезбеди мин. 20% зеленило во ГП
- Планските одредби за отворите се корелативни со планските одредби за површината за градење: - Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е 0,00 м, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата кон границата на градежната парцела,

- Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 м дозволени се помошни отвори за вентилација и дневно светло со парапет од најмалку 1,60 метри,
- Кога растојанието е поголемо од 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа

страна од градбата со парапет висок од 0,00 до 1,60 м.

- Корелативните одредби важат и за отворите кои се наоѓаат на еркери односно конзолни испакнувања на второстепената архитектонска пластика, во кој случај меродавни се растојанијата од еркерите до границите на градежната парцела.
- Височината на нултата плоча за станбени згради чијашто градежна линија се совпаѓа со регулационата линија, и доколку и приземјата се станбени, треба да биде по правило од 0,60 – 1,60 м, за височината на парапетот на приземјето да биде над просечната височина на очите на минувачите,
- Максимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби со мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20
- Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 3

- Намена – Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности
- Површина на парцела – 356,22 m2
- Површина за градба – 356,22 m2
- Развиена површина за градба – 712,44 m2
- Процент на изграденост – 100%
- Коефициент на искористеност – 2
- Максимална висина на венец–H=8m,
- Катна висина – П+1,
- Тип на кров - кос, рамен, мансарден
- Место на паркирање – ул. „Борис Кидрич“
- Влез во парцела - од станбена ул.„Борис Кидрич“
- Кота на нулта плоча – кота на приземје во однос на котата на тротоарот од улицата која се пристапува може да изнесува од +15цм (за деловен простор)
- Потребниот број паркинг места ќе се утврди во зависност од специфичните потреби, локација и услови во во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Предвидено е паркирање во рамките на сопствена парцела.
- Начинот на пресметување на најмалиот потребен број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, односно за Б1 – за продавници, дуќани и сл.: 1 паркинг место на 100м2 од вкупно изградената површина
- Минималниот број на паркинг места за велосипеди за Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ зависи од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,
- Услов за изградба на планираните градежни површини е претходно реализирана дислокација на инфраструктурните водови кои поминуваат под новопроектирани објекти. За промена или дислокација на електроенергетски објекти и инфраструктура, претходно е потребно да бидат исполнети услови за промена или дислокација, односно инвеститорот е должен да поднесе барање и да ги надомести трошоците за истото.
- Се дозволува подземна градба на површината на целата градежна парцела.
- Дозволени пречекорувања ќе бидат по цела должина и широчина на објектот, но не повеќе од 80% од вкупната површина на фасада.

- Потребно е да се обезбеди мин. 20% зеленило во ГП
- Планските одредби за отворите се корелативни со планските одредби за површината за градење: - Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е 0,00 м, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата кон границата на градежната парцела,

- Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 м дозволени се помошни отвори за вентилација и дневно светло со парапет од најмалку 1,60 метри,
- Кога растојанието е поголемо од 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата со парапет висок од 0,00 до 1,60 м.

- Корелативните одредби важат и за отворите кои се наоѓаат на еркери односно конзолни испакнувања на второстепената архитектонска пластика, во кој случај меродавни се растојанијата од еркерите до границите на градежната парцела.
- Максимална височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот за сите градби кај кои градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, а намената на градбите ја квалификува градбата за јавна употреба е 15 см, при што височинската разлика со пристапната патека или тротоарот задолжително се совладува со континуиран пропишан наклон.
- Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

9.1. Мерки за заштита и специфични услови и уредување на плански опфати

Планскиот опфат на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01, ОПШТИНА ШТИП зафаќа површина од 7420,08м^2.

Во него се застапени површини со основна намена А, во граници и нормативи кои се дадени во важечкиот Правилник.

При планирањето се почитувани сите нормативи дадени во Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23, 7/25).

9.2. Мерки за заштита на животната средина и природата

Право и должност на Република Македонија и секоја Општина во неа, како и на сите правни и физички лица, е да обезбедат услови за здрава животна средина заради остварување на човекови права на здрава и чиста животна средина, регулирани и пропишани со **Закон за животна средина** (Службен весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16).

Во рамките на планскиот опфат се предвидуваат површини со намена домување и престој, деловни и комерцијални намени и инфраструктури и зеленило, рекреација и меморијалнипростори со можност за компатибилни класи на намена, согласно законската регулатива, како и сообраќајни површини.

Секој корисник на овој плански опфат е должен при преземање на активности или вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на природата и животната средина.

Кај постоечките и новопредвидените површини за градба, нема да има позначајни загадувачи на човековата околина. Единственото загадување може да дојде од сообраќајот и затоплувањето на објектите.

На подрачјето на планскиот опфат може да се изврши поделба на основните групи на загадување, со дадени основни смерници и мерки на заштита на истите:

- ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ ОД ГРЕЈНИ ТЕЛА (ОГРЕВ)
- Загадување на воздухот од моторни возила

9.3. Заштита на воздухот

За аерозагадување може да се зборува доколку една или повеќе загадувачки материи се во таква количина и толку долго во воздухот што стануваат штетни за луѓето, животните и растенијата.

Минимално аерозагадување ќе се јави во грејните сезони кога се испуштаат отпадни материи од оџаците на објектите.

Со сигурност не може да се одреди реалниот ефект и последици по средината, односно санитарната состојба на воздухот. Врз основа на карактерот на површини за градба, се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои

изразено загадување со штетни материи на воздухот на предметната територија.

Мерки и заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- Обезбедени се услови за ефикасно природно проветрување;
- Подобрена е состојбата на зелени површини со правилен распоред, создавање на поврзан систем на зелени површини на локацијата;
- Потребна е постојана контрола на загадувачите на атмосферата;
- Користење на горива кои содржат помалки штетни состојки;
- Контрола на загадувачите на атмосферата и донесување програми за отстранување на причините за загадувањето

9.4. 9.2.2.Заштита од бучава

Управување со бучавата во животната средина и заштита од бучавата во животната средина, е предмет на уредување на **Законот за заштита од бучава во животна средина** (Сл. весник на Р.М. бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15).

Цел на Законот е да се создадат здрави услови за живот на луѓето и заштита на животна средина од бучава.

Бучавата претставува значаен фактор со неповолно влијание што поизразито се манифестира во последните децении како резултат на зголемен број на возила.

Според меѓународните стандарди и нормативи, нивото на бучавата дозволено во урбаните подрачја е до 60 децибели.

Намалување на бучавата од сообраќајот, кој се одвива по сите сообраќајници, во опфатот може да се направи на следниве начини:

- Спречување на бучавата на самиот извор;
- Спречување на изложување на луѓето на бучава со лични заштитни средства.

9.5. Заштита на води

Еден од основните приоритети на заштитата на животната средина, е заштита на водите. Режим на употреба на води во планскиот опфат, начин на испуштање на отпадни материи и загадени води, мора да биде под строга контрола и во согласност со концепт на одржлив развој. Во рамките на планскиот опфат единственото загадување на водите е од отпадните води.

Задолжително е да се испитуваат отпадни води пред испуштање во најблискот природен реципиент. Затоа е потребна изградба на канализациони системи за прифаќање на истите.

За предметниот ДУП потребно е:

- Проектирање и изведување на канализациона мрежа, според важечки прописи и стандарди;
- Мерки за испитување на квалитетот на водите;
- Водотеци - земање узорци и мерење на квалитетот на водата;
- Мерки на објектите кои ја загадуваат водата;
- Заштита на квалитет на водата на самите изворишта на загадување.

Потребно е рационално и економично користење на водата при што треба да се води сметка за одржување и подобрување на режимот на водите.

9.6. Заштита на земјиштето во загрозени подрачја

Мерки за заштита на земјиштето во загрозените подрачја:

- Планско уредување на земјиштето на места загрозени со подземни води, отпадните води, депонирање на смет;
- Во заштитените зони да се спроведат мерки за заштита во зависност од видот на загадувачите;
- Заштита на фауната и флората, со обновување на шумскиот фонд и зелените површини во целото опкружување.

9.7. Мерки за заштита од пожари

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, управен, надзорен, технички, образовно воспитен и пропаганден карактер. За поуспешно спроведување на мерки за заштита од пожар, се користат смерници од **Законот за заштита и спасување** (Сл. Весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18), **Закон за пожарникарство** (Сл. Весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16, пречистен текст 168/17**), Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи** (Сл. Весник на Р.М. бр.32/11), **Правилник за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти** (Сл. Весник на Р.М. бр.94/09), **Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари** (Сл. Весник на Р.М. бр. 31/06), **Правилник за суштинските барања за градежните објекти** (Сл. Весник на Р.М. бр.74/06), **Правилник за изборот на видовите и на колишините на противпожарните апарати** со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарни апарати (Сл. Весник на Р.М. бр.105/05),

Правилник за начинот на определување на места за кои задолжително треба да се наоѓат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивно одржувањево исправна состојба, посебното обележување и достапност за употреба (Сл. Весник на Р.М. бр. 74/06, 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Заради што поуспешна заштита од пожар потребно е објектите да се градат согласно сите законски нормативи и мерки, потребно е да се овозможи непречено движење на противпожарно возило околу секој објект и да се предвиди засебна надворешна, хидрантска мрежа.

Во Детален урбанистички план на дел од урбана единица ЦЕ 01.01, Општина Штип, заради остварување на поуспешна заштита од пожари се предвидуваат соодветни мерки за заштита, а особено за:

1. Изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти (хидранти и слично) кои обезбедуваат доволно количество вода за гасење на пожари
2. Широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гасењето на пожарите.
3. Широчината на сообраќајниците во планскиот опфат се изработени согласно важечкиот Правилникот. Со изработка на изведбен проект ќе се определат висините на рабниците на улиците.
4. Оддалеченост на објектите со различна намена, отпорноста на пожари на конструкцијата во зоната на комерицијалните објекти, ќе се овозможат мерки за заштита од пожари.

4. За функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:
   - Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства,
   - Обезбедување на противпожарни пречки,
Просторот кој треба да се изработи зафаќа дел од постојна станбената населба "Горно Маало", дел од У.Е. 7 со содржини и основна намена дадена во ГУП - постојно домување.

Цели на изработка на ДУП:

Целта на оваа изработка на ДУП за овој дел на Општина Штип (дел од нас. "Горно Маало", дел од УЕ 7, опфат помеѓу улиците "Борис Кидрич", "Тодор Чучков" и "Партизанска"), е оформување на подобра урбанистичка структура прилагодена на современите инвестициски текови. Имено, поради поголемиот број на субстандардни објекти присутни во овој реон, потребно е реоформување на оваа структура, која се надополнува со нова организациона шема прилагодена врз реалните ("на лице место") состојби, како и веќе важечките планирани развојни насоки (постоен ДУП).

Извод од ГУП:

За концептот на урбаните единици (У.Е.):

...Заради полесна кооперативност при изработката на ДУП каде големината на опфатот на плановите ќе се движи од 5-20 ха, е анализирана и поделата на градот на урбани единици.

Изработената поделба на урбани единици не претставуваат посебни функционални целини, туку поделбата е направена како територијално уситнета поделба. При изработката на ДУП на урбаните единици ќе мора да се почитуваат поголемите територијални поделби со своите содржини, намена на објектите и функционалност. Границата на урбаните единици обично се дефинира со сообраќајница, речно корито или граница на повисока зона...

За дел од У.Е бр.7:

Опфатот на планот се дефинира со следните граници:

- *Од север границата започнува од пресечната точка на осовините на улицата "Борис Кидрич" и осовината на бул. "Партизанска" (крстосница Дујле) и на северозапад оди по осовината на бул. "Партизанска" до пресечната точка со осовината на ул. "Тодор Чучков";*
- *Од север и североисток границата почнува од гореспоменатата крстосница Дујле и оди по осовината на ул. "Борис Кидрич" на исток сé до пресечната точка со ул. "Никола Чаулев";*
- *На југ и југозапад границата оди по осовината на ул."Никола Чаулев" и "Тодор Чучков" се до пресечната точка со осовината на бул. "Партизанска".*

Намена на земјиштето и градбите:

Основа за изработка на Планската документација е стратегијата за наменска употреба на земјиштето според оваа Планска програма.

Во дефинираниот опфат да се предвидат објекти со следните класи нанамени:

- *Домување во станбени згради - А2, со процентуално учество на компатибилни класи на намена според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12);*
- *Домување во станбени куќи - А1, со процентуално учество на компатибилни класи на намена според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12);*
- *Групно домување - А3, со процентуално учество на компатибилни класи на намена според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12);*
- *Јавни институции - В:*
    - *постоен историски архив - В4 - да се предвиди идно проширување - доградба според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12) и да се изработат заштитно конзерваторски основи како заштитено добро "ex lege";*

- *Постоен центар за социјална работа – В2 – да се превиди надградба над постојниот габарит со висина според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12);*

- *Мали комерцијални и деловни намени - Б1 и големи трговски единици - Б2 со процентуално учество на компатибилни класи на намена според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12);*

- *При планирањето на максималните површини за градба да се задоволи условот за потребниот број на паркинг места согласно поглавие 10-паркирање и гаражирање од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12);*

- *Сообраќајниот пристап до предметниот опфат е преку сообраќајниците - станбените улици по кои оди опфатот "Борис Кидрич", "Тодор Чучков" и градската магистрала ГМ 2 - "Партизанска". Доколку постоечката сообраќајна инфраструктура не ги задоволува потребите на постојните и идните градби, истите да се планираат согласно поглавие 11 и 12 од Правилниикот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12);*

- *Инфраструктурните решенија за електрично напојување, водовод и канализација да ги задоволат планираните потреби на новите плански решенија;*

- *Во рамките на планскиот опфат да се предвидат конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет.*

Планот да се изработи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05,137/07, 91/09; 124/10; 18/11 и 53/11) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12).

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Наменска употреба на градежното земјиште во планскиот опфат

Површината на опфатот на овој план во рамките на усвоениот ГУП претставува класа на намени - домување (А).

Со предложениот ДУП во границата на опфатот површината е наменета за домување (А) со компатибилните класи на намени на основната класа на намена и тоа:

- Основна класа на намена А1 (домување во станбени куќи) со компатибилни класи на намена: Б1, В1, Д3 и Б5 со мах. 30% учество во однос на основната класа на намена;

- Основна класа на намена А2 (домување во станбени згради) со компатибилни класи на намена: Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4 и Д3 со мах. 40% учество во однос на основната класа на намена;
- Основна класа на намена А3 (групно домување) со компатибилни класи на намена: Б1, Б2, В1, В2, В3 и Д3 со мах. 20% учество во однос на основната класа на намена;
- Основна класа на намена А4 (времено сместување) со компатибилни класи на намена: Б1, Б3, В2 и Д3 со мах. 30% учество во однос на основната класа на намена;

Простор наменет за домување

Површината на опфатот изнесува 5.70 ха и опфаќа густо изградено старо градско јадро претежно со индивидуално домување. На овој простор има 150 урбанистички парцели. Некои од нив се помали од пропишаните стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, но така се вклопени со важечкиот ДУП, а некои се така реализирани.

Поголем дел од објектите се обновени, но голем е и делот со многу стари и супстандардни објекти со лоши услови за живеење.

Максимална височина на градба

Висината на објектите во опфатот ќе се движат различно во зависност постојната состојба на теренот, конфигурацијата на теренот и од намените на објектите кои се детално дадени погоре во табелата. Истата се движи од 3,0 м на трафостаниците, до максимум 14.0 м. на објектите за колективно домување и претставува висината од котата на тротоар или пристапната улица која се зема за нулта точка, па се до завршниот венец на објектот.

План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12; 126/12 и19/13) и се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот блок за одредена намена, односно помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба..

Во целиот зафат за регулациона линија е земена внатрешната линија на тротоарот.

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајницата,

Градежната линија е планска одредба која претставува граница на површината на градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

Урбанистичко архитектонски услови за градба

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

Процентот на изграденост на парцелите како и коефициентот на искористување на земјиштето поставени се во зависност од намената на објектите, а се во рамките на дозволените параметри според Правилникот.

Максималните габарити на архитектонските елементи треба да се движат внатре во веќе опишаните граници. Истите ќе бидат утврдени со изработката на идејните решенија на објектите.

Архитектонска обработка на фасадите на објектите, крововите и друго ќе биде со примена на нови градежни материјали и примена на нови технологии на градење. Покривањето треба да биде со коси кровови со оглед на големите температурни разлики на поднебјето, со мах. нагиб од 1:3.

Пристапот до објектите ќе биде решен со пешачки пристапни патеки и со колски приоди за моторни и товарни возила, во зависност од местоположбата и конфигурацијата на теренот.

Паркирањето да биде решено внатре во секоја парцела према нормативите за паркирање. Има парцели каде не може да се пријде до објектите со возило или парцелите се многу мали и нема можност за паркирање во парцела.

Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за лица со инвалидитет

Во планските решенија да се вградат условите за движење на лица со инвалидитет согласно поглавје 13, член 77, 78, 79, 80 и 81 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр 63/12; 126/12 и 119/13), а сé со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на лица со инвалидитет на градежно земјиште наменето за општа употреба и условите за градење на градби од класите на намена А, Б и В.

Сообраќајно решение

Во однос на сообраќајното решение - пристап до овие објекти, тие сите имаат добар пристап од улиците кон кои гравитираат. Колскиот пристап до објектите ќе се одвива исклучиво од улиците од секундарната улична мрежа-станбените улици и пристапните улици. Инаку овој опфат го заобиколуваат двете фреквенти улици во градот: градската магистрална улица "Партизанска" и сервисната улица "Борис Кидрич". Секундарна улична мрежа се развива внатре во зоната.

Примарна мрежа на улици:

Ширината на градските магистрални улици тип б према ГУП е: 2х 7.50 метри коловоз со разделно зеленило од 5.0 м., 2х2.5м велосипедска патека, 2х3.0м. дрворед и 2х4.0 м тротоар или вкупна ширина од 39.0 метри. Градска магистрална улица во овој опфат е бул. "Партизанска".

Ширината на собирните улици према ГУП е 7.0 метри коловоз со 2х4.0 метри тротоар. Мал дел од собирната ул. "Вардарска" е во овој опфат (тоа е мал дел од спојот на ул. "Борис Кидрич" до крстосницата "Дујле" и всушност влегува во зоната на крстосницата).

Секундарна мрежа на улици:

Ширината на сервисните улици према Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12 и 126/12) изнесува 6.0 метри коловоз и 2х1.5 метри тротоар или попречниот профил на сервисната улица изнесува минимум 9.0 метри.

Профилот на сервисната **ул."Б. Кидрич"** во овој ДУП е предвидена со поширок профил од минималниот за сервисна улица и тоа: 7.0м коловоз и тротоари пошироки од 1.5м. кои некаде достигнуваат ширина и 3.0 метри. Оваа улица во недостиг на реализирани улици од примарната улична мрежа е многу фреквентна и добро е да има пошироки тротоари и коловоз.

Сервисната улица **"9 Мај"** е со широчина на коловозот од 6.0 метри и 2x1.5 м. тротоари. Таа е постојна сообраќајница.

Сервисната улица **"Партизанска - крак"** е со широчина на коловозот од 6.0 метри и 2x1.5 м. тротоари.

Ширината на станбените улици према ГУП изнесува најмалку 5.5 метри коловоз и 2x1.5 метри тротоар.

Станбените улици **ул."Сане Ѓеоргиев", "Тодор Чучков" и "Никола Чаулев"** се со идентичен профил на улици - коловоз од 5.5м и тротоари со 2x1.5м со одредени проширувања каде за тоа има услови и према границата на сопственост на парцелите.

Минималната широчина на пристапната улица изнесува 5.5 метри. Пристапни улици во овој опфат се улиците: "Ѓошо Сланката", ул."9-ти мај - крак", ул. "Сане Георгиев - крак".

Профилите на сите сообраќајници дадени се во графичките прилози и се изработени спрема стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

Пешачките улици и тротоарите ќе се обработуваат (поплочуваат) со материјали кои го оплеменуваат просторот. Максимално да се избегнува обработката на тротоарите со асфалт, а постојните асфалтирани тротоари постепено да се заменуваат со материјали кои нема да имаат негативно влијание врз животната средина. Ивичниците кои го одвојуваат сообраќајното од пешачкото движење треба да се планираат со оборени ивици во однос на сообраќајницата.

Потребата од паркирање за станарите на станбените објекти ќе се решава исклучиво во сопствените парцели и објекти во дворните места, во подрумските или приземниот дел, а потребниот број на паркинг места и димензионирање на истите ќе се врши согласно поглавие 10. Паркирање и гаражирање член 61 од од Правилникот за стандарди и нормативи за урб. планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12; 126/12 и 19/13).

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Големината на радиусите на хоризонталните кривини во зависност од категоризацијата на уличната мрежа се во согласност со чл. 74 од Правилникот.

Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

Водовод

Во предвидениот опфат потребно е да се промени целата водоводна инсталација која е изведена со поцинкувани и АЦ цевки. АЦ цевка ф300 по булевар Партизанска да се замени со ПЕ цевка НД315мм.

Канализациона инфраструктура

Поради фактот што поголемиот дел од канализационата инсталација е изведен со керамички цевки со мал профил потребно е дел од инсталацијата да се замени, дел да се дислоцира. Најмалиот профил кој треба да се користи за улична канализација е ф200мм(НД250мм).

Планирана ел. енергетска инсталација, улично осветлување и телефонска инсталација

Енергетска инфраструктура

Со новопреоктираната парцелација на дел од населба "ГОРНО МААЛО" Општина-Штип опфат помегу ул. "Партизанска" ", ул. "Борис Кидрич", ", ул. "Тодор Чучков", ќе доведе до зголемување на станбените објекти, угостителство, услуги, занаети, трговија, административни функции и др. а со тоа и до зголемување на потрошувачката на електрична енергија. Трендот на потрошувачка на електрична енергија продолжува, па затоа изградба на нова високонапонска мрежа со трансформаторски станици, нисконапонска мрежа, улично осветление и телефонски развод е неопходно.

Со новопроектираната парцелизација на дел од населба "ГОРНО МААЛО" Општина-Штип прикажани се постојни ТС 10/0,4 кВ кој сега моментално целосно или дел од нив го напојува овој дел од градот.

Електричната високонапонска мрежа со трансформаторски станици, нисконапонска мрежа, улично осветление и телефонски развод и потребите од планираната едновремена снага за сите објекти се димензионирани према следните параметри:

Домување

Пен=Пен´ +Пен"

Пен´=Фн´+Пе´хн Фн´ = Ф~´ + 1-Ф´~ = 0.233

Пен"=Фн"+Пе"хн Фн" = Ф"~" + 1-Ф"~ = 0.905

Пен - вкупна едновремена електрична снага домување

Пен´ - едновремена електрична снага за "Н" станови

Пен" - едновремена електрична снага за затоплување

Пен´ - едновремена електрична снага за просечен стан Пе" = 13кЊ

Пен" - едновренена електрична снага за просечен стан за затоплување Пе=2,5кЊ

Ф´~ = 0.233 број на станови 542

Ф"~ = 0.905 затоплување

Фн´ и Фн" - фактор на едновременоста за "Н" станови.

Едновремената електрична снага за домување Пен = 2868 кЊ за останатите предвидени функции, едновремени функции едновремена електрична снага се пресметува спрема нето површина и следните карактеристики:

- за угостителство, туризам.услуги..... 0,14кЊ/м^2
- за занаети, трговија,образование..... 0, 1кЊ/м^2
- за административни општествени функции ..... 0,08кЊ/м^2
- за спортски објекти .... 0,07кЊ/м^2

Едновремената снага за останатите функции изнесува 168 кЊ

Вкупната потребна едновремена снага за локалитетот изнесува 3036 кЊ.

Према тоа објектите ќе се напојуваат од постојните трафостаници ТЦ10/0,4кВ постојаната високонапонска електрична мрежа, улично осветление и телефонска инсталација, а сега постојат ТЦ 10/0,4кВ;1х630 кВА на улица "Охридска", ТЦ 10/0,4кВ;1ц630 кВА на улица "Санде Горгиев"; ТЦ 10/0,4кВ;1х630 кВА на улица "Борис Кидрич" кои остануваат како такви, а се предува изградба на нова ТЦ 10/0.4 кВ; 2х1000 кВА на улица "Сане Горгиев" и ул. "Партизанска-крак", исто така се предвидува високонапонска електрична мрежа со подземни каблови

поврзани меѓусебно во ринг за сигурносно напојување. Сигурноста односно континуитетот во напојувањето е еден од елементите на квалитетно напојување на потрошувачката со електрична енергија. Пресекот на 10кВ кабел и точната траса на полагање ќе се одреди со изработка на главниот проект за енергетско напојување.

Нисконапонскиот развод ќе се води кабловски, на надземни бетонски столбови со самоносиви каблови во зависност од потребната електрична енергија на објектите и теренот.

Улично осветление

Сообраќајниците во локалитетот во поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

За улично осветление ќе се користат металхалогени и живини светилки поставени на бетонски столбови према пропишаните прописи и светлотехнички барања за тој вид на сообраќајници. Распоредот на уличните столбови и нивните поврзувања ќе се одреди со главен проект за улично осветлување.

Комуникациска инфраструктура

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ИСДН линии, АДСЛ, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и надземна мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучници, од првостепено значење се намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со А.Д. "Македонски Телекомуникации" - подружница Штип.

- Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за лица со инвалидитет

Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на лица со инвалидитет се предвидува да се постави рампа за движење на инвалидизирани лица посебно пред влезовите во објектите наменети за колективно домување, јавните и комерцијалните објекти

Мерки за заштита

Мерки за заштита според Заштитно конзерваторските основи бр. 07-399/2 од 26.12.2011 г.

...." 6. Мерки за заштита

6.1. Валоризација

Во рамките н азаштитеното подрачје постои објект заштитен ex lege – законска обврска согласно Законот з азаштита на културното наследство 20/04, за стекнување статус на културно наследство заштитено врз основа на закон односно воспоставување заштита на недвижно културно наследство на згради чија главна и ефективна намена е чување или изложување на движно културно наследство, архивска граѓа.

6.2. Категоризација

Предвидена е следната категоризација:

НАЗИВ	АДРЕСА	КАТЕГОРИЈА СПОРЕД ЗАГРОЗЕНОСТ	КАТЕГОРИЈА СПОРЕД ЗНАЧЕЊЕ
Јавен објект Архив на Македонија Подрано одделение - Штип	Ул. "Сане Георгиев" 36 КП 4547	Незагрозено културно наследство	Значајно културно наследство

6.3. Режим на заштита

6.3.1. Режим на заштита на културното наследство

Се предлага **режим на заштита од втор степен** кој подразбира зачувување на изворната состојба и можност за адаптација на ентериерот, работи на ревитализација, уредување или изградба на нови објекти на празната локација под одредени услови. Поради можност од зголемување на фондот на архивска граѓа или други причини, ќе постои потреба од нов објект или проширување на постоечкиот. Бидејќи парцелата на која се наоѓа доброто е доволно голема се дозволува изградба, но без нарушување на постојниот изглед.

Режим на заштита на урбаниот опфат

Бидејќи во предметниот опфат постојат индивидуални објекти за домување без архитектонски карактеристики, режимот н азаштита ќе биде следниот:

Зачувување на габаритот, висините да не бидат поголеми од културното добро, во парцелите може да се прават доградби во согласност со урбанистите. Објектите кои се стари и сопствениците сакаат да ги рушат и градат нови постојат услови за нова градба, со запазување на постоечката градежна и регулациона линија на објектот.

6.3.2. Режим на заштита на контактната зона

Се предлага режим на заштита од трет степен....."

Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 5.70 ха и е изградена површина.

Основен загадувач на просторот претставува постоењето на моторен сообраќај. Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата и камионите кои се движат по постојните улици и внатре во комплексот.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва и мерки за заштита

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример вработени, посетители, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 5.5 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 100 - 300 м постои ПП дом.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

Мерки за заштита и спасување

За дадениот плански опфат, за изработка ДУП "ГОРНО МААЛО", дел од урбан блок бр. 7, се предвидени мерки за заштита и спасување, врз основа на член 53 став 2 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М бр 36/04 и 49/04) со специјална уредба е одреден начинот и примената на мерките за заштита и спасување. Со оваа уредба се уредува начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување при планирањето и уредувањето на просторот и населбите во проектите и при изградба на објектите, како и учеството во техничкиот преглед на изградените објекти.

Со изработка на детаљниот урбанистички план, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз основа на проценатa на загрозеност на опфатот за кој се изработува деталниот урбанистички план.

5. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

Донесувањето на овој ДУП ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на подобрување на животниот стандард и квалитет на живеење на луѓето, повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.

Изработката на овој ДУП е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

6. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. Плански опфат е подрачје уредено со урбанистички план.
2. Граница на планскиот опфат е планска одредба која се уредува со урбанистички план и е граница на подрачје наменето за градење.
3. Градежно земјиште е земјиште чија што намена и начин на уредување, градење и користење се утврдува со урбанистички план.
4. Градежната парцела е основна и најмала единица на градежното земјиште ограничена со регулаторните линии: граница на градежна парцела и регулациона линија.
5. Граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистичкиот план е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.
6. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.
7. Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12 и 126/12) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. в. на РМ бр. 78/06) и се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.
   Во максималната бруто развиена површина на сите градби не е вклучена површината на конзолите.
8. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

9. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.
10. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните лица.
11. Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие услови што се составен дел на документацијата.
12. Основен, а воедно и доминантен вид на градба во овој опфат се индивидуалните станбени куќи, кои се изградени објекти.
13. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12, 126/12) и се дадени во табелата во нумеричкиот дел на планот за секоја парцела оделно.
    Има отстапување од дозволениот процент на изграденост но тоа се должи на веќе изградени објекти по претходниот ДУП или претходниот ДУП предвидува поголем процент на изграденост.
14. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на

    прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.
15. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.
16. Условите за изградба на сите предвидени објекти треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.
17. При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворното место на објектите за домување, а во зоната на сообраќајниците линеарното зеленило и другите слободни простори како парковско зеленило.
18. Сметот ќе се одлага во контејнери и канти за отпадоци, лоциран на погодно место во рамките на урбаниот опфат.
19. Локацијата на контејнерите и кантите за отпадоци мора да биде достапна за возилата за подигање на сметот и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

9. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно за секој објект и изнесуваат Нмах 3.5м до Нмах 14.0м. рачунато од пристапната улица односно од тротоарот.
2. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање) ќе се определи согласно чл. 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12, 126/12 и 19/13).
3. Степенот на озеленетост на ниво на урбанистичка парцела да биде 15%.
4. За површините со намена Д1 да се изработи проект за хортикултурно уредување.
5. Во зададениот плански опфат се предвидени три трафостаници за кои се предвидени посебни парцели со **бр.11-(постојна), бр.19 и бр.44 - новопредвидени.** Овие трафостаници се приземни објекти со катни висини од 3.5м.

Најголемиот дел од планираните парцели се со класа на намена **А1-индивидуално домување во станбени куќи.** Парцелите со **бр.12, бр.13, бр.14, бр. 15, бр.16, бр.17, бр.21, бр.23, бр.24, бр.25, бр.26, бр.28, бр.29, бр.30, бр.34, бр.37, бр.39, бр. 18, бр.55, бр.56, бр.57, 58, 59, 61, бр.67, 69, бр.70, бр.71, 72, бр.85, бр.86, бр.106, бр.107, бр.108, бр.110, бр.112, бр.115, бр.126, бр.129, бр.132,** се предвидени со катна висина од П+1, односно дозволената максимална висина од 6.5м. Површините што ги зафаќаат парцелите се различни од 40м2 до 400м2.

Со катна висина од П+1 и дозволена максимална градба од 9.0м се парцелите со **бр.77, бр.78, бр.79.** (заради конфигурацијата на теренот постојното приземје е на 3.0 м од постојниот тротоар).

Со катна висина од П+2+Пк и дозволена максимална градба од 9.5м се парцелите со **бр. 73, бр.74, бр.75.**

Со предвидена висина приземје, кат и поткровје се парцелите со **бр.25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 36, 37, 39, 46, 49, 65, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 116, 117, 118, 119,120,124, 125, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147, 148,** максималната висина на објектите е 7.5м.

Со предвидени три катни висини, П+2 (Нмакс= 9.0м) се следниве парцели: **бр. 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 41, 42, бр.43, бр.47,48, 50, 51, 52, 53, 54, 64, 80, 81, 82, бр.101, 102, бр.103, бр.104, бр.105, бр.109, бр.111, бр.113, 121, 122, 123, 127, 128, 130, 131, 133, 134, 135, 136.**

За парцелите со бр. 128, 130, 131 и 135 максималната кота до венец Нмах=9.0м се смета од сервисната улица "9-ти мај".

КОЛСКИ ПРИСТАПИ ДО ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ:

1. **Од сервисната улица "Партизанска - крак"** пристапуваат парцелите: 1, 4, 5, 20 и 21
2. **Од сервисната улица "Борис Кидрич"** пристапуваат парцелите: 2, 3, 6, 7, 8, 9, 77, 78, 79, 80, 81, 82, 64, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 98, 99, 100, 101, 102, 114,
3. **Од сервисната улица "9-ти мај"** пристапуваат парцелите: 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33,, 34, 41, 42, 43, 121, 122, 123, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147, 148, 149,

4. **Од станбената улица "Сане Георгиев"** пристапуваат парцелите: 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 113, 116, 10, 12, 13, 14, 35, 36, 37, 39, 40, 41, 42, 43, 45, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 73, 74, 75, 76,
5. **Од станбената улица "Никола Чаулев"** пристапуваат парцелите: 110, 112, 115, 117, 118, 119, 120,
6. **Од станбената улица "Тодор Чучков"** пристапуваат парцелите: 124, 125, 126, 129, 132,
7. **Од пристапната улица "Ѓошо Сланката"** пристапуваат парцелите:46, 49, 55, 56, 57, 58, 59, 61, 62, 63, 65, 67, 69, 70, 71, 72, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96,
8. **Од пристапната улица "Сане Георгиев" - крак** пристапуваат парцелите: 15, 16, 17, 23
9. **Од пристапната улица "9-ти мај -крак"** пристапуваат парцелите: 127, 128, 130, 131, 133, 134, 135, 136, 138

ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ:

Во склопот на планскиот опфат присутни се и објекти од јавен карактер, парцела бр. 32 со основна класа на намена В Јавни институции - В4 - Историски архив и парцела бр. 128 со класа на намена В2 - Здравство и социјална заштита.

Парцела со **бр.35,** В4 - Историски архив е објект затекнат на постојна состојба со истоимената намена. За истиот објект со претходниот ДУП е предвидена одредена површина за градење. Меѓутоа оваа површина за градба во новопланираниот ДУП (поради потребата за поголема локација и можноста што ја нуди локацијата) е зголемена, со што површината за градба е 653 м2 односно бруто површина за

градба од 1783.00м2. Ова значи дека постојниот објект е задржан каков што е, а до него се предвидува доградба со височина од П+1 кат (Нмах=7.5м).

Парцела со **бр.138,** В2 - Здравство и социјална заштита. За објектот со претходниот ДУП е предвидена надградба од еден кат (П+2, Нмах= 10.5м2). Оваа надградба е потврдена со новопланираниот ДУП, со што површината за градба е 153 м2, односно бруто површина за градба од 459м2.

КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ:

Како објекти со комерцијални дејности се објектите од парцела бр.9 и бр.10. Парцела **бр.9** е со класа на намена Б1- мали комерцијални и деловни објекти, со катна висина од П+1. Тоа е изведен објект и е означен со информативна линија.

Парцела со **бр.10** - Постоен објект со намена голема трговска единица - Б2. Се предвидува надградба над постојниот со катна висина од П+1/П+1+Пк, со компатиболни класи на намена: А2, А3, Б3, Б4, Б5, В3 и В4 со максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилни класи на намена во однос на основната класа од 40% согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урб. планирање (СЛ.весник бр. 63/12; 126/12 и 19/13). Паркирањето на овој објект ќе биде на јавен паркинг од источната и западната страна на објектот.

ДОМУВАЊЕ:

Домување - А3
Групно домување со класа на намена А3 е предвидено во парцела **бр.21**. Објектот предвиден во оваа парцела се развива со катна висина од П+2+Пк/П+3+Пк, со дозволена катна висина од Н=14м.
Ова значи дека постојните две ламели се надградуваат: пониската се надградува со кат и поткровје, а повисоката само со поткровје.

Домување во станбени згради - А2
Објекти односно парцели со класа на намена од А2 се парцелите со **бр. 20, 22, 23, 24, 76, 121, 122, и 123.** Сите парцели се постојни, освен парцела со бр.20 е ново проектирана. Колските пристапи до постојните парцели се од секундарната улична мрежа.

Град. парцела бр. 20 - А2 (Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3; - Б4 -40%)

- **Основна класа на намена - А2** - домување во станбени згради; **Компатибилни класи на намена на А2: - Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3**, со вкупно учество на компатибилни класи до 40%;
- Површина на градежна парцела - 1 598 м^2;
- Површина за градење - 662.60 м^2;
- Вкупна бруто површина по катови - 3313.00м^2
- **Во максималната бруто развиена површина не е вклучена површината на конзолите;**
- Процент на изграденост - 47%
- **Нмах**= 12.5 метри до хоризонталниот венец на градбата. Оваа планска одредба е условена и се остварува доколку се докаже дека во постапката за спроведување на планот се исполнети условите во рамките на градежната парцела да се обезбеди потребниот број паркинг места, согласно чл. 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12 и19/13);
- **Максимален број на катови** - П+3+Пк;
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме е до 4.50 метри од завршниот венец на градбата;
- **Од висината на слемето отстапуваат** само линиските вертикални технолошки инсталации;
- Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се **уредува потпокривен простор** кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратовите на градбата. Во потпокривот може да се користи само една спратна височина;
- **Кота на нултата плоча - кота на приземје** во однос на котата на улицата од која се пристапува (сервисна улица "Партизанска-крак"), може да изнесува +15 см до мах +1.2 м;
- **По.Г.Л.** - подземна градежна линија - подрумот може да биде под целата градежна парцела;
- **Паркирањето на возилата** се предвидува во рамките на градежната парцела. **Потребниот број места за паркирање** ќе се одреди со **основниот проект** према реалниот број на станови и деловен простор во објектот, а согласно
-

член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12, 126/12);
- **Градежната парцела сообраќајно се опслужува** од сервисната улица "Партизанска - крак";
- **Заштита на животна средина** - при оформување на содржините во градежните парцели, да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 78/10; 124/10; 51/11 и 123/12);

Град. парцела бр. 76 - А2 (Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3; - Б4 -40%)

- **Основна класа на намена - А2** - домување во станбени згради; **Компатибилни класи на намена на А2: - Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3**, со вкупно учество на компатибилни класи до 40%;
- Површина на градежна парцела - 437 м^2;
- Површина за градење - 256.0 м^2;
- Вкупна бруто површина по катови - 1 280.00м^2
- **Во максималната бруто развиена површина не е вклучена површината на конзолите;**
- Процент на изграденост - 60%
- **Нмах**= 12.5 метри до хоризонталниот венец на градбата. Оваа планска одредба е условена и се остварува доколку се докаже дека во постапката за спроведување на планот се исполнети условите во рамките на градежната парцела да се обезбеди потребниот број паркинг места, согласно чл. 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12);
- **Максимален број на катови** - П+3+Пк;
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме е до 4.50 метри од завршниот венец на градбата;
- **Од висината на слемето отстапуваат** само линиските вертикални технолошки инсталации;
- Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се **уредува потпокривен простор** кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратовите на градбата. Во потпокривот може да се користи само една спратна височина;
- **Кота на нултата плоча - кота на приземје** во однос на котата на улицата од каде што се пристапува (станбена улица "Сане Георгиев"), може да изнесува од +15 см до мах +1.2 м;
- **По.Г.Л.** - подземна градежна линија - подрумот може да биде под целата градежна парцела;
- **Паркирањето на возилата** се предвидува во рамките на градежната парцела. **Потребниот број места за паркирање** ќе се одреди со **основниот проект** према реалниот број на станови и деловен простор во објектот, а согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12, 126/12 и 19/13);
- **Градежната парцела сообраќајно се опслужува** од станбената улица "Сане Георгиев";

- **Заштита на животна средина** - при оформување на содржините во градежните парцели, да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина

(Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 78/10; 124/10; 51/11 и 123/12);

6. Бројот на паркинг места за сите градежни парцели ќе се определи согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр. 63/12; 126/12 и 19/13).

Б. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Табела 1: Намена на површини во опфатот

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ВО ОПФАТОТ	УРБ.ОПФАТ П(м2)	%
ДОМУВАЊЕ А1, А2, А3	34 455.00	60.44
ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ В2, В4	2 098.22	3.70
КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ Б1, Б2	994.00	1.75
СООБРАЌАЈНИЦИ	17 764.00	31.16
ПАРКОВСКО И ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО - Д1, Д2	1 615.83	2.83
КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА- Е2 - ТС	73.00	0.13
БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ	0	0
ВКУПНО П(м2) НА ОПФАТ	**57 000.00**	**100.00**

Вкупната површина на урбаниот опфат (домување, јавни институции и комерцијални и деловни дејности, сообраќајници, парковско и заштитно зеленило, комунална супраструктура) изнесува 57 000.00 м^2 (5.70 ха) од кој најголем процент зафаќа домувањето со 60.44%, потоа сообраќајниците - 31.16%, и со помал процент се редат: јавни институции - 3.7%; парковско и заштитно зеленило - 2.83% и објектите од комунална супраструктура - трафостаници со 0.13%.

Во наредната табела се анализирани сите парцели поединачно со основните карактеристики како што се површина на парцела, површина за градба, бруто развиена површина, процент на изграденост, коефициент на искористување и максимална висина (кота од тротоар до венецот на објектот).

Табела 2: Урбанистички параметри на парцелите

БР. НА ПАРЦ.	ОСНОВНА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНА НАМЕНА	МАКСИМАЛНА ВИСИНА	ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (м2)	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (м2)	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА (м2)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %
1.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	122.00	86.00	258.00	70
2.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	150.00	95.30	286.00	64
3.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	222.00	155.00	475.00	70
4.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	165.00	60.30	181.00	37
5.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	244.00	88.00	264.00	36
6.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	531.00	159.20	478.00	30
7.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	245.00	97.40	292.00	40
8.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	245.00	141.50	424.00	58
9.	Б1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	346.00	/	/	/
10.	Б2	А2, А3, Б3, Б4, Б5, В3, В4	(Нмах= 6.5м / 8.0м / 6.5м)	648.00	550.60	1437.00	85
11.	Е2 Трафостаница		П (Нмах=3.0м)	33.00	33.20	33.20	100
12.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	352.00	147.90	295.00	42
13.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	182.00	59.40	119.00	33
14.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	203.00	70.00	140.00	35
15.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	360.00	180.50	361.00	51
16.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	157.00	91.40	183.00	59
17.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	370.00	108.00	216.00	30
19.	Е2 Трафостаница	/	П (Нмах=3.0м)	21.00	21.00	21.00	100
20.	А2	Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3,	П+3+Пк (Нмах=12.5м)	1 598.00	662.60	3 313.00	42
21.	А3	Б1, Б2, В2, В3,	П+3+Пк (Нмах=14.0м) П+2+Пк (Нмах=14.0м)	956.00	815.20	4 076.00 3 261.00	85.30
22.	А2	Б1, Б2, Б4,	П+3+Пк (Нмах=14.0м)	831.00	700.40	3 502.00	84.20
23.	А2	Б1, Б2, Б4,	П+2+Пк (Нмах=10.5м)	427.00	179.30	717.00	42
24.	А2	Б1, Б2, Б4,	П+2+Пк (Нмах=10.5м)	442.00	246.70	987.00	56
25.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	261.00	150.80	452.00	58
26.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	240.00	150.10	450.00	62
27.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	254.00	113.80	341.00	45
28.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	274.00	94.90	285.00	35
29.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	359.00	189.10	567.00	53
30.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	348.00	195.10	585.00	56
31.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	223.00	123.80	371.00	56
32.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	144.00	102.80	308.00	70.30
33.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	286.00	102.10	306.00	36
34.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	290.00	164.20	493.00	56
35.	В4	Б1	П-1 (Нмах=7.5м) П-2 (Нпос) П-3 (Нпос)	1 783.00	652.70	1 305.00 1 959.00 2 611.00	37
36.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	309.00	131.80	395.00	43
37.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	150.00	76.30	229.00	51
38.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	156.00	/	/	/

39.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	115.00	69.30	208.00	61
40.	А1	Б1	Су+П+1 (Нмах=8.0м)	302.00	162.00	324.00	54
41.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	351.00	124.90	375.00	36
42.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	150.00	104.60	314.00	70
43.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	182.00	110.60	332.00	61
44.	Е2 Трафостаница	/	П (Нмах=3.0м)	19.00	19.00	19.00	100
45.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	198.00	113.60	341.00	58
46.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	181.00	65.70	197.00	37
47.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	232.00	122.90	369.00	53
48.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	211.00	113.40	340.00	54
49.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	184.00	77.00	231.00	42
50.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	180.00	78.00	234.00	44
51.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	457.00	165.40	496.00	37
52.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	301.00	147.20	442.00	49
53.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	232.00	99.70	299.00	43
54.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	254.00	87.80	263.00	35
55.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	272.00	132.70	265.00	49
56.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	89.00	59.80	120.00	68
57.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	61.00	43.00	86.00	70
58.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	56.00	34.80	70.00	62
59.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	96.00	62.50	125.00	66
60.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	153.00	/	/	/
61.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	240.00	100.00	200.00	42
62.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	282.00	/	/	/
63.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	86.00	/	/	/
64.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	115.00	74.30	222.00	65
65.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	91.00	71.20	214.00	70
66.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	79.00	/	/	/
67.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	77.00	54.00	108.00	70
68.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	113.00	/	/	/
68-А	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	96.00	/	/	/
69.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	80.00	56.00	112.00	70
70.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	183.00	90.00	180.00	50
71.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	220.00	120.00	240.00	53
72.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	147.00	70	140.00	46

БР. НА ПАРЦ.	ОСНОВНА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНА НАМЕНА	МАКСИМАЛНА ВИСИНА	ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (м2)	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (м2)	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА (м2)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %
73.	А1	Б1	П (Нмах=3.5м) П+2+Пк (Нмах=9.5м)	200.00	140.00	140.00 56.00	70
74.	А1	Б1	П (Нмах=3.5м) П+2+Пк (Нмах=9.5м)	274.00	188.00	188.00 752.00	70
75.	А1	Б1	(Нмах=9.5м)	403.00	159.30	478.00	40
76.	А2	Б1,Б2, Б4, Б5, В3,В4, Д3,	П+3+Пк (Нмах=12.5м)	437.00	256.00	1 280.00	60
77.	А1	Б1	П+1 (Нмах=9.0м)	204.00	137.90	276.00	68
78.	А1	Б1	П+1 (Нмах=9.0м)	197.00	109.50	219.00	56
79.	А1	Б1	П+1 (Нмах=9.0м)	231.00	87.00	174.00	38
80.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	55.00	31.20	94.00	57
81.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	67.00	43.90	132.00	66
82.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	79.00	55.20	166.00	70
83.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	57.00	/	/	/
84.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	49.00	/	/	/
85.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	91.00	50.90	102.00	56
86.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	108.00	55.60	111.00	52
87.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	86.00	/	/	/
88.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	72.00	48.30	145.00	68
89.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м) П+2 (Нмах=9.0м)	207.00	116.20	232.00 349.00	57
90.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	140.00	80.80	242.00	58
91.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	132.00	90.30	271.00	69
92.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	206.00	91.60	275.00	45
93.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	183.00	84.80	254.00	47
94.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	181.00	97.00	291.00	54
95.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	126.00	82.50	247.00	66
96.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	87.00	61.00	183.00	70
97.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	211.00	94.70	284.00	45
98.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	223.00	106.00	318.00	48
99.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	511.00	/	/	/
100.	А1	Б1	П+2+Пк (Нмах=9.5м)	283.00	125.30	501.00	45
101.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	218.00	96.30	289.00	45
102.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.5м)	121.00	82.80	248.00	69
103.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	218.00	117.00	351.00	54
104.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	77.00	54.10	162.00	70
105.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	75.00	49.70	149.00	67
106.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	90.00	57.90	116.00	64
107.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	94.00	46.90	94.00	50
108.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	105.00	55.20	110.00	53
109.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	127.00	102.50	307.00	81
110.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	104.00	54.00	108.00	52

111.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	130.00	87.90	264.00	68
112.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	101.00	71.00	142.00	70
113.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	135.00	87.00	261.00	65
114.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	99.00	/	/	/
115.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	196.00	81.00	162.00	42
116.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	282.00	103.40	310.00	37
117.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	282.00	131.10	393.00	47
118.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	239.00	141.40	424.00	60
119.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	362.00	160.60	482.00	45
120.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	367.00	144.60	434.00	40
121.	А2	Б1,Б2, Б4,	П+2 (Нмах=9.0м)	445.00	113.50	340.00	26
122.	А2	Б1,Б2, Б4,	П+2 (Нмах=9.0м)	336.00	113.50	340.00	34
123.	А2	Б1,Б2, Б4,	П+2 (Нмах=9.0м)	400.00	111.80	335.00	28
Согласно изнесеното, како плански мерки за овој ГУП за заштита на водата (површинска и подземна) би можело да се сметаат следните:

1. Предвидување на градба на завршниот колектор на градската канализација со кои би се зафатиле сите (ама баш сите) слободни испусти на каналските гранки во станбената и уште поригорозно во работната зона и преку него би се пренесувале сите останати градски отпадни води до пречистителната станица во реонот на селото Софилари;
2. Градба на пречистителан станица и испуштање на пречистените води во река Лакавица западно во опфатот на урбаното подрачје;

3. Насоката за регулирање а потоа одржување и унапредување на чистотата на водотеците и нивните корита низ опфатот на урбаното подрачје. Во оваа смисла примат треба да добие регулација на рекара Отиња која минува низ градското ткиво и реката Брегалница на просторите каде го тангира градот.

Како плански мерки за заштита на воздухот би можело да се сметаат следните:

1. Определбата за обезбедување на градско греење , со што би се избегнале бројни индивидуални ложишта кои тешко можат да бидат под контрола, а чија емисија на чад и сумпорен диоксид од година на година се повеќе се чуствуваат во градот и во многу придонесуваат во присуството на смог;
2. Укажувањето на потребата постојните улици од повисок ред (магистрални и колекторски), покрај изградените коловози да се дооформат и со другите планирани елементи на поречните профили(тревници, дрвореди тротоари....) со што би се смалиле земјаните површини кои во постојната состојба се многу големи извори на прашина. Тоа воглавно значи дека во иднина и новопредвидените улици ќе мораат да се градат во нивните вкупно предвидени профили, ане како што се правеше во минатото: да се гради само коловозот , а останатите елементи да чекаат подобри денови.
3. Совесно одржување на постојното градско, парковско и скверно зеленило, а истовремено вложуваме напори за формирање на нови такви површини за кои според ово ГУП се предвидени околу 300ха за парковско и градско зеленило од градски и реонски значај.

Планските мерки за заштита на водата и воздухот се воедно и дел од мерките за заштита на почвата. Една мерка за заштита на почвата , која на прв поглед нема ништо заедничко со урбанистичкото планирање, а во суштина е длабоко од интерес на градот, е таа дека почитуваните жители на град Штип, кои солидно ги одржуваат своите домови било станови или дворни површини, треба исто така да се однесуваат и кој јавните и заедничките градски простори. Што во овој момент воопшто не може да се прифати.

И крајно, како плански мерки за заштита на водата, воздухот и почвата терба да се сметаат и определувањата искажани во Одредбите за спроведување на ГУП.

3. УРБАНИСТИЧКО АРХИТЕКТОНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

(АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА)

3.5. Нестопанство

3.5.4. Култура

Културната дејност во градот се одвива во 6 објекти. Во постојниот ОУП се споменуваат четири поголеми сали : во народниот театар, во домот на култу-рата, во затворената киното сала и во летното кино. Во меѓувреме летното кино, во ова време на трансформации, е пренаменето во диско клуб и овој капацитет како сала го имаме изгубено. Капацитетот на салите е: во театарот и салата при домот на културата има 1.057 седишта а 1.100 седишта имаат кино салите од кои 620 во летното кино.

Народната библиотека има капацитет 160.000 книги, 1.860м^2 и 200 места во читалните. Историскиот архив има капацитет 2.500 м^2 архивска граѓа.

Табела бр. 7 Установи од културата, 1997 година

Вид на дејност	Број на вработени	Корисна површина во м^2	Парцела во ха	Старост на објектот во години	Дали објектот одговара	дали локацијата на објектот одговара
Народна библиотека	17	1.860	-	15	да	да
Дом на културата	16	3.100		15	да	да
Народна техника со аероклуб	4	880		21	да	да
Историски архив	14	1.192		17	да	да
Народен театар	26	564		67	треба реконструкција	не
Народен музеј	15	1.241			да	не
Радиостаница	4	100		38	не	не
Дом на млади	8	600		62	да	да
Кино	9	1.400		37	да	не
Работнички универзитет	12	2.060		32	објектот е за комплетна реконструкција	да
Пионерски дом	16	2.000		15	да	да
Вкупно	121	14.997				

Најголем број на објекти во кои егзистираат гореспоменатите дејности се изградени во последните дваесеттина години, така да нивната физичка состојба ги задоволува тековните потреби.

Мора да напоменеме дека последните неколку години во повеќето од овие објекти се одвиваат и работи кои се надвор од дејноста за која е изведен објектот.

Во зградата на Пионерски дом работи модна конфекција. Во објектот на библиотеката до пред извесно време егзистираше модна конфекција. Сево ова наведува на големи размислувања дека нешто не е како што треба во работењето на гореспоменатите институции.

3.5.6. Културно - историско наследство (Градителско наследство)

Штипско Ново Село преставува амбиентална целина со исклучително културно-историски вредности. Осумдесеттите години направен е детален план на овој простор од градот во кој е направена поделба на спомениците по категории,извршено е вреднување на одделни објекти и амбиентални целини и е одреден начин на кој може да се реализира нивната ревитализација. Меѓутоа во меѓувреме се реализираа неколку објекти при што не беа почитувани условите дадени од Музејот на заштита на спомениците на град Штип. Така Ново Село почна да губи од својата вредност.

Голема грешка е што се дозволи и асфалтирање на дел од ул."Никола Карев"и "Крсте Мисирков".

Во Заводот на заштита на спомениците на културата на град Штип регистрирани се вкупно 70 објекти-споменици на културата кои се ставени под заштита на законот.Тие се поделени во 3 категории:

1 категорија: -регистрирани се вкупно 41 објект од кои 18 во централната зона на градот и 23 во Штипско Ново Село(претежно народна архитектура);

2 категорија: -регистрирани се 27 објекти од народната архитектура во Штипско Ново Село;

3 категорија: -регистрирани се 2 објекта во Штипско Ново Село.

25. ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП

УСЛОВИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИНВАЛИДИЗИРАНИ ЛИЦА

Чл.23

Врз основа на член 19 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање ("Сл.Весник на СРМ" број 38/90), Министреството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија донесе Насоки за просторните стандарди и урбанистичко технички услови за потребите на инвалидизирани лица, со кои се одредуваат просторните стандарди, урбанистичко техничките услови и нормативи за спречување на создавање на архитектонско -урбанистички бариери, кои можат да го спречат или отежнат движењето на инвалидизираните лица.

Чл.24.

При реконструкцијата на објкетите, односно сообраќајниците, ако е тоа економски оправдано , да се вградат елементите на овие насоки, во смисла на изведба на рампи, обележување на стаклените површини закосување на тротоарите и сл.

ж) Општи согледувања за состојбата на животната средина

Градот Штип веројатно е еден од ретките градови во Републиката во кој смог скоро и да нема. Најголем допринос за ваквата состојба е непостоење на загадувачка индустрија и отсуство на тешка индустија а домонантниот штипски ветер кој е присутен многу често помага во проветрувањето на градот.

Општата состојба на животната средина, во споредба со состојбите од пред 10-15 год. сигурно е во полоша состојба. Ова произлегува од фактот дека сигурно е зголемен бројот на изворите на чад и гасови; зголемен е бројот на сите видови на моторни возила; зголемен е бројот на индивидуалните ложишта... Сето ова допринрсува чистотата на воздухот во рамките на потесното градско подрачје да станува се по проблематична.

Метеоролошката станица лоцирана на запад во месноста викана Каленица непосредно до концентрираната работна зона, е синоптичка, т.е. ги прати само метеоролошките појави а не и состојбите со загадувањето на животната средина.

Во последните неколку години, во рамките на градското подрачје направени се доста интревенции на планот на модернизација на проширување на градската канализација. Изградени се позначајните колектори и ставени во употреба, со тоа состојбата во гртадот од овој аспект е мошне подобрена, смалени се можностите за загадување на подземните води, за загадување на водата во градскиот водоводен систем и за загадување на површинските води. Мегутоа заради непостоење на пречистителна станица, зголемениот волумен на отпадни води неконтролирано се испушта во Брегалница во западниот дел од градот, каде повеќекратно се влошени условите во поглед на загадување на околината за сметка на санација на станбените делови.

Водата за пиење, се прочистува во прочистителна станица-фабриката за чиста вода, истата постојано се контролира преку надлежните организации, во поглед на бактериолошка и хемиска чистота. Изворштата за хигиенската вода се подземни, Комуналната организација "Исар" се грижи за спазување на чистотата на изворштата од кои се прибира водата.

Градското и вонградското зеленило, кое се смета за организирано, како идругите слободни и неизградени површини, не се одржуваат на потребното ниво, така да претставуваат значителен извор на прашина: и онака оскудните јавни зелени површини постепено се подјадуваат било со поставување на привремени објекти (бараки, киосци, па дури и кафулиња) и пристапи и манипулативни површини околу нив, било со предлози за инфилтрирање на градежни објекти во зелени неизградени површини, со образложение дека соодветните содржини се комплементарни на зеленилото.

Односот на граѓаните кон зеленилото е на незадоволително ниво- на очајно низок степен. Доказ за тоа е комплетното наше окружување: улиците и другите јавни површини кои наликуваат на отворени депонии за секакви отпадоци и ѓубре а да не зборуваме за просторуите околу градот надвор од урбанизираниот простор кој егзистира. Кон тоа секако допринесува и недоволното ангажирање на комуналните организации и активноста на комуналните инспектори.

18.12. Генерален опис за планираниот Сообраќаен Систем на гр. Штип до 2010 година

18.12.2. Примарна улична мрежа на град Штип по ГУП 2010 година

18.12.2.1 Градски магистрални улици 2010 година

ГРАДСКА МАГИСТРАЛА ГМ-1

Рбетот на градскиот уличен сообраќаен систем го чини градската магистрала ГМ-1 (види прилог "А"). Тоа е сегашниот коридор во продолжение на улиците "Железничка", "Гоце Делчев" и "Димитар Влахов". Започнува северозападно од градскиот центар при бифрукацијата на републичкиот магистрален пат М-5 на југ, кон Струмица како пат М-6 и на исток кон Кочани како М-5, односно на јазелот Штип-Велес-Кочани-Струмица. Минувајќи на југ од јазелот и западно од постојната железничка-товарна-патничка станица, ГМ-1 ја форсира индустриската зона и минува на левиот брег на река Брегалница. На просторот при постојната меѓумесна автобуска станица се спојува со втората по значај градска магистрала ГМ-2

формирајќи денивелирана раскрсница. Продолжувајќи на југ ГМ-1 со успон околу 6% навлегува во централното градско подрачје. Помеѓу црквата "Св. Архангел" и "Стар Конак" минува низ релативно тесен и густо изграден градски простор. Спојот со улица "Ванчо Прке" ја спојува ГМ-1 со sity-центарот. Продолжувајќи кон југ ГМ-1 оди со пад од околу 6% низ уште потесен коридор и со поголема обострана изграденост на просторот. Поминувајќи западно од црквата "Св.Никола" ГМ-1 се спојува со улицата "Маршал Тито" на десниот брег а со мост преку река Отиња и со улица "Генерал Михајло Апостолски", на левиот брег.

После црквата "Св. Никола", ГМ-1 се упатува на југозапад по јужната падина на ридот "Исар" стигнува до Ново Село и форсирајујќи ја река Отиња со кос мост, минува на левиот брег испод школото "Гоце Делчев" избива на лева обала на р. Брегалница. Заштитена со потпорен зид на левата обала (од р. Брегалница), ГМ-1 минува низ јужниот дел на Ново Село и навлегува во "Клисура" за да јужно од Градски гробишта, користејќи го коридорот на регионалниот пат Р 526 дојде до јужниот урбан кордон на град Штип, и јужно од мостот преку р. Брегалница, се спои со магистралниот пат М-6 кон Радовиш.

Главни ограничувачки фактори за брза изградба на ГМ-1 е потребата за рушење на градителското наследство на просторот од "Македонија пат" па се до влезот во "Клисура", како и изградба на нов мост-западно од сегашниот на р. Брегалница и р. Отиња.

(Делот на ГМ-1 (ул. "Гоце Делчев"-сега "Булевар Гоце Делчев" е реализиран на должина од околу 600м-од "Мал Одмор" до "Алумина"). Вкупна должина на ГМ-1 изнесува околу _____ м.

Сообраќајно значење на градската магистрала ГМ-1 во системот на примарната улична мрежа се состои во следното:

- Служи за далечинскиот иззворно-целен сообраќај-директно поврзувајќи го системот на приамрната улична мрежа и Центарот на градот Штип со магистралните патишта:

  М-5 на север и северо-запад преку Велес

  М-5 на исток со Кочани и Р. Бугарија

  М-6 на југ со Радовиш-Струмица-Неготино-Кавадарци и западниот дел на Р.Македонија и на југо-исток преку преминот Ново Село кон Р. Бугарија.

- Во внатрешниот сообраќај се наоѓа на најоптовареният правец на "и-ц" сообраќај на позиција "дом-работа", односно на докажаите во сообарќајната студија најинтензивни магнитуди во вршните часови на оптоварување по насока градски центар-север-северо-запад.
- По ГМ-1 се одвиваат сите линии на јавниот меѓумесен сообарќај кон север-исток-запад-југ,
- Посредно учествува во дистрибуција и на тратнзитни сообраќајни текови по насока Север-Плачковица и Југ-Плачковица, како и товарен сообраќај од Автотоварниот терминал "Нико Петрол".

- Според картограмот на сообраќајното отповарување денес, и во 2010 година е најоптоварената улица од приамрната мрежа.
- Со планираните раскрсници: "Стара бензинска станица", "Алумина", "Мал Одмор" и "Ванчо Прке" таа ќе претставува главен коридор и регулатор на сообраќајните потреби на градот до 2010 година.
- Особено значајна улига ГМ-1 треба да одигра за "приближување" на патничко-товарниот железнички сообраќај кон градскиот центар на Штип. Со својата дисспозиција западно од постојнаат зграда на железничката станица и со своето високо ниво на услуга, со правилно испланирана сообраќајна технологија, ГМ-1 има услови да овозможи натамошно отстојување и развој на железопатниот сообраќај на истата локација, но со современи и атрактивни технолошки решенија на железничкиот сообраќај, како и со урбанистички осмислен станичен плоштад помеѓу ГМ-1 и постојната зграда на железничката станица во Штип.

Градска магистрална улица ГМ-2

Втора по сообраќаен значај во системот на примарната улична мрежа во град Штип, е градската магистрална улица ГМ-2.

Сегашниот коридор на постојната булеварски решена улица "Партизанска" на делот од меѓумесната автобуска станица преку раскрсницата со ул. "Брегалничка", "Дујле" до ул. "Сремски фронт" претставува дефинитивно решение до 2010. На овој дел останува неизграден денивелираниот патен јазел со недоизгарденатa ГМ-1, но и да се доизгради до северниот кордон ("Баби").

Започнувајќи на крајниот северен дел на централното градско подрачје, ГМ-2 се протега кон север и клони кон северо-исток, поврзувајќи ги Штип со регионот на планина Плачковица по регионалниот пат Р 601. Протегајќи се од меѓумесната автобуска станица до северниот урбан кордон при населбата "Баби" ова примарна улица ГМ-2 го напуштта урбаниот простор продолжувајќи по регионалниот пат Р 601 кон Плачковица. Вкупна должина на ГМ-2 изнесува околу _____м.

Сообраќајниот значај на градската магистрална улица ГМ-2 во системот на примарната улична мрежа се огледа во следното:

- Служи за директно сообраќајно поврзување на Штип со регионите на североисток кон планината "Плачковица"
- По нејзе се одвива транзитниот дел на сообраќајот по насоките:

  Север - Плачковица и обратно

  Исток - Плачковица и обратно

  Југ - Плачковица и обратно
- Посредно ги поврзува (преку планираните собирни улици) новоизградените станбени населби од североисточниот урбан простор

со законите за работа во северозападниот и просторот на централното градско подрачје.

- На нејзе се поврзуваат сите собирни улици од примарната мрежа од левиот и десниот брег на р.Брегалница како и левиот и десниот брег на р. Отиња.

(Сообраќајниот значај на магистралните улици ГМ-1 и ГМ-2 бил согледан и во постојниот концепт на примарната улична мрежа со ОУП на Штип од 1984 година, поради што, делумно се изградени и нивната дефинитивна изградба треба да продолжи во периодот кој следи до 2010 година).

Градска магистрална улица ГМ-3

За сообраќајно "оживување" на планираните функции на просторот ("Пребег" и "Мерите" на југ до "Рибнички чешми" и тој со регионалниот пат Р 526 кон Радовиш, а на североисток до спојот со магистралниот пат М-5 кон Кочани (низ планираните работни зони и тангирајќи ги планираните станбени населби) се протега, третата по важност, градска магистрална улица ГМ-3. По својата должина таа поврзува, исто така, важни улици (магистралната улица МГ-1 (кај стара бензинска пумпа) и повеќе собирни улици од десниот и левиот брег на реките Брегалница и Отиња.

Сообраќаен значај на градската магистрална улица ГМ-3 во системот на примарната улична мрежа на град Штип

- Делот од транзитниот сообраќај од север, исток и југ, индиректно, преку планираните собирни улици со артеријално значење, ги упатува кон регионот на Плачковица, без истиот да го оптоварува централното градско подарчје.
- Целиот планиран урбан простор директно го поврзува со далечинскиот изворно-целен сообраќај на северо-исток кон Р.Бугарија, на север индиректно, преку МГ-1 и М-5, а на југ, индиректно преку регионалниот пат Р 526 и магистралниот пат м-6 кон граничниот премин Ново Село за Р.Бугарија.
- Посебно место, значај и улога, оваа магистрална градска сообраќајница ќе има во реализација на новопланираните функции на овој урбан простор западно од централното градско подрачје, а на исток од постоечкиот магистрален пат М-6.

18.12.2.2. Градски собирни улици 2010 година

Градска собирна улица СУ-2

Прва според актуелниот сообраќаен тренд и голема преотповвареност по насока север-северозапад, северо-исток, посебно во "вршните часови" од внатрешните сообраќајни "пендел" тонови на позиција

"дом-работа" е градската собирна улица со ознака СУ-2. Таа се протега по коридорот на постојните улици "Брегалничка"-"Карл Маркс"-"Вардарска" започнувајќи со "Т" раскрсница (површинска-самофоризирана) со ГМ-1 кај "Мал одмор". Пружајќи се на исток таа ја премостува р. Брегалница ("Камениот мост") и во продолжение се крстосува (со површинска-"проширена"-семафоризирана раскрсница "Дујле" со градската магистрална улица ГМ-2 ("Партизанска"), потоа со "проширена" т-коса рачва се вкрстува со собирната улица "Борис Кидрич" и продолжувајќи на исток завршува на планираната раскрсница СУ-2-СУ-1-СУ "Сутјеска".

Вкупната должина на СУ-2 изнесува _____м.

Сообраќајниот значај на СУ-2 се состои во следното:

- на сите станбени улици по својата должина, на потегот "Дујле"
- до ул. "Еврејска", овозможува сообраќајни токови за внатрешен, приградски, меѓумесен и далечински сообраќај по насока исток-запад, поврзувајќи ги преку себе со градските магистрални улици ГМ-2 и ГМ-1, како и со собирната улица "Борис Кидрич".

Градска собирна улица СУ-1

Планирањето на градската собирна улица СУ-1 произлегува од неопходноста да на овој простор постои градска улица која ќе ги "поврзе" двата изградени простори на левиот и десниот брег на р. Отиња-на крајниот источен дел од централното градско подрачје.

Оваа улица започнува со раскрсница помеѓу неа и собирната улица "Ген. Михајло Апостолски" во просторот кај Полициската станица во Штип, косо премостувајќи ја р.Отиња се во ниво со собирната улица "Христијан Т.Карпош" се упатува на север кон "Бело Брдо". Минувајќи низ субстандардни објекти (со делумно рушење) и форсиран успон (околу 12-14%) се спојува со површинска раскрсница со СУ-2, СУ-"Сутјеска". Во продолжение (по "Радански пат") се упатува на цеверо-исток и по постојната улица "Борис Крајгер" свртува на запад низ населбата "Сењак" каде се врстува (во ниво) со ГМ-2 ("Партизанска). Во продолжение на запад ја премостува р. Брегалница (во близина на локалитетот "Фортуна") и покрај постоечки бунари (стари), и во висина на ф-ка "Алумина" се спојува со ГМ-1. После оваа раскрсница, продолжува на запад низ населбата "Пребег", ја пресечува (раскрсница во ниво) ГМ-3 и во продолжение на погодно место, минува испод магистралниот пат М-6, (вон урбаниот простор).

Сообраќајниот значај на гардската собирна улица СУ-1 во системот на примарната улична мрежа на град Штип се состои во следното:

- Врши поврзување на соседните простори на дватаброга на реките Отиња и Брегалница.
- Создава реална можност за растоварување на строгиот центар на градот со можноста да по себе, односно по собирните улици, ги упати на север (и кон пазарот) интензивните токови на внатрешниот сообраќај на позиција "дом-работа".
- Овозможува директни врски за меѓуградски токови без оптоварување на строгиот центар, посебно кон север и кон северо-исток према МГ--1, МГ-2 и СУ-3.
- Со реализација на изградба на оваа СУ-1, ќе се почувствува значително растоварување на улиците: "Маршал Тито", "Борис Кидрич", "Иво Лола Рибар", "Славчо Стојменски", "Еврејска" и "Ген.Михаило Апостолски" и други во централното градско подрачје ("Гоце Делчев" на делот црква "Св. Никола"-"Мал Одмор")
- По оваа улица, како и по останатите магистрални и собирни улици се планирани и линиите на јавни превозни средства за јавниот автобуски сообраќај.

ИЗВОД ОД ДУП

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 443

ДУП: дел од УЕ 7 дел од "Горно маало"

Број: 18-2330/2 од 18.04.2018 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 07-9850/1 од 26.12.2013год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-3 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Табела со нумерички показатели

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица
   - **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: диа. Викторија Инџекарова

Контролирал:диа. Душко Стојанов

ГРАДОНАЧЛНИК,

Благој Бочварски

GRAD
270.02
271.40
272.26
278.26
281.73
282.75
R 25
R27
R15
R20
R18
R56
R6
R3
24 MESTA ZA PARKIRANJE
16 MESTA ZA PARKIRANJE
7 MESTA ZA PARKIRANJE
Д1
B2
P+3+Pk N=14.0m
P+3+Pk N=12.5m
P+1+Pk N=8.0m
N=9.0m P+2
N=6.5m P+1
N=12.5m P+3+Pk
N=7.5m P+1+Pk
5.5 mesta parkiranje



ПРЕДЛОГ ПЛАН
ПЕРИОД 2013-2018

C

M=1:1000

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- 1 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТ
- Р.Л РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- Л.П. ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
- Г.Л ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- И.Г.Л ИНФОРМАТ.ГРАДЕЖ. ЛИНИЈА
- П.Г.Л ПОМОШНА ГРАД. ЛИНИЈА
- По.Г.Л ПОДЗЕМНА ГРАД. ЛИНИЈА
- БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ
- ЗАШТИТЕНО ДОБРО "EX LEGE" ОД ВТОР СТЕПЕН

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

- КОЛОВОЗ
- ПРИСТАПНИ УЛИЦИ
- ПАРКИРАЊЕ
- ТРОТОАР
- Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО
- Д2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

- ДОМУВАЊЕ
  - А1 СЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ
  - А1 ПОСТОЈНА ГРАДБА ИЗВЕДЕНА ПО ДУП
  - А2 СЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ
  - А3 ГРУПНО ДОМУВАЊЕ ИНТЕРНАТ, СТУДЕНТСКИ ДОМ
- ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
  - В2 ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА РАБОТА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
  - В4 ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ИСТОРИСКИ АРХИВ
- КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ
  - Б1 МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ
  - Б2 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ
- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА
  - ТС Е2 ПОСТ.ТРАФОСТАНИЦА
  - ТС ТРАФОСТАНИЦА НОВОПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА

СИНТЕЗЕН ПЛАН

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП

GRAD
УЛ. "БОРИС КИДРИЧ"
24 МЕСТА ЗА ПАРКИРАНЕ
7 МЕСТА ЗА ПАРКИР
16 МЕСТА ЗА ПАРКИРАНЕ
УЛ. "ПАРТИЗАНСКИ ПРАК"
УЛ. "ГЕОРГИЕВ ПРАК"
УЕ 7
270.82
269.63
272.26
278.30
281.23
Д1
Б1
Б2
А1
А2
граница на опф

ЛЕГЕНДА:

— — — ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ / П=5.7 ха

1 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТ

Р.Л РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

Л.П. ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА

Г.Л ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

И.Л ИНФОРМАТИВНА ЛИНИЈА

П.Г.Л ПОМОШНА ГРАД. ЛИНИЈА

ПОДЗЕМНА ГРАД. ЛИНИЈА

БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

ЗАШТИТЕНО ДОБРО "EX LEGE" ОД ВТОР СТЕПЕН

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

КОЛОВОЗ

ПРИСТАПНИ УЛИЦИ

ПАРКИРАЊЕ

ТРОТОАР

ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО ЗЕЛ1

ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО ЗЕЛ2

3.5% Л=25м ПАД НА НАКЛОНОТ НА СООБРАЌАЈНИЦА

Р40 РАДИУС НА КРИВИНА

294.88 КОТА НА НИВЕЛЕТА НА УЛИЦА

СООБРАЌАЕН ПЛАН

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ШТИП ШТИП

ПРОФИЛИ НА ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА



ПРОФИЛ НА ГРАДСКА МАГИСТРАЛА - Б (по ГУП)
бул. "ПАРТИЗАНСКА" - пресек 1 - 1



ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА ПО ГУП

ПРОФИЛИ НА СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА



ПРОФИЛ НА СЕРВИСНА УЛИЦА
"БОРИС КИДРИЧ" - пресек 2 - 2



ПРОФИЛ НА СЕРВИСНА УЛИЦА
"9-ТИ МАЈ" и "ПАРТИЗАНСКА-КРАК"
пресек 3 - 3



ПРОФИЛ НА СТАНБЕНА УЛИЦА
("САНЕ ГЕОРГИЕВ", "ТОДОР ЧУЧКОВ"
"НИКОЛА ЧАУЛЕВ") - пресек 4 - 4



ПРОФИЛ НА ПРИСТАПНА УЛИЦА
"ЃОШО СЛАНКАТА - пресек 5 - 5

МИНИМАЛНИ ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ ОД СЕКУНД.
УЛ. МРЕЖА ПРЕМА чл. 68 и 69 ОД ПРАВИЛНИКОТ



ПРОФИЛ НА СЕРВИСНА УЛИЦА



ПРОФИЛ НА СТАНБЕНА УЛИЦА

ПРОФИЛ НА ПРИСТАПНА УЛИЦА

ПАД НА НАКЛОНОТ НА
СООБРАЌАЈНИЦА

РАДИУС НА КРИВИНА

КОТА НА НИВЕЛЕТА
НА УЛИЦА

ДУП НА ДЕЛ ОД НАС. "ГОРНО МААЛО"
ДЕЛ ОД У.Е. 7
ОПШТИНА ШТИП

ТАБЕЛА 2 - Урбанистички параметри на парцелите

БР. НА ПАРЦ.	ОСНОВНА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНА НАМЕНА	МАКСИМАЛНА ВИСИНА	ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (м2)	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (м2)	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА (м2)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %
1.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	122.00	86.00	258.00	70
2.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	150.00	95.30	286.00	64
3.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	222.00	155.00	475.00	70
4.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	165.00	60.30	181.00	37
5.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	244.00	88.00	264.00	36
6.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	531.00	159.20	478.00	30
7.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	245.00	97.40	292.00	40
8.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	245.00	141.50	424.00	58
9.	Б1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	346.00	/	/	/
10.	Б2	А2, А3, Б3, Б4, Б5, В3, В4	(Нмах=6.5м / 8.0м / 6.5м)	648.00	550.60	1437.00	85
11.	Е2 Трафостаница		П (Нмах=3.0м)	33.00	33.20	33.20	100
12.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	352.00	147.90	296.00	42
13.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	182.00	59.40	119.00	33
14.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	203.00	70.00	140.00	35
15.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	360.00	180.50	361.00	51
16.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	157.00	91.40	183.00	59
17.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	370.00	108.00	216.00	30
19.	Е2 Трафостаница	/	П (Нмах=3.0м)	21.00	21.00	21.00	100
20.	А2	Б1,Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3,	П+3+Пк (Нмах=12.5м)	1 598.00	662.60	3 313.00	42
21.	А3	Б1,Б2, В2, В3,	П+3+Пк (Нмах=14.0м) П+2+Пк (Нмах=14.0м)	956.00	815.20	4 076.00 3 261.00	85.30
22.	А2	Б1,Б2, Б4,	П+3+Пк (Нмах=14.0м)	831.00	700.40	3 502.00	84.20
23.	А2	Б1,Б2, Б4,	П+2+Пк (Нмах=10.5м)	427.00	179.30	717.00	42
24.	А2	Б1,Б2, Б4,	П+2+Пк (Нмах=10.5м)	442.00	246.70	987.00	56
25.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	261.00	150.80	452.00	58
26.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	240.00	150.10	450.00	62
27.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	254.00	113.80	341.00	45
28.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	274.00	94.90	285.00	35
29.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	359.00	189.10	567.00	53
30.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	348.00	195.10	585.00	56
31.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	223.00	123.80	371.00	56
32.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	144.00	102.80	308.00	70.30
33.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	286.00	102.10	306.00	36
34.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	290.00	164.20	493.00	56
35.	В4	Б1	П+1 (Нмах=7.5м) П+2 (Нпос) П+3 (Нпос)	1 783.00	652.70	1 305.00 1 958.00 2 611.00	37
36.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	309.00	131.80	395.00	43
37.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	150.00	76.30	229.00	51
38.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	156.00	/		/
39.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	115.00	69.30	208.00	61
40.	А1	Б1	Су+П+1 (Нмах=8.0м)	302.00	162.00	324.00	54

41.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	351.00	124.90	375.00	36
42.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	150.00	104.60	314.00	70
43.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	182.00	110.60	332.00	61
44.	Е2 Трафостаница	/	П (Нмах=3.0м)	19.00	19.00	19.00	100
45.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	198.00	113.60	341.00	58
46.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	181.00	65.70	197.00	37
47.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	232.00	122.90	369.00	53
48.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	211.00	113.40	340.00	54
49.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	184.00	77.00	231.00	42
50.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	180.00	78.00	234.00	44
51.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	457.00	165.40	496.00	37
52.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	301.00	147.20	442.00	49
53.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	232.00	99.70	299.00	43
54.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	254.00	87.80	263.00	35
55.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	272.00	132.70	265.00	49
56.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	89.00	59.80	120.00	68
57.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	61.00	43.00	86.00	70
58.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	56.00	34.80	70.00	62
59.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	96.00	62.50	125.00	66
60.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	153.00	/	/	/
61.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	240.00	100.00	200.00	42
62.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	282.00	/	/	/
63.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	86.00	/	/	/
64.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	115.00	74.30	222.00	65
65.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	91.00	71.20	214.00	70
66.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	79.00	/	/	/
67.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	77.00	54.00	108.00	70
68.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	113.00	/	/	/
68-А	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	96.00	/	/	/
69.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	80.00	56.00	112.00	70
70.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	183.00	90.00	180.00	50
71.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	220.00	120.00	240.00	53
72.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	147.00	70	140.00	46

ТАБЕЛА 2 - Урбанистички параметри на парцелите

БР. НА ПАРЦ.	ОСНОВНА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНА НАМЕНА	МАКСИМАЛНА ВИСИНА	ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (м2)	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (м2)	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА (м2)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %
73.	А1	Б1	П (Нмах=3.5м) П+2+Пк (Нмах=9.5м)	200.00	140.00	140.00 56.00	70
74.	А1	Б1	П (Нмах=3.5м) П+2+Пк (Нмах=9.5м)	274.00	188.00	188.00 752.00	70
75.	А1	Б1	(Нмах=9.5м)	403.00	159.30	478.00	40
76.	А2	Б1,Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3,	П+3+Пк (Нмах=12.5м)	437.00	256.00	1 280.00	60
77.	А1	Б1	П+1 (Нмах=9.0м)	204.00	137.90	276.00	68
78.	А1	Б1	П+1 (Нмах=9.0м)	197.00	109.50	219.00	56
79.	А1	Б1	П+1 (Нмах=9.0м)	231.00	87.00	174.00	38
80.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	55.00	31.20	94.00	57
81.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	67.00	43.90	132.00	66
82.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	79.00	55.20	166.00	70
83.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	57.00	/	/	/
84.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	49.00	/	/	/
85.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	91.00	50.90	102.00	56
86.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	108.00	55.60	111.00	52
87.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	86.00	/	/	/
88.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	72.00	48.30	145.00	68
89.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м) П+2 (Нмах=9.0м)	207.00	116.20	232.00 349.00	57
90.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	140.00	80.80	242.00	58
91.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	132.00	90.30	271.00	69
92.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	206.00	91.60	275.00	45
93.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	183.00	84.80	254.00	47
94.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	181.00	97.00	291.00	54
95.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	126.00	82.50	247.00	66
96.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	87.00	61.00	183.00	70
97.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	211.00	94.70	284.00	45
98.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	223.00	106.00	318.00	48
99.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	511.00	/	/	/
100.	А1	Б1	П+2+Пк (Нмах=9.5м)	283.00	125.30	501.00	45
101.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	218.00	96.30	289.00	45
102.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.5м)	121.00	82.80	248.00	69
103.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	218.00	117.00	351.00	54
104.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	77.00	54.10	162.00	70
105.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	75.00	49.70	149.00	67
106.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	90.00	57.90	116.00	64
107.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	94.00	46.90	94.00	50
108.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	105.00	55.20	110.00	53
109.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	127.00	102.50	307.00	81

113.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	135.00	87.00	261.00	65
114.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	99.00	/	/	/
115.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	196.00	81.00	162.00	42
116.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	282.00	103.40	310.00	37
117.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	282.00	131.10	393.00	47
118.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	239.00	141.40	424.00	60
119.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	362.00	160.60	482.00	45
120.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	367.00	144.60	434.00	40
121.	А2	Б1, В1, Д3, Б5,	П+2 (Нмах=9.0м)	445.00	113.50	340.00	26
122.	А2	Б1, В1, Д3, Б5,	П+2 (Нмах=9.0м)	336.00	113.50	340.00	34
123.	А2	Б1, В1, Д3, Б5,	П+2 (Нмах=9.0м)	400.00	111.80	335.00	28
124.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	211.00	81.70	245.00	39
125.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	236.00	82.60	248.00	35
126.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	142.00	93.70	187.00	66
127.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	165.00	80.00	240.00	50
128.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	92.00	65.00	195.00	70
129.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	76.00	50.50	101.00	67
130.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	190.00	80.00	240.00	45
131.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	193.00	120.00	360.00	63
132.	А1	Б1	П+1 (Нмах=6.5м)	142.00	92.40	185.00	65
133.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	158.00	81.90	246.00	52
134.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	198.00	85.00	255.00	45
135.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	254.00	116.00	348.00	46
136.	А1	Б1	П+2 (Нмах=9.0м)	183.00	91.10	273.00	50
137.	А1	ПОСТОЈНА ГРАДБА	/	272.00	/	/	/
138.	В2	/	П+2 (Нмах=10.5м)	315.00	153.10	459.00	49
139.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	332.00	138.30	415.00	41
140.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	256.00	128.00	381.00	48
141.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	264.00	171.30	514.00	64
142.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	215.00	142.80	428.00	66
143.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	230.00	111.00	333.00	48
144.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	229.00	125.60	377.00	55
145.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	213.00	140.00	420.00	65
146.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	237.00	120.00	360.00	51
147.	А1	Б1	П+1+Пк (Нмах=7.5м)	221.00	150.00	450.00	68
148.	А1	Б1	П (Нмах=3.5м) П+1+Пк (Нмах=7.5м)	357.00	165.00	164.00 493.00	47
149.	А1	Б1	П (Нмах=3.5м)	50.00	37.00	39.00	70
Вк.				37 620.00	17 713.00	69 926.20	

условот за потребниот број на паркинг места согласно поглавие 10- паркирање
и гаражирање од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12);
- Сообраќајниот пристап до предметниот опфат е преку сообраќајниците -
станбените улици по кои оди опфатот "Борис Кидрич", "Тодор Чучков" и
градската магистрала ГМ 2 - "Партизанска". Доколку постоечката сообраќајна
инфраструктура не ги задоволува потребите на постојните и идните градби,
истите да се планираат согласно поглавие 11 и 12 од Правилниикот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12);
- Инфраструктурните решенија за електрично напојување, водовод и канализација да ги задоволат планираните потреби на новите плански решенија;
- Во рамките на планскиот опфат да се предвидат конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет.
Планот да се изработи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05,137/07, 91/09; 124/10; 18/11 и 53/11) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12).

4. **ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**

- Наменска употреба на градежното земјиште во планскиот опфат

Површината на опфатот на овој план во рамките на усвоениот ГУП претставува
класа на намени - домување (А).
Со предложениот ДУП во границата на опфатот површината е наменета за домување (А) со компатибилните класи на намени на основната класа на намена и
тоа:
- Основна класа на намена А1 (домување во станбени куќи) со компатибилни
класи на намена: Б1, В1, Д3 и Б5 со мах. 30% учество во однос на основната
класа на намена;*итно конзерваторски основи како заштитено добро "ец леге";*- Основна класа на намена А2 (домување во станбени згради) со компатибилни
класи на намена: Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4 и Д3 со мах. 40% учество во однос на
основната класа на намена;

- Основна класа на намена А3 (групно домување) со компатибилни класи на
намена: Б1, Б2, В1, В2, В3 и Д3 со мах. 20% учество во однос на основната класа на намена;
- Основна класа на намена А4 (времено сместување) со компатибилни класи на
намена: Б1, Б3, В2 и Д3 со мах. 30% учество во однос на основната класа на
намена;

Простор наменет за домување

Површината на опфатот изнесува 5.70 ха и опфаќа густо изградено старо градско јадро претежно со индивидуално домување. На овој простор има 150
урбанистички парцели. Некои од нив се помали од пропишаните стандарди и
нормативи за урбанистичко планирање, но така се вклопени со важечкиот ДУП, а
некои се така реализирани.

Поголем дел од објектите се обновени, но голем е и делот со многу стари и супстандардни објекти со лоши услови за живеење.

Максимална височина на градба

Висината на објектите во опфатот ќе се движат различно во зависност постојната состојба на теренот, конфигурацијата на теренот и од намените на
објектите кои се детално дадени погоре во табелата. Истата се движи од 3,0 м на
трафостаниците, до максимум 14.0 м. на објектите за колективно домување и
претставува висината од котата на тротоар или пристапната улица која се зема за
нулта точка, па се до завршниот венец на објектот.

План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и
нормативи за урбанистичко планирање планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12;
126/12 и19/13) и се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот блок за одредена
намена, односно помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано
градежно земјиште за поединечна употреба..

Во целиот зафат за регулациона линија е земена внатрешната линија на тротоарот.

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајницата,

Градежната линија е планска одредба која претставува граница на површината

на градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која
градбата може да се гради.

Урбанистичко архитектонски услови за градба

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби
и нормативи.

Процентот на изграденост на парцелите како и коефициентот на искористување на земјиштето поставени се во зависност од намената на објектите, а
се во рамкитМаксималните габарити на архитектонските елементи треба да се движат
внатре во веќе опишаните граници. Истите ќе бидат утврдени со изработката на
идејните решенија на објектите.

Архитектонска обработка на фасадите на објектите, крововите и друго ќе биде
со примена на нови градежни материјали и примена на нови технологии на градење.

Покривањето треба да биде со коси кровови со оглед на големите температурни
разлики на поднебјето, со мах. нагиб од 1:3.

Пристапот до објектите ќе биде решен со пешачки пристапни патеки и со колски приоди за моторни и товарни возила, во зависност од местоположбата и
конфигурацијата на теренот.

Паркирањето да биде решено внатре во секоја парцела према нормативите за
паркирање. Има парцели каде не може да се пријде до објектите со возило или
парцелите се многу мали и нема можност за паркирање во парцела.

Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за
лица со инвалидитет

Во планските решенија да се вградат условите за движење на лица со инвалидитет согласно поглавје 13, член 77, 78, 79, 80 и 81 од Правилникот за
стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр 63/12;
126/12 и 119/13), а сé со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на
лица со инвалидитет на градежно земјиште наменето за општа употреба и условите
за градење на градби од класите на намена А, Б и В.

Сообраќајно решение

Во однос на сообраќајното решение - пристап до овие објекти, тие сите имаат
добар пристап од улиците кон кои гравитираат. Колскиот пристап до објектите ќе се

одвива исклучиво од улиците од секундарната улична мрежа-станбените улици и
пристапните улици. Инаку овој опфат го заобиколуваат двете фреквенти улици во
градот: градската магистрална улица "Партизанска" и сервисната улица "Борис
Кидрич". Секундарна улична мрежа се развива внатре во зоната.
Примарна мрежа на улици:
Ширината на градските магистрални улици тип б према ГУП е: 2х 7.50 метри
коловоз со разделно зеленило од 5.0 м., 2х2.5м велосипедска патека, 2х3.0м.
дрворед и 2х4.0 м тротоар или вкупна ширина од 39.0 метри. Градска магистрална
улица во овој опфат е бул. "Партизанска".
Ширината на собирните улици према ГУП е 7.0 метри коловоз со 2х4.0 метри
тротоар. Мал дел од собирната ул. "Вардарска" е во овој опфат (тоа е мал дел од
спојот на ул. "Борис Кидрич" до крстосницата "Дујле" и всушност влегува во зоната
на крстосницата).
Секундарна мрежа на улици:
Ширината на сервисните улици према Правилникот за стандарди и нормативи за
урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12 и 126/12) изнесува 6.0 метри
коловоз и 2х1.5 метри тротоар или попречниот профил на сервисната улица изнесува
минимум 9.0 метри.
Профилот на сервисната ул."Б. Кидрич" во овој ДУП е предвидена со поширок
профил од минималниот за сервисна улица и тоа: 7.0м коловоз и тротоари поширoки
од 1.5м. кои некаде достигнуваат ширина и 3.0 метри. Оваа улица во недостиг на
реализирани улици од примарната улична мрежа е многу фреквентна и добро е да
има поширoки тротоари и коловоз.е на дозволените параметри според
ПравилникотСервисната улица "9 Мај" е со широчина на коловозот од 6.0 метри и 2х1.5 м.
тротоари. Таа е постојна сообраќајница.
Сервисната улица "Партизанска - крак" е со широчина на коловозот од 6.0 метри и 2х1.5 м. тротоари.
Ширината на станбените улици према ГУП изнесува најмалку 5.5 метри коловоз и
2х1.5 метри тротоар.
Станбените улици ул."Сане Ѓеоргиев", "Тодор Чучков" и "Никола Чаулев" се

со идентичен профил на улици - коловоз од 5.5м и тротоари со 2x1.5м со одредени
проширувања каде за тоа има услови и према границата на сопственост на парцелите.
Минималната широчина на пристапната улица изнесува 5.5 метри. Пристапни
улици во овој опфат се улиците: "Ѓошо Сланката", ул."9-ти мај - крак", ул. "Сане
Георгиев - крак".
Профилите на сите сообраќајници дадени се во графичките прилози и се изработени спрема стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.
Пешачките улици и тротоарите ќе се обработуваат (поплочуваат) со материјали
кои го оплеменуваат просторот. Максимално да се избегнува обработката на
тротоарите со асфалт, а постојните асфалтирани тротоари постепено да се заменуваат со материјали кои нема да имаат негативно влијание врз животната
средина. Ивичниците кои го одвојуваат сообраќајното од пешачкото движење треба
да се планираат со оборени ивици во однос на сообраќајницата.
Потребата од паркирање за станарите на станбените објекти ќе се решава исклучиво во сопствените парцели и објекти во дворните места, во подрумските или
приземниот дел, а потребниот број на паркинг места и димензионирање на истите ќе
се врши согласно поглавие 10. Паркирање и гаражирање член 61 од од Правилникот
за стандарди и нормативи за урб. планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12; 126/12 и
19/13).
Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како
вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на
сообраќајот.
Големината на радиусите на хоризонталните кривини во зависност од категоризацијата на уличната мрежа се во согласност со чл. 74 од Правилникот.

Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

Водовод

Во предвидениот опфат потребно е да се промени целата водоводна инсталација која е изведена со поцинкувани и АЦ цевки. АЦ цевка ф300 по булевар
Партизанска да се замени со ПЕ цевка НД315мм.

Канализациона инфраструктура

Поради фактот што поголемиот дел од канализационата инсталација е изведен

со керамички цевки со мал профил потребно е дел од инсталацијата да се замени,
дел да се дислоцира. Најмалиот профил кој треба да се користи за улична канализација е ф200мм(НД250мм).

ПРЕДЛОГ ***Планирана ел. енергетска инсталација, улично осветлување и телефонска инсталација***

Енергетска инфраструктура

Со новопреоктираната парцелација на дел од населба "ГОРНО МААЛО" Општина-Штип опфат помегу ул. "Партизанска" ", ул. "Борис Кидрич", ", ул. "Тодор
Чучков", ќе доведе до зголемување на станбените објекти, угостителство, услуги,
занаети, трговија, административни функции и др. а со тоа и до зголемување на
потрошувачката на електрична енергија. Трендот на потрошувачка на електрична
енергија продолжува, па затоа изградба на нова високонапонска мрежа со трансформаторски станици, нисконапонска мрежа, улично осветление и телефонски
развод е неопходно.

Со новопроектираната парцелизација на дел од населба "ГОРНО МААЛО"
Општина-Штип прикажани се постојни ТС 10/0,4 кВ кој сега моментално целосно или
дел од нив го напојува овој дел од градот.

Електричната високонапонска мрежа со трансформаторски станици, нисконапонска мрежа, улично осветление и телефонски развод и потребите од
планираната едновремена снага за сите објекти се димензионирани према следните
параметри:

Домување

Пен=Пен´ +Пен"

Пен´=Фн´+Пе´хн Фн´ = Фч´ + 1-Ф´ч = 0.233

Пен"=Фн"+Пе"хн Фн" = Ф"ч" + 1-Ф"ч = 0.905

Пен - вкупна едновремена електрична снага домување

Пен´ - едновремена електрична снага за "Н" станови

Пен" - едновремена електрична снага за затоплување

Пен´ - едновремена електрична снага за просечен стан Пе" = 13кЊ

Пен" - едновренена електрична снага за просечен стан за затоплување Пе=2,5кЊ

Ф´ч = 0.233 број на станови 542

Ф"ч = 0.905 затоплување

Фн´ и Фн" - фактор на едновременоста за "Н" станови.

Едновремената електрична снага за домување Пен = 2868 кЊ за останатите
предвидени функции, едновремени функции едновремена електрична снага се
пресметува спрема нето површина и следните карактеристики:

- за угостителство, туризам.услуги..... 0,14кЊ/м2

 за занаети, трговија,образование..... 0, 1кЊ/м2
 за административни општествени функции 0,08кЊ/м2
 за спортски објекти 0,07кЊ/м2
Едновремената снага за останатите функции изнесува 168 кЊ
Вкупната потребна едновремена снага за локалитетот изнесува 3036 кЊ.
Према тоа објектите ќе се напојуваат од постојните трафостаници ТЦ10/0,4кВ
постојаната високонапонска електрична мрежа, улично осветление и телефонска
инсталација, а сега постојат ТЦ 10/0,4кВ;1х630 кВА на улица "Охридска", ТЦ
10/0,4кВ;1ц630 кВА на улица "Санде Горгиев"; ТЦ 10/0,4кВ;1х630 кВА на улица
"Борис Кидрич" кои остануваат како такви, а се предува изградба на нова ТЦ 10/0.4 кВ; 2х1000 кВА на улица "Сане Горгиев" и ул. "Партизанска-крак", исто
така се предвидува високонапонска електрична мрежа со подземни каблови

поврзани меѓусебно во ринг за сигурносно напојување. Сигурноста односно
континуитетот во напојувањето е еден од елементите на квалитетно напојување на
потрошувачката со електрична енергија. Пресекот на 10кВ кабел и точната траса на
полагање ќе се одреди со изработка на главниот проект за енергетско напојување.
Нисконапонскиот развод ќе се води кабловски, на надземни бетонски столбови
со самоносиви каблови во зависност од потребната електрична енергија на објектите
и теренот.
Улично осветление
Сообраќајниците во локалитетот во поглед на светлотехничките параметри се
класифицираат во следните класи:
 класа "1" главни сообраќајници
 класа "2" споредни, локални
 класа "3" паркинг простори
За улично осветление ќе се користат металхалогени и живини светилки поставени на бетонски столбови према пропишаните прописи и светлотехнички
барања за тој вид на сообраќајници. Распоредот на уличните столбови и нивните
поврзувања ќе се одреди со главен проект за улично осветлување.
Комуникациска инфраструктура
Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата

на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ИСДН
линии, АДСЛ, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до
информациите.
Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и
надземна мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.
За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучници, од првостепено
значење се намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба
да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.
Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде
извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со А.Д.
"Македонски Телекомуникации" - подружница Штип.

- Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за
лица со инвалидитет

Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на лица со инвалидитет се предвидува да се постави рампа за движење на инвалидизирани
лица посебно пред влезовите во објектите наменети за колективно домување,
јавните и комерцијалните објекти

Мерки за заштита

Мерки за заштита според Заштитно конзерваторските основи
бр. 07-399/2 од 26.12.2011 г.

...." 6. Мерки за заштита
6.1. Валоризација

Во рамките на азаштитеното подрачје постои објект заштитен ед леге Ѣ законска обврска согласно Законот з азаштита на културното наследство 20/04, за стекнување статус
на културно наследство заштитено врз основа на закон односно воспоставување заштита на
недвижно културно наследство на зграда чија главна и ефективна намена е чување или
изложување на движно културно наследство, архивска граѓа.
6.2. Категоризација
Предвидена е следната категоризација:

НАЗИВ АДРЕСА КАТЕГОРИЈА СПОРЕД ЗАГРОЗЕНОСТ	КАТЕГОРИЈА СПОРЕД ЗНАЧЕЊЕ
Јавен објект Архив на Македонија Подрано одделение - Штип Ул. "Сане Георгиев" 36	

КП 4547
Незагрозено културно
наследство
Значајно културно
наследство

6.3. Режим на заштита

6.3.1. Режим на заштита на културното наследство

Се предлага **режим на заштита од втор степен** кој подразбира зачувување на изворната состојба и можност за адаптација на ентериерот, работи на ревитализација,
уредување или изградба на нови објекти на празната локација под одредени услови. Поради
можност од зголемување на фондот на архивска граѓа или други причини, ќе постои потреба
од нов објект или проширување на постоечкиот. Бидејќи парцелата на која се наоѓа доброто
е доволно голема се дозволува изградба, но без нарушување на постојниот изглед.

Режим на заштита на урбаниот опфат

Бидејќи во предметниот опфат постојат индивидуални објекти за домување без архитектонски карактеристики, режимот н азаштита ќе биде следниот:

Зачувување на габаритот, висините да не бидат поголеми од културното добро, во
парцелите може да се прават доградби во согласност со урбанистите. Објектите кои се
стари и сопствениците сакаат да ги рушат и градат нови постојат услови за нова градба,
со запазување на постоечката градежна и регулациона линија на објектот.

6.3.2. Режим на заштита на контактната зона

Се предлага режим на заштита од трет степен....."

Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 5.70 ха и е изградена површина.

Основен загадувач на просторот претставува постоењето на моторен сообраќај. Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на две
основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на
истите:

- □ аерозагадување и мерки за заштита
- □ загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- □ извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата и камионите кои се движат по постојните улици и внатре во
комплексот.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни
површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва и мерки за заштита

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно
редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на
штетна бучава.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар,
одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да
престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример вработени,
посетители, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 5.5 м. со што се овозможува лесна
подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и
спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради
лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката
документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои
водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на
нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со
минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии
приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на
меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да
биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 100 - 300 м постои ПП дом.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да

се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно
димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од
девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.
Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за
сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни
профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се
обезбеди проток на луѓе и возила.

Мерки за заштита и спасување

За дадениот плански опфат, за изработка ДУП "ГОРНО МААЛО", дел од урбан блок бр. 7, се предвидени мерки за заштита и спасување, врз основа на член
53 став 2 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М бр 36/04 и 49/04) со
специјална уредба е одреден начинот и примената на мерките за заштита и спасување. Со оваа уредба се уредува начинот на применувањето на мерките за
заштита и спасување при планирањето и уредувањето на просторот и населбите во
проектите и при изградба на објектите, како и учеството во техничкиот преглед на
изградените објекти.
Со изработка на деталениот урбанистички план, во делот што се однесува на
мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз
основа на проценатa на загрозеност на опфатот за кој се изработува деталниот
урбанистички план.

5. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

Донесувањето на овој ДУП ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото
непосредно опкружување од аспект на подобрување на животниот стандард и
квалитет на живеење на луѓето, повисока организација, инфраструктурна опременост
и уреденост на просторот.
Изработката на овој ДУП е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува

со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита
на животната средина.

6. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. Плански опфат е подрачје уредено со урбанистички план.
2. Граница на планскиот опфат е планска одредба која се уредува со урбанистички план и е граница на подрачје наменето за градење.
3. Градежно земјиште е земјиште чија што намена и начин на уредување, градење
и користење се утврдува со урбанистички план.
4. Градежната парцела е основна и најмала единица на градежното земјиште
ограничена со регулаторните линии: граница на градежна парцела и регулациона линија.
5. Граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистичкиот план е
линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.
6. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за
општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.
7. Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и
нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12 и 126/12)
и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка
на урбанистичките планови (Сл. в. на РМ бр. 78/06) и се дефинирани согласно
поставени регулациони и градежни линии.
Во максималната бруто развиена површина на сите градби не е вклучена површината на конзолите.
8. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

9. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената
висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на
кровот) и се изразува во должни метри. Од висината
на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.
10. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките
за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните лица.
11. Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации

како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се
изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие услови што
се составен дел на документацијата.
12. Основен, а воедно и доминантен вид на градба во овој опфат се индивидуалните станбени куќи, кои се изградени објекти.
13. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на
искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот
за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.
63/12, 126/12) и се дадени во табелата во нумеричкиот дел на планот за секоја
парцела одделно.
Има отстапување од дозволениот процент на изграденост но тоа се должи на веќе изградени објекти по претходниот ДУП или претходниот ДУП предвидува поголем процент на изграденост.
14. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во
градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените
граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на
сопственикот и креативноста на архитектот.
15. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на
сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските
објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како
јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.
16. Условите за изградба на сите предвидени објекти треба да содржат и посебни
услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.
17. При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на
елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето
на дворното место на објектите за домување, а во зоната на сообраќајниците

линеарното зеленило и другите слободни простори како парковско зеленило.
18. Сметот ќе се одлага во контејнери и канти за отпадоци, лоциран на погодно
место во рамките на урбаниот опфат.
19. Локацијата на контејнерите и кантите за отпадоци мора да биде достапна за
возилата за подигање на сметот и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

9. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно за секој
објект и изнесуваат Нмах 3.5м до Нмах 14.0м. рачунато од пристапната улица
односно од тротоарот.
2. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање) ќе се определи согласно чл.
61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.
весник на РМ" бр. 63/12, 126/12 и 19/13).
3. Степенот на озеленетост на ниво на урбанистичка парцела да биде 15%.
4. За површините со намена Д1 да се изработи проект за хортикултурно уредување.
5. Во зададениот плански опфат се предвидени три трафостаници за кои се предвидени посебни парцели со **бр.11-(постојна), бр.19 и бр.44 - новопредвидени**. Овие трафостаници се приземни објекти со катни висини од
3.5м.

Најголемиот дел од планираните парцели се со класа на намена **А1-индивидуално домување во станбени куќи.** Парцелите со бр.12, бр.13, бр.14,
бр. 15, бр.16, бр.17, бр.21, бр.23, бр.24, бр.25, бр.26, бр.28, бр.29, бр.30, бр.34, бр.37, бр.39, бр. 18, бр.55, бр.56, бр.57, 58, 59, 61, бр.67, 69, бр.70, бр.71, 72, бр.85,
бр.86, бр.106, бр.107, бр.108, бр.110, бр.112, бр.115, бр.126, бр.129, бр.132, се предвидени со катна висина од П+1, односно дозволената максимална висина од
6.5м. Површините што ги зафаќаат парцелите се различни од 40м2 до 400м2.

Со катна висина од П+1 и дозволена максимална градба од 9.0м се парцелите со
бр.77, бр.78, бр.79. (заради конфигурацијата на теренот постојното приземје е на
3.0 м од постојниот тротоар).

Со катна висина од П+2+Пк и дозволена максимална градба од 9.5м се парцелите
со бр. 73, бр.74, бр.75.

Со предвидена висина приземје, кат и поткровје се парцелите со **бр.25, 26, 27, 28,**
29, 30, 31, 32, 33, 34, 36, 37, 39, 46, 49, 65, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 116, 117,
118, 119,120,124, 125, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147, 148, максималната
висина на објектите е 7.5м.
Со предвидени три катни висини, П+2 (Нмакс= 9.0м) се следниве парцели: **бр. 1, 2,**
3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 41, 42, бр.43, бр.47,48, 50, 51, 52, 53, 54, 64, 80, 81, 82, бр.101, 102,
бр.103, бр.104, бр.105, бр.109, бр.111, бр.113, 121, 122, 123, 127, 128, 130, 131, 133,
134, 135, 136.
За парцелите со бр. 128, 130, 131 и 135 максималната кота до венец Нмах=9.0м
се смета од сервисната улица "9-ти мај".

КОЛСКИ ПРИСТАПИ ДО ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ:

1. **Од сервисната улица "Партизанска - крак"** пристапуваат парцелите: 1, 4, 5,
20 и 21
2. **Од сервисната улица "Борис Кидрич"** пристапуваат парцелите: 2, 3, 6, 7, 8, 9,
77, 78, 79, 80, 81, 82, 64, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 98, 99, 100, 101, 102, 114,
3. **Од сервисната улица "9-ти мај"** пристапуваат парцелите: 24, 25, 26, 27, 28, 29,
30, 31, 32, 33,, 34, 41, 42, 43, 121, 122, 123, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147, 148, 149,

4. **Од станбената улица "Сане Георгиев"** пристапуваат парцелите: 103, 104, 105,
106, 107, 108, 109, 110, 111, 113, 116, 10, 12, 13, 14, 35, 36, 37, 39, 40, 41, 42, 43, 45, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 73, 74, 75, 76,
5. **Од станбената улица "Никола Чаулев"** пристапуваат парцелите: 110, 112, 115,
117, 118, 119, 120,
6. **Од станбената улица "Тодор Чучков"** пристапуваат парцелите: 124, 125, 126,
129, 132,
7. **Од пристапната улица "Ѓошо Сланката"** пристапуваат парцелите:46, 49, 55,
56, 57, 58, 59, 61, 62, 63, 65, 67, 69, 70, 71, 72, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96,
8. **Од пристапната улица "Сане Георгиев" - крак** пристапуваат парцелите: 15,
16, 17, 23
9. **Од пристапната улица "9-ти мај -крак"** пристапуваат парцелите: 127, 128, 130,
131, 133, 134, 135, 136, 138

ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ:

Во склопот на планскиот опфат присутни се и објекти од јавен карактер, парцела
бр. 32 со основна класа на намена В Јавни институции - В4 - Историски архив и
парцела бр. 128 со класа на намена В2 - Здравство и социјална заштита.
Парцела со бр.35, В4 - Историски архив е објект затекнат на постојна состојба со
истоимената намена. За истиот објект со претходниот ДУП е предвидена одредена
површина за градење. Меѓутоа оваа површина за градба во новопланираниот ДУП
(поради потребата за поголема локација и можноста што ја нуди локацијата) е
зголемена, со што површината за градба е 653 м2 односно бруто површина за
градба од 1783.00м2. Ова значи дека постојниот објект е задржан каков што е, а до
него се предвидува доградба со височина од П+1 кат (Нмах=7.5м).
Парцела со бр.138, В2 - Здравство и социјална заштита. За објектот со претходниот ДУП е предвидена надградба од еден кат (П+2, Нмах= 10.5м2). Оваа
надградба е потврдена со новопланираниот ДУП, со што површината за градба е
153 м2, односно бруто површина за градба од 459м2.

КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ:

Како објекти со комерцијални дејности се објектите од парцела бр.9 и бр.10.
Парцела бр.9 е со класа на намена Б1- мали комерцијални и деловни објекти, со
катна висина од П+1. Тоа е изведен објект и е означен со информативна линија.
Парцела со бр.10 - Постоен објект со намена голема трговска единица - Б2. Се
предвидува надградба над постојниот со катна висина од П+1/П+1+Пк, со
компатиболни класи на намена: А2, А3, Б3, Б4, Б5, В3 и В4 со максимален дозволен
процент на учество на збирот на компатибилни класи на намена во однос на
основната класа од 40% согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урб.
планирање (СЛ.весник бр. 63/12; 126/12 и 19/13). Паркирањето на овој објект ќе
биде на јавен паркинг од источната и западната страна на објектот.

ДОМУВАЊЕ:

Домување - А3

Групно домување со класа на намена А3 е предвидено во парцела бр.21. Објектот

предвиден во оваа парцела се развива со катна висина од П+2+Пк/П+3+Пк, со
дозволена катна висина од Н=14м.
Ова значи дека постојните две ламели се надградуваат: поништата се надградува
со кат и поткровје, а повисоката само со поткровје.
Домување во станбени згради - А2
Објекти односно парцели со класа на намена од А2 се парцелите со бр. 20, 22, 23,
24, 76, 121, 122, и 123. Сите парцели се постојни, освен парцела со бр.20 е ново
проектирана. Колските пристапи до постојните парцели се од секундарната улична
мрежа.
Град. парцела бр. 20 - А2 (Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3; - Б4 -40%)
- **Основна класа на намена - А2** - домување во станбени згради;
Компатибилни класи на намена на А2: - Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3, со вкупно учество на компатибилни класи до 40%;
- Површина на градежна парцела - 1 598 м2;
- Површина за градење - 662.60 м2;
- Вкупна бруто површина по катови - 3313.00м2
- **Во максималната бруто развиена површина не е вклучена површината на конзолите;**
- Процент на изграденост - 47%
- **Нмах**= 12.5 метри до хоризонталниот венец на градбата. Оваа планска одредба е условена и се остварува доколку се докаже дека во постапката за
спроведување на планот се исполнети условите во рамките на градежната парцела да се обезбеди потребниот број паркинг места, согласно чл. 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12 и19/13);
- **Максимален број на катови** - П+3+Пк;
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме е до 4.50
метри од завршниот венец на градбата;
- **Од висината на слемето отстапуваат** само линиските вертикални технолошки инсталации;
- Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се **уредува потпокривен простор** кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратовите на градбата. Во потпокривот може да
се користи само една спратна височина;
- **Кота на нултата плоча - кота на приземје** во однос на котата на улицата од
која се пристапува (сервисна улица "Партизанска-крак"), може да изнесува
+15 см до мах +1.2 м;
- **По.Г.Л.** - подземна градежна линија - подрумот може да биде под целата градежна парцела;

- **Паркирањето на возилата** се предвидува во рамките на градежната парцела.
Потребниот број места за паркирање ќе се одреди со **основниот проект** према реалниот број на станови и деловен простор во објектот, а согласно
-

член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12, 126/12);
- **Градежната парцела сообраќајно се опслужува** од сервисната улица "Партизанска - крак";
- **Заштита на животна средина** - при оформување на содржините во градежните парцели, да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 78/10; 124/10; 51/11 и 123/12);
Град. парцела бр. 76 - А2 (Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3; - Б4 -40%)
- **Основна класа на намена - А2** - домување во станбени згради;
Компатибилни класи на намена на А2: - Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3, со вкупно учество на компатибилни класи до 40%;
- Површина на градежна парцела - 437 м2;
- Површина за градење - 256.0 м2;
- Вкупна бруто површина по катови - 1 280.00м2
- **Во максималната бруто развиена површина не е вклучена површината на конзолите;**
- Процент на изграденост - 60%
- **Нмах**= 12.5 метри до хоризонталниот венец на градбата. Оваа планска одредба е условена и се остварува доколку се докаже дека во постапката за
спроведување на планот се исполнети условите во рамките на градежната парцела да се обезбеди потребниот број паркинг места, согласно чл. 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12);
- **Максимален број на катови** - П+3+Пк;
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме е до 4.50
метри од завршниот венец на градбата;
- **Од висината на слемето отстапуваат** само линиските вертикални технолошки инсталации;
- Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се **уредува потпокривен простор** кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратовите на градбата. Во потпокривот може да
се користи само една спратна височина;
- **Кота на нултата плоча - кота на приземје** во однос на котата на улицата од
каде што се пристапува (станбена улица "Сане Георгиев"), може да изнесува
од +15 см до мах +1.2 м;
- **По.Г.Л.** - подземна градежна линија - подрумот може да биде под целата

градежна парцела;
- **Паркирањето на возилата** се предвидува во рамките на градежната парцела.
Потребниот број места за паркирање ќе се одреди со **основниот проект** према реалниот број на станови и деловен простор во објектот, а согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12, 126/12 и 19/13);
- **Градежната парцела сообраќајно се опслужува** од станбената улица "Сане
Георгиев";

- **Заштита на животна средина** - при оформување на содржините во градежните парцели, да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 78/10; 124/10; 51/11 и 123/12);
6. Бројот на паркинг места за сите градежни парцели ќе се определи согласно
член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање
("Сл.весник на РМ" бр. 63/12; 126/12 и 19/13).

ИЗВОД ОД ОКОЛНИ ДУПОВИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-972/2 од 12.02.2019 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 124

ДУП: за дел од УЕ 28

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 07-5934/1од 27.08.2014год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Табела со нумерички показатели

3.ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ

Изготвил: диа.Викторија Инџекарова

Контролирал:диа.Душко стојанов

ГРАДОНАЧАЛНИК,

Благој Бочварски


TS 10/0,4kV 630kVA
БЛОК - N
РД
РЛ=ГП
ЦЈ=РЛ
ГП=ИЛ
ГЛ
ИЛ
ЦИ
Б4
П+2
Е2
П
Б2
П+4
Д2
Е1
Б
А2
П+3+Пк
П+1
П+6
28.12.
28.13.
28.15.
28.16.
28.17.
28.18.
28.19.
28.20.
28.21.
28.22.
28.23.
28.24.
28.25.
28.26.
28.27.
28.28.
28.29.
28.30.
28.31.
28.32.
28.33.
28.34.
28.35.
28.36.
28.37.
28.1.
28.2.
28.4.
28.5.
28.6.
28.7.
28.8.
28.9.
НОВОПРЕДВИДЕНА КВТС 10/0,4kV-630kVA
ПОСТОЕЧКА КАНАЛИЗ. ЛИНИЈА (ЗА ИЗМЕСТУВАЊЕ)
КРАК 1 НА УЛ. ТИРИНСКА
КРАК 2 НА УЛ. ТИРИНСКА
КРАК 3 НА УЛ. ТИРИНСКА
КРАК 4 НА УЛ. ТИРИНСКА
КРАК 5 НА УЛ. ТИРИНСКА
УЛ. "ТИРИНСКА"
УЛ. "ТАТИЗАНСКА"
УЛ. "БОРИС КИДРИЧ"
УЛ. "ВАРДАРСКА"
ТС 10/0,4kV 2 X 1000kVA ТП ЈУЛЕ
ТС 10/0,4KV 630KVA ПИРИНСКА
hdpe od63
hdpe od40
pvc od160
ac f300
ac f100
ac f350
kc f200
kc f250
pe od315
pe od63
pe od250
GRAD
4430
4438
4445
4446
4447
4441
4431/2
4431/10
4452
4858
4858
4971
4129
4130
275.50
270.05
274.38
274.10
275.20
276.98
279.76
281.02
277.91
278.13
278.92
284.50
285.15
287.81
288.20
290.15
291.90

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Легенда на графички симболи

Граница на плански опфат	Водоводна инфраструктура
РЛ Регулациона линија	Канализациска инфраструктура
ГП Граница на градежна парцела	Канали.линија-нова траса
ГЛ Градежна линија	Електрична инфраструктура планир а
П.Г.Л Помошна градежна линија	Подземна ТК кабелска инсталација
И.Л Информативна линија	ПодземниТК кабели
28.37. Број на ГП	

Легенда на намена на површини

Булевар	Е2 Инфраструктура-постојна трафостаница
Собирна улица	Е2 Инфраструктура-новопредвидена трафостаница
Станбена улица	Бесправно изградени објекти
Пристапна улица	
Тротоар/Пешачка патека	
Е1 Паркинг	
Постојна состојба	
Е2 Комунална супраструктура/бензинска пумпна станица,противпожарен дом/	
Б4 Деловни простори	
Д2 Заштитно зеленило	
В2 Здравство и социјална заштита	

0 5 10 20

2.5 15 25м

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

СИНТЕЗЕН ПЛАН



Пристапна улица
ак 6 на Ул.˝Пиринска˝

Пресек 10-10

Бр.ГП	Група на класа на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена	Макс. компа	Висина на објект	Површина на парцела	Површина на градба	Бруто површина на градба	Проце. на изград.	паркирање	поната. процедуда
28.1	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+6	1806	825	5775	45%	во парцела	/
28.2	Е	Е2. комунална супраструктура /противпожарен дом/	/	/	П+1	1452	755	1510	52%	во парцела	/
28.3	Е	Е2. комунална супраструктура ТС	/	/	П	47	7	7	15%	/	/
28.4	Б	Б2. големи трговски единици	/	/	П+2/П	6150	3557	7416	58%	во парцела	/
28.5	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+4	432	376	1880	87%	на јавен паркинг	/
28.6	В	В2. јавни институции	/	/	П	157	157	157	100%	на јавен паркинг	/
28.7	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+4	425	376	1880	88%	на јавен паркинг	/
28.8	Е	Е2. комунална супраструктура /бензинска пумпна станица/			П	2225	1546	1546	68%	во парцела	Архитектонско-урбанистички проект
28.9	Б	Б4.деловни простори	Б1-40%;Б2-40%;Б3-40%;Б5-4-%;В3-40%;Д3-40%;	/	П+2	7578	3101	9303	41%	во парцела	Архитектонско-урбанистички проект
28.10	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+2/П	817	253	603	31%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.11	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+2	563	220	660	39%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.12	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+2/П	612	240	590	39%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.13	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+2	351	202	606	58%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.14	Е	Е2. комунална супраструктура ТС	/	/	П	80	24	24	27%	/	/
28.15	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+3+Пк	662	224	1120	34%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.16	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+2	444	198	594	45%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.17	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+2	434	186	558	42%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.18	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+3+Пк	607	236	1180	39%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.19	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+3+Пк	881	235	1175	27%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.20	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+3+Пк	707	258	1290	36%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.21	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+1	472	209	418	44%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.22	Е	Е1. комунална инфраструктур	/	/	П	88	88	88	100%	/	/
28.23	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+1	643	226	452	35%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.24	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+1	541	207	414	38%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.25	Е	Е1. комунална инфраструктур	/	/	П	75	75	75	100%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.26	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+1	580	221	442	38%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.27	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+1	1168	326	652	28%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.28	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+1	497	246	492	49%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.29	Е	Е1. комунална инфраструктур	/	/	П	108	108	108	100%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.30	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+1	820	285	570	35%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.31	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+1/П	571	262	443	46%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.32	Е	Е1. комунална инфраструктур	/	/	П	55	55	55	100%	/	/
28.33	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+2	857	350	1050	41%	40%-парцела 60 % јав.паркинг	/
28.34	А	А2.домување во станбени згради	/	/	П+1	362	195	390	54%	/	/
28.35	Е	Е1. комунална инфраструктур	/	/	П	93	93	93	100%	/	/
28.36	Е	Е1. комунална инфраструктур	/	/	П	20	20	20	100%	/	/
28.37	А	А1.домување во станбени куќи	/	/	П+Пк	152	68	136	45%	во парцела	/
			Вкупно:	/	/	33539	16001	40659	/	/	

*** НАМЕНА НА ПОВРШИНИ** /планирана состојба/

Намена на површини	*Површина*	*Процент*
1. Домување во станбени куќи (А1)	*152 м²*	*0.3%*
2. Домување во станбени згради(А2)	*16099 м²*	*30 %*
3. Комунална супраструктура(Е2)	*3811 м²*	*7%*
4. Здравство и социјална заштита(В2)	*157 м²*	*0.3%*
5. Деловни простори(Б4)	*7578 м²*	*14.1%*
6. Големи трговски единици(Б2)	*6150 м²*	*11.5%*
7. Комунална инфраструктура(Е1)	*19641 м²*	*36.7%*
ВКУПНО:	*53588 м²*	*100%*

* СПОРЕДБЕНА ТАБЕЛА /ПОСТОЈНА И ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА/

	Површина		Проценти	
Намена на површини	Постојна состојба	Планирана состојба	Постојна состојба	Планирана состојба
1. Домување во станбени куќи (А1)	68 $м^2$	152 $м^2$	0.1%	0.3%
2. Домување во станбени згради(А2)	6119$м^2$	16099 $м^2$	11.3%	30%
3. Комунална супраструктура(Е2)	1226$м^2$	3811$м^2$	2.0%	7.0%
4. Здравство и социјална заштита(В2)	157 $м^2$	157$м^2$	0.3%	0.3%
5. Деловни простори(Б4)	1832$м^2$	7578 $м^2$	3.4%	14.1%
6. Големи трговски единици(Б2)	3557 $м^2$	6150 $м^2$	6.7%	11.5%
7. Комунална инфраструктура(Е1)	10504 $м^2$	19641 $м^2$	20%	36.7%
8. Јавна неизградена површина	30125 $м^2$	/	56.2%	/
ВКУПНО:	53588 $м^2$	53588 $м^2$	100%	100%



Пресек 12-12



Пресек 11-11

* П Р Е С Е Ц И /СООБРАКАЈНИЦИ/

ПРИМАРНА МРЕЖА НА УЛИЦИ



Градска Магистрала Булевар ˝Партизанска˝

Пресек 1-1



Собирна Ул.˝Борис Кидрич˝

Пресек 2-2



Собирна Ул.˝Вардарска˝

Пресек 2´-2´

СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА



Станбена улица
крак на Ул.˝Пиринска˝

Пресек 3-3



Станбена улица
˝Пиринска˝

Пресек 4-4



Станбена улица
˝Пиринска˝

Пресек 4´-4´



Станбена улица
крак 1 на Ул.˝Пиринска˝

Пресек 5-5



Станбена улица
крак 1 на Ул.˝Пиринска˝

Пресек 5´-5´



Станбена улица
крак 3 на Ул.˝Пиринска˝

Пресек 6-6



Станбена улица
крак 3 на Ул.˝Пиринска˝

Пресек 6´-6´



Станбена улица
крак 2 на Ул.˝Пиринска˝

Пресек 7-7



Станбена улица
крак 5 на Ул.˝Пиринска˝

Пресек 8-8



Пристапна улица
крак 7 на Ул.˝Пиринска˝

Пресек 9-9

1. ОПФАТ НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Опфатот е дефиниран со следните граници:

☐Од запад, опфатот е ограничен со осовина на бул. "Партизанска".

☐Од североисток опфатот е ограничен со осовина на крак на Ул."Пиринска".

☐Од југ опфатот е ограничен по северна граница на КП 5029;КП 4545;КП 4547;КП 4548/3;КП4543 и КП 4541,КО Штип 3.

☐Од југозапад опфатот е ограничен со осовина на Ул. "Борис Кидрич"

*Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 5,35 ха**3.***

ПЛАНИРАНА КЛАСА НА НАМЕНА

***Група на класа на намена** А -Домување*

***Основна класа на намена:** А2- Домување во станбени згради*

Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:

***- за А2 -** Б1(мали комерцијални и деловни намени) - 20%*

- Б2(големи трговски единици) - 30%

- Б4(деловни простори) - 20%

- Б5(хотелски комплекси) - 15%

- В3(култура) - 40%

- В4(државни институции) - 10%

- Д3(спорт и рекреација) - 40%

***Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 40%*

***Група на класа на намена** А -Домување*

***Основна класа на намена:** А1- Домување во станбени куќи*

Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:

***- за А1 -** Б1(мали комерцијални и деловни намени) - 30%*

- Б5(хотелски комплекси) - 5%

- В1(образование и наука) - 30%

- Д3(спорт и рекреација) - 30%

***Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 30%*

***Група на класа на намена** Б -Комерцијални и деловни намени*

***Основна класа на намена:** Б2- Големи трговски единици*

Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:

***- за Б2 -** А2(домување во станбени згради) - 40%*

- А3(групно домување) - 40%

- Б5(хотелски комплекси) - 40%

- Б3(големи угостителски единици) - 40%

- Б4(деловни простори) - 40%

- В3(култура) - 40%

- В4(државни институции) Ђ 40

***Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 40%*

***Група на класа на намена** Б -Комерцијални и деловни намени*

Основна класа на намена: *Б4- Деловни простори*
Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:
- за Б4 - *Б1(мали комерцијални и деловни дејности) - 40%*
- Б2(големи трговски единици) - 40%
- Б5(хотелски комплекси) - 40%
- Б3(големи угостителски единици) - 40%
- В4(државни институции) - 40%
- Д3(спорт и рекреација) - 40%
Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот: *40%*
Група на класа на намена *В -Јавни институции*
Основна класа на намена: *В2- Здравство и социјална заштита*
Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:
- за В2 - *Б1(мали комерцијални и деловни дејности) - 20%*
- Б4(деловни простори) - 20%
- Б5(хотелски комплекси) - 20%
- Д3(спорт и рекреација) - 20%
Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот: *40%*
Група на класа на намена: *Е - Инфраструктура*
Основна класа на намена: *Е2 - Комунална супраструктура*
Во наменската употреба на градежното земјиште Е2 спаѓаат терминали од секаков вид,аеродроми,гранични премини,бензиски пумпни станици,мерни станици,трафостаници до 20 кв,градби за производство на енергија,резервоари за вода,против пожарни домови,катни гаражни и сл.
Компатибилни класи на намена на основната класа на намена:
За Е2 - Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник бр. 63/12; 126/12,19/13,95/13)
Основа за изработка на Деталниот Урбанистички план ќе биде стратегијата за наменска употреба на земјиштето според ова Планска програма.
При планирањето на максималните површини за градба да се задоволи условот за потребниот број на паркинг места. Паркирањето ќе се одвива во градежната парцела и на јавни паркинзи. Истиот треба да е дефиниран со Основен проект согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко проектирање
Со предложеното решение се овозможуваат услови за планирање на организирани простори за градба
Во зоната за градба и површината на парцелата е оформена со максимално почитување на парцелацијата на теренот и максималните висини за ваков вид на објекти.
Растојанијата помеѓу објектите се во согласност со чл.42 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12,126/12;19/13,95/13,163/13). Со тоа се овозможени квалитетни микроклиматски услови (осончување и проветрување).
Планот предвидува урбанизација на просторот со почитување на сите законски определби и нормативи.
Во склоп на градежните парцели односно објектите се дозволува присуство на компатибилни класи на намена согласно со табела 2 од

Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање

(Сл.Весник на РМ бр.63/12,126/12, 19/13,95/13).
Во овој ДУП почитувани се основните начела во процесот на планирање и уредување на просторот, а тоа се:
- рамномерен просторен развој.
- рационално уредување и користење на просторот.
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните.
- надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет.
- Одржлив развој.
- Заштита и унапредување на животната средина и природата.
- Заштита на недвижното културно наследство.
- Заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии.
- Јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите
- Усогласеност со европските нормативи и стандарди во планирањето и уредувањето на просторот.

5. Опис и образложение на планскиот цонцепт просторниот развој и хармонизација на просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат

5.1 Домување

Предметниот простор е со површина од 5.35ха.
Во планираниот развој на локалитетот предвидени се 37 урбанистички парцели.Покрај група на класа на намена А,со основни класи А1 и А2, предвидени се од група класа намени Б со основна класа Б4(постоечка намена) и група на класа на намена Е со основна класа Е2 комунална супраструктура,противпожарен дом предвиден со ГУП 1999г каде со изработката на овој ДУП се задржува постојната градба и бензинска пумпна станица предвидена со Измена и дополнување на ГУП донесен во 2006год.каде во новото решение се нуди новопланирана градба.

5.3 Плански решенија за отстранувње на архитектонски бариери за движење на инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонски бариери при движење на инвалидизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да постави рампа за движење на инвадилизираните лица.

6. Опис и образложение на планското решение за изградба на наменската употреба, на градежното земјиште за општа употрба.

6.1 Сообраќајно решение

Во рамките на опфатот е изработено сообраќајно решение за локалитетот и негов приклучок на мрежата на постојните патишта. Врската односно сообраќајното решение до предметниот опфат е

дефинирано со следните сообраќајници.

Примарна сообраќајна мрежа:

Градска магистрала Бул.´´Партизанска´´ е со вкупен сообраќаен профил од 39м(2х7.5-коловоз, 2х4.0 тротоар, 2х2.5 сообракај за велосипеди ,2х 3.0 и 1х5.0 м зелен појас). Подолжниот наколон на магистралата е 3.5%

Собирна улица ´´Борис Кидрич´´ е со вкупен сообраќаен профил од 24 м(16.0м -коловоз и 2х4.0м тротоар). Подолжниот наколон на сообракајницата
е 6.7%Предложениот профил на собирната ул.´´Борис Кидрич´´ е изведен со поголема широчина од предвидениот профил по ГУП (коловоз 7м и 2х4м тротоар).Ваквото проширување се должи на близината на улицата Борис Кидрич со зона на крстосница.

Собирна улица ´´Вардарска´´ е со вкупен сообраќаен профил од 14.5 м(2х3.5м -коловоз и 1х2.0м зелен појас,1х5.5 тротоар и островo кое граничи со десната страна на улицата). Подолжниот наколон на сообракајницата е 1.5%

Секундарна сообраќајна мрежа:

- *Станбени улици*

Станбената ул."Пиринска" е со вкупен сообраќаен профил од 9.0 м.(1х6.0м -коловоз, 2х1.5-тротоар). Дел од парцелите опфатени во опфатот ќе пристапуваат од оваа сообраќајница.Подолжниот наколон на сообракајницата се движи од 1.1% до 2.2%

Крак 1 на ул."Пиринска"- станбената улица е со променлив сообраќаен профил кој се движи 8.5м(1х5.5-коловоз и 2х1.5 тротоар) до 10.5м (1х5.5м - коловоз, 2х2.5-тротоар). Дел од парцелите опфатени во опфатот ќе пристапуваат од оваа сообраќајница.Подолжниот наколон на сообракајницата се движи од 3.3% до 7.7%

Крак 2 на ул."Пиринска" -станбената улица е со вкупен сообраќаен профил од 8.5 м.(1х5.5м -коловоз, 2х1.5-тротоар). Дел од парцелите опфатени во опфатот ќе пристапуваат од оваа сообраќајница.Подолжниот наколон на сообракајницата се движи од 3.3% до 5.0%

Крак 3 на ул."Пиринска" -станбената улица е со вкупен сообраќаен профил од 8.5 м.(1х5.5м -коловоз, 2х1.5-тротоар). Подолжниот наколон на сообракајницата е 7.0%

Крак на ул."Пиринска"-станбената улица е со вкупен сообраќаен профил од 12.0м.(1х7.0м -коловоз, 2х2.5-тротоар). Подолжниот наколон на
сообракајницата е 4.5%

Крак 5 на ул."Пиринска" -станбена улица е со вкупен сообраќаен профил од 8.5 м.(1х5.5м -коловоз, 2х1.5-тротоар). Подолжниот наколон на сообракајницата е 10.0%

Крак 6 на ул."Пиринска" -пристапна улица е со вкупен сообраќаен профил од 7.0 м.(1х5.5м -коловоз, 1х1.5-тротоар). Подолжниот наколон на сообракајницата е 3.0%

Крак 7 на ул."Пиринска" -пристапна улица е со вкупен сообраќаен профил од 7.0 м.(1х5.5м -коловоз).Подолжниот наколон на сообракајницата е 3.1%

Профилите на сообраќајниците дадени се во графичките прилози и се изработени спрема стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.
Пешачките улици и тротоарите ќе се обработуваат (поплочуваат) со материјали кои го оплеменуваат просторот. Максимално да се избегнува обработката на тротоарите со асфалт. Ивичниците кои го одвојуваат сообраќајното од пешачкото движење треба да се планираат со оборени ивици во однос на сообраќајницата.
Потребата од паркирање ќе се решава во сопствените парцели и објекти како и на јавните паркинзи, а потребниот број на паркинг места и димензионирање на истите ќе се врши согласно поглавие 10. Паркирање и гаражирање член 61 од од Правилникот за стандарди и нормативи за урб. планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12 и 126/12).
Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.
Радиусите на кривините и техничките елементи на сообраќајната мрежа потребно е да овозможуваат брзини на движење според член 74 од Правилникот.
Паркирањето во рамките на опфатот ке се одвива еден дел на јавни паркинзи а дел во градежни парцели од кои градежните парцели 28.1,,28.2,28.4, 28.5,28.6, 28.7, 28.8 ,28.9 ке паркираат во сопствената парцела. Останатите потреби за паркирање од градежните парцели наменети со А2 -домување(постојни обекти означени со информативна линија) ке се решаваат на јавниот паркинг 60 %,а 40 % од потребите во градежните парцели.Во рамките на опфатот се наогаат и постоечки изградени склопови од гаражи кои ке прифатат дел од потребите за паркирањето. Во посебните одредби конкретно ќе биде наведено колку и каде ке се врши паркирањето за секоја градежна парцела.

6.2. Водоводна инсталација (планирана)

Согласно добиените информации, дадени од надлежната институција, во случајот ЈП Исар за планскиот опфат потребно е промена на целата водоводна инсталација заради унифицирање на материјалите како и за подобрување на квалитетот на водоснабдувањето.Потребно е овие материјали да бидат исфрлени од употреба и да се вградат ПЕ цевки
со соодветен профил , значи потребно е постојната линија да се реконструира .

6.3. Канализациона инсталација (планирана)

Согласно добиените информации, дадени од надлежната институција, во случајот ЈП Исар за планскиот опфат се предвидени неколку реконструкции. Истите се прикажани во графичкиот прилог "Инфраструктурен план" од Планската документација.

6.4. Планирана ел. енергетска инсталација, улично осветление и телефонска инсталација.

Енергетска инфраструктура

Со измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од УРБАНА ЕДИНИЦА бр.28 ,Опфат - Макпетрол ,за истиот потребно е да се
обезбеди напојување со електрична енергија.

Трендот на потрошувачката на електрична енергија продолжува, па затоа изградба на нова високонапонска мрежа со трансформаторски станици, нисконапонаска мрежа, улично осветлување и телефонски развод е неопходен.
Електричната високонапонска мрежа со трансформаторските станици, нисконапонска мрежа, улично осветлување и потребите од планирана едновремена снага за сите објекти се димензионирани според следните параметри:
За функцијата, едновремена електрична снага се пресметува спрема нето површина и следните карактеристики:
- за угостителство, туризам, услуги..... 0,14кЊ/м2
- за административни општествени функции и домување... 0,08кЊ/м2
- за болници и поликлиники..... 0,08кЊ/м2
- за ресторани и кујни..... 0,25кЊ/м2
- за спортски објекти 0,07кЊ/м2
- за индустриски објекти 0,10кЊ/м2
- за фарми 0,05кЊ/м2
- за магацини и стоваришта..... 0,03 - 0,04кЊ/м2
- среден за вакви објекти како производство, дистрибуција, сервис 0,065кЊ/м2

Анализа на снагите
Вкупната површина на оваа парцела во м2 изнесува 33.539 м2, односно површина за градба изнесува 15.973 м2, а поради катноста на објектите вкупната бруто површина за градба изнесува 40.436 м2.
Површината за градба е поделена во следните категории:
А2 - 23.174 м2 - Домување во станбени згради
Б2,Б4 - 13.775 м2 - Јавни институции и деловни простории
Е1,Е2 - 3.514 м2 - Комунална инфраструктура и супраструктура
Ф´1 – фактор на едновременост на објект
Фг1 – фактор на едновременост за сите објекти
Ф´1 = 0,65
Едновремената електрична снага за објекти А2,Б2,Б4,Е1 и Е2:
Пеа2 = 23.174 м2 ц 0,08 кЊ/м2 х 0,65 = 1.205 кЊ
Пеб2б4 = 13.775 м2 ц 0,08 кЊ/м2 х 0,65 = 716 кЊ
Пее1е2 = 3.514 м2 ц 0,07 кЊ/м2 х 0,65 = 160 кЊ
Вкупната едновремена електрична снага за сите објекти изнесува:
Пе = 2.081 кЊ
За предвидените објекти, напојувањето со електрична енергија се обезбедува преку високонапонски подземни кабли,отцеп од најблискиот 10кВ далекувод.
Врз база на урбанистичките показатели и специфичното оптеретување за односната градежна парцела на која веќе има изградени енергетски објекти со вкупна инсталирана снага од 2630 кВА (ТС Пиринска
2 и ТЦ Дујле) , а врз база на предходните пресметки ,на постоечките енергетски објекти им е ангажирана целокупната нивна снага. Од тие причини потребно е изградба на нова Трафостаницата 1 ц 630 кВА или зголемување на ТС Дујле со трансформатори 2 ц 1250 кВА како инсталирана резерва при евентуални проширувања.
Врз база на добиените резултати за потребната моќност на

парцелата, а по претходно изработен Архитектонски проект ,ЕВН Македонија - КЕЦ Штип ќе ги одреди условите и начинот на приклучување
на објектите со претходно доставено барање за енергетска согласност.

Улично осветление

Сообраќајниците во локалитетот во поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

За улично осветление ќе се користат живини светилки поставени на челични столбови према пропишаните прописи и светлотехнички барања за тој вид на сообраќајници. Распоредот на уличните столбови и нивните поврзувања ќе се одреди со горенаведениот главен проект.

Комуникациска инфраструктура

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ИСДН линии, АДСЛ, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и надземна мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.
За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучници, од првостепено значење се намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.
Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации" - подружница Штип.

7. Мерки за заштита

а). Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 5.35ха. Основни загадувачи на просторот преставуваат, постоењето на моторен сообраќај и предвидените содржини во зоната. Имајќи ја оваа состојба, во предвид може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите.

- Аерозагадување и мерки за заштита.
- Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита.
- Извори на бучава и мерки за заштита.

б). Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуаат издувните гасови од возилата кои се движат по постојните улици.
Имајќи ги во предвид наведените постојни и идни можни извори на загадување на животната средина во ДУП и овој елаборат се превземени конкретни мерки на заштита поединечно на секој извор.
Заштитното зеленило покрај апсорпционата улога на бучавата ќе

представува и природен филтер на воздухот од издувните гасови што ги создаваат моторните возила.
Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина.
За подобрување на квалитетот на воздухот во населбата, на сите слободни површини, во склоп на општествениот стандард, предвидени се поголеми зелени површини на ниво на населба.

в). Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

Со приклучок на целата населба на градскиот канализационен сисрем ќе дојде до намалување на загадувањето на почвата во дозволени граници.
Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадни води.

г). Извори на бучава и мерки на заштита.

Смалување на бучавата поради зачувување на животната средина на човекот може да се направи на три начини:
Максималните габарити на архитектонските елементи треба да се движат внатре во веќе опишаните граници. Истите ќе бидат утврдени со изработката на идејните решенија на објектите.

Архитектонска обработка на фасадите на објектите, крововите и друго ќе биде со примена на нови градежни материјали и примена на нови технологии на градење. Покривањето треба да биде со коси кровови со оглед на големите температурни разлики на поднебјето, со мах. нагиб од 1:3.

Пристапот до објектите и до заедничките содржини ќе биде решен со пешачки пристапни патеки и со приоди за лесни моторни возила и товарни возила, во зависност од намената на објектот.

Сообраќајна инфраструктура

Во локалитетот кој е предмет на изработка на овој ДУП сообраќајот има примарно значење заради постојните содржини во опфатот и

предвидената намена со ГУП. Овој опфат го тангираат двете градски магистрали ГМ - 1 бул." Гоце Делчев " која го поврзува централното градско подрачје со индустриската зона и излезот од градот и ГМ - 2 бул."Партизанска" која оди од центаралното градско подрачје према

населба "Баби" и претставува дел од регионалниот пат Р 601 за "Плачковица". Третата сообраќајница која го заоокружува овој опфат е дел од ул. "Борис Кидрич" која оди од центарот на градот до раскрсницата "Дујле" и до стариот камен мост на р. Брегалница каде после него се спојува со бул. " Гоце Делчев".

Внатре во зоната има предвидено две нови сообраќајници, едната е за пристап до стадионот од северната страна, а другата е за пристап до базенот, тениските терени и паркиралиштата околу нив. Ширините на новопредвидените сообраќајници е 6.0м со 2х1.5м тротоар.

Сообраќајот во мирување (паркирањето), за градскиот стадион и за другите спортски терени е решено околу овие две нови сообраќајници. Стадионот како најголем објект во овој опфат бара и најповеќе места за поркирање . За максимален капацитет на стадионот (за 13-15 000 гледачи) потребно е 650-750 места за паркирање. Овие паркиралишта се обезбедени околу отворените спортски терени и гаражната куќа која е со две нивоа над теренот и едно ниво под теренот и може да прими околу 200 возила. Гледачите до стадионот и влезовите во него ќе дојдат преку новопредвидениот пешачки мост на р. Брегалница. Помал дел за паркирање има и покрај економскиот влез, од каде ќе доаѓаат екипите, судиите и други службени лица и тој ќе биде службен паркинг, и друг дел за паркирање под пешачкото плато кај главните влезови одкај автобуската станица.

Бидејќи максималниот капацитет на стадионот и паркинзите ќе се полнат периодично односно само во одредени денови и при поголеми натпревари, паркинзите кај отворените терени ќе се користат и за нив. Исто така при максимална посета на стадионот ќе има и посебен режим на сообраќајот, сите околни паркинг - простори во нас. " 8 ми ноември " ќе бидат наменети за паркирање во функција на стадионот. На ваков начин ќе биде решен проблемот со паркирање.

Тротоарите на изведените сообраќајници (бул. "Партизанска", ул. "Борис Кидрич"...) се изведени према предвидените ширини зададени во ГУП, каде има можности тие се изведени и пошироки. Кај главните влезови на стадионот откај автобуската станица има пошироко плато за прифаќање на пешаците. При максимален капацитет на гледалиштето поголем дел од публиката се претпоставува дека ќе дојде откај паркиралиштата преку пешачкиот мост, со што не се нарушува другото движење на возила и пешаци кои не се поврзани со спорските терени, а треба несметано да дојдат до автобуската станица или само да поминат по тротоарите.

Решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на инвадилизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред

предвидената намена со ГУП. Овој опфат го тангираат двете градски магистрали ГМ - 1 бул." Гоце Делчев " која го поврзува централното градско подрачје со индустриската зона и излезот од градот и ГМ - 2 бул."Партизанска" која оди од центаралното градско подрачје према

населба "Баби" и претставува дел од регионалниот пат Р 601 за "Плачковица". Третата сообраќајница која го заоокружува овој опфат е дел од ул. "Борис Кидрич" која оди од центарот на градот до раскрсницата "Дујле" и до стариот камен мост на р. Брегалница каде после него се спојува со бул. " Гоце Делчев".

Внатре во зоната има предвидено две нови сообраќајници, едната е за пристап до стадионот од северната страна, а другата е за пристап до базенот, тениските терени и паркиралиштата околу нив. Ширините на новопредвидените сообраќајници е 6.0м со 2х1.5м тротоар.

Сообраќајот во мирување (паркирањето), за градскиот стадион и за другите спортски терени е решено околу овие две нови сообраќајници. Стадионот како најголем објект во овој опфат бара и најповеќе места за поркирање . За максимален капацитет на стадионот (за 13-15 000 гледачи) потребно е 650-750 места за паркирање. Овие паркиралишта се обезбедени околу отворените спортски терени и гаражната куќа која е со две нивоа над теренот и едно ниво под теренот и може да прими околу 200 возила. Гледачите до стадионот и влезовите во него ќе дојдат преку новопредвидениот пешачки мост на р. Брегалница. Помал дел за паркирање има и покрај економскиот влез, од каде ќе доаѓаат екипите, судиите и други службени лица и тој ќе биде службен паркинг, и друг дел за паркирање под пешачкото плато кај главните влезови одкај автобуската станица.

Бидејќи максималниот капацитет на стадионот и паркинзите ќе се полнат периодично односно само во одредени денови и при поголеми натпревари, паркинзите кај отворените терени ќе се користат и за нив. Исто така при максимална посета на стадионот ќе има и посебен режим на сообраќајот, сите околни паркинг - простори во нас. " 8 ми ноември " ќе бидат наменети за паркирање во функција на стадионот. На ваков начин ќе биде решен проблемот со паркирање.

Тротоарите на изведените сообраќајници (бул. "Партизанска", ул. "Борис Кидрич"...) се изведени према предвидените ширини зададени во ГУП, каде има можности тие се изведени и пошироки. Кај главните влезови на стадионот откај автобуската станица има пошироко плато за прифаќање на пешаците. При максимален капацитет на гледалиштето поголем дел од публиката се претпоставува дека ќе дојде откај паркиралиштата преку пешачкиот мост, со што не се нарушува другото движење на возила и пешаци кои не се поврзани со спорските терени, а треба несметано да дојдат до автобуската станица или само да поминат по тротоарите.

Решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на инвадилизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред

секој влез во објектите потребно е да се постави рампа за движење на инвадилизирани лица посебно пред јавните објекти и спортските објекти каде ќе доаѓа публика.

Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

За потребите на ДУП за Спортско-рекреативен центар "Брегалница" изготвена е фазата Водовод и канализација на врз основа на податоци за постоечката состојба добиени од ЈП Исар - Штип. Планираната состојба е ускладена со плановите за рекострукција и идно проширување на водоводната и канализационата инфраструктура.

На предметната локација од постоечка водоводна инфраструктура постои:

- Водоводна линија по ул.Булевар Партизанска изведена од АЦ цевки ф 300 мм која продолжува по границата на опфатот на предметниот ДУП кон подвозникот на ул.Гоце Делчев.

- Водоводна линија по улицата Борис Кидрич од левата страна на улицата во правец кон постојниот мост на р.Брегалница со профил ф 300 мм и материјал АЦ. На преминот преку мостот оваа линија е изведена од челична цевка ф 300 мм и истата е водена воздушно
- После мостот истата е изведена од АЦ ф 300 мм и продолжува по Булевар Гоце Делчев кон ул.Гоце Делчев. Целата ова водоводна делница е со траса приближно со границата на опфатот.
- Бунар со водоводна линија кон локалитетот Фортуна изведена од ПВЦ ф 160 мм. Овој цевковод е дотур на сирова вода, непреработена која од П.Ст. на локалитетот Фортуна се води кон филтер станица. Трасата на овој цевковод е од десната страна на река Брегалница и истата го минува мостот на р.Брегалница од десната страна.
- Непосредно пред домот за сместување на средношколци постои водоводна линија за која нема податок за профилот на цевка и типот на материјал. Позната е само приближно локацијата на оваа водоводна линија.
- Во овој дел од градот не постои ПП хидрантска мрежа.

Што се однесува до канализационата инфраструктура постоечки линии се:

- Колектор изведен од ф 1200 мм од бетонски цевки од двете страин на река Брегалница до сифонскиот спој од каде колекторот продолжува со траса од левата страна на река Брегалница.
- Крак под ул. Гоце Делчев со правец кон Мебел - Штип. Кон овој крак е приклучена канализациона линија која поминува во непосредна близина на угостителскиот објецт Мал одмор.
- Канализациона линија по улицата Булевар Партизанска во тротоарот пред средношколскиот дом. Оваа линија е со променлив профил од ф 70мм до ф 200 мм со правец на течење кон раскрсницата кај автобуската станица.

- Канализациона линија од подвозникот под улица Гоце Делчев кон раскрсницата кај автобуската станица изведена од ПВЦ цевки ф 200 мм.

секој влез во објектите потребно е да се постави рампа за движење на инвадилизирани лица посебно пред јавните објекти и спортските објекти каде ќе доаѓа публика.

Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

За потребите на ДУП за Спортско-рекреативен центар "Брегалница" изготвена е фазата Водовод и канализација на врз основа на податоци за постоечката состојба добиени од ЈП Исар - Штип. Планираната состојба е ускладена со плановите за рекострукција и идно проширување на водоводната и канализационата инфраструктура.

На предметната локација од постоечка водоводна инфраструктура постои:

- Водоводна линија по ул.Булевар Партизанска изведена од АЦ цевки ф 300 мм која продолжува по границата на опфатот на предметниот ДУП кон подвозникот на ул.Гоце Делчев.

- Водоводна линија по улицата Борис Кидрич од левата страна на улицата во правец кон постојниот мост на р.Брегалница со профил ф 300 мм и материјал АЦ. На преминот преку мостот оваа линија е изведена од челична цевка ф 300 мм и истата е водена воздушно
- После мостот истата е изведена од АЦ ф 300 мм и продолжува по Булевар Гоце Делчев кон ул.Гоце Делчев. Целата ова водоводна делница е со траса приближно со границата на опфатот.
- Бунар со водоводна линија кон локалитетот Фортуна изведена од ПВЦ ф 160 мм. Овој цевковод е дотур на сирова вода, непреработена која од П.Ст. на локалитетот Фортуна се води кон филтер станица. Трасата на овој цевковод е од десната страна на река Брегалница и истата го минува мостот на р.Брегалница од десната страна.
- Непосредно пред домот за сместување на средношколци постои водоводна линија за која нема податок за профилот на цевка и типот на материјал. Позната е само приближно локацијата на оваа водоводна линија.
- Во овој дел од градот не постои ПП хидрантска мрежа.

Што се однесува до канализационата инфраструктура постоечки линии се:

- Колектор изведен од ф 1200 мм од бетонски цевки од двете страин на река Брегалница до сифонскиот спој од каде колекторот продолжува со траса од левата страна на река Брегалница.
- Крак под ул. Гоце Делчев со правец кон Мебел - Штип. Кон овој крак е приклучена канализациона линија која поминува во непосредна близина на угостителскиот објецт Мал одмор.
- Канализациона линија по улицата Булевар Партизанска во тротоарот пред средношколскиот дом. Оваа линија е со променлив профил од ф 70мм до ф 200 мм со правец на течење кон раскрсницата кај автобуската станица.

- Канализациона линија од подвозникот под улица Гоце Делчев кон раскрсницата кај автобуската станица изведена од ПВЦ цевки ф 200 мм.

- Канализациона линија со прфил ф 200 мм која минува помеѓу автобуската станица и стадионот и се вклучува во колекторот.

За потребите на ДУП за Спортско-рекреативен центар "Брегалница" изготвена е фазата Водовод и канализација за планираниот период и истата е ускладена со плановите за рекострукција и идно проширување на водоводната и канализационата инфраструктура.

На предметната локација планирани се следните зафати на водоводната инфраструктура:

- Водоводна линија по ул.Булевар Партизанска изведена од АЦ цевки ф 300 мм која продолжува по границата на опфатот на предметниот ДУП кон подвозникот на ул.Гоце Делчев да се реконструира , замени со ПЕ 100 цевки НД 350 мм Истата да биде со траса во зеленилото на булеварот.
- Водоводна линија по улицата Борис Кидрич од левата страна на улицата во правец кон постојниот мост на р.Брегалница со профил ф 300 мм и материјал АЦ да се замени со ПЕ 100 цевки НД 350 мм. За замена е предвиден и делот после мостот која од АЦ ф 300 мм треба да се промени во ПЕ 100 НД 350 мм се до спојот на Булевар Гоце Делчев со ул.Гоце Делчев.
- Како нови линии се предвидени еден крак од новопредвидена приклучна шахта на ул.Борис Кидрич кон паркинзите пред службениот влез во стадионот која треа да биде НД 90 мм ПЕ 100 и

- новопредвидена линија од приклучната шахта кај раскрсницата кај автобуска станица кон предвидените паркинзи со дијаметар НД 63 мм. Со овие линии ќе се снабдуваат со вода корисниците во просторот под трибините.
- Предвидени се и три ПП хидранти чии локации се дадени во графичките прилози при што е водено сметка истите да бидат на макс. растојание од 150 м.

Што се однесува до канализационата инфраструктура планирани се следните зафати:

- Кракот под ул. Гоце Делчев со правец кон Мебел - Штип ќе се замени со нова линија која ќе биде со траса од ул.Гоце Делчев во дното на насипот на истата , под истата улица кон новопредвидените паркинзи во непосредна близина на базенот па се до шахтата на постоечкиот сифон. Оваа линија треба да биде ПЕ нд 315 мм.
- Канализационата линија по улицата Булевар Партизанска во тротоарот пред средношколскиот дом која е со променлив профил од ф 70мм до ф 200 мм со правец на течење кон раскрсницата кај автобуската станица да се замени со нова линија ПЕ ф 200 мм.
- Канализациона линија од подвозникот под улица Гоце Делчев кон раскрсницата кај автобуската станица изведена од ПВЦ цевки ф 200 мм останува истата поради фактот што и по профил по планирани проширувања ке ги задоволи потребите на тој дел од опфатот.
- Канализациона линија со профил ф 200 мм која минува помеѓу автобуската станица и стадионот и се вклучува во колекторот која е со

профил ф 200 мм не е спорна според профилот на цевка туку поради непрописно приклучување во колекторот од кои причини истата треба комплет да се реконструира.

- Објектите под трибините канализационо ќе гравитираат , од службениот влез кон колекторот , а од влезот од страна на автобусктата станица кон новата , горе споменатa канализациона линија .

Планирана ел.енергетска инсталација, улично осветлување и телефонска инсталација

Со изградбата на новите објекти предвидени со планот, ќе дојде до зголемена потрошувачка на електерична енергија.

Во опфатот на овој план се предвидува изградба на три нови ТС 10/0,4кв. со снага од 2х630КВА од кои двете ќе бидат сместени во подтрибинскиот простор, а третата ќе биде сместена кај базенот. Поврзувањето на овие трафостаници ќе биде од постојните кај "Мал одмор" и кај ученичкиот дом "Браќа Миладиновци.

Трафостаниците во парцелата на стадионот ќе бидат наменети исклучиво за потребите на стадионот и неговото осветлување.

Улично осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

Телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према потребите и за јавните функции на секои 50 м2 по два телефонски приклучоци.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучоци, треба да биде извршено до најблиската автоматска реонска телефонската централа, а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации" - Подружница Штип.

Мерки за заштита

Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 13,9 ха и е во градско подрачје околу река Брегалница.

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообраќај и непосредната близина на автобуската станица односно таа се наоѓа во самиот опфат. Имајќи ја оваа состојба во предвид , може да се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заќтита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита .

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кои се движат по постојните улици.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва и мерки за заштита

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина-воопшто.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример жители, посетители, вработени, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти

чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.5 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интанзитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со правилникот и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја парцела оделно.

2. Максималните висини на предвидените објекти се дадени пооделно.

3. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

4. Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој план е до 3,5 м. над максималната или дозволената висина на изградба.

5. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе ги решава секој корисник на урбаното подрачје пооделно во рамките на расположивата локација, а во зависност од неговите потреби и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр. 02/02; 50/03). Услов што треба да

биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила во рамките на парцелата односно опфатот.

6. Заради специфичните намени во просторот, секоја урбанистичка парцела ќе се реализира со изработка на Идеен урбанистичко-архитектонски проект.

7. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

8. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

9. Условите за изградба на сите видови на објекти, треба да содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

10. При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места на јавните објекти, а во зоната на сообраќајниците линеарното зеленило и и другите слободни простори како слободниот простор во и околу коритото на река Брегалница.

11. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.

12. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.



ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

за дел од населба Горно Маало, дел од УЕ 7

КО Штип 3

ОПШТИНА ШТИП



M = 1 : 1000

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Легенда на графички симболи

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

0 5 10 20

2.5 15 25м

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

- ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ СО НАНЕСЕНИ ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ОД ДОНЕСЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ -

Ј.П. ЗА УРБАНИЗАМ, УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ. "СТИПИОН 2011"-ШТИП		**ТЕХ.БРОЈ** 16/2018 **ДАТА:** Ноември,2019
НАРАЧАТЕЛ: ОПШТИНА ШТИП	**ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:** дипл.инж.арх. Борислава Мишева	**Овластување** бр.0.0482
ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од населба Горно Маало, дел од УЕ 7 КО Штип 3 ОПШТИНА ШТИП	**СОРАБОТНИК:** дипл.инж.арх. Викторија Атанасова	
СОДРЖИНА: ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД	**ВД ДИРЕКТОР:** дипл.инж.арх Сашко Протогеров	**лист бр. 3**
РАЗМЕР: P=1:1000		



ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

за дел од населба Горно Маало, дел од УЕ 7
КО Штип 3
ОПШТИНА ШТИП



М = 1 : 1000

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Легенда на графички симболи

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

0 5 10 20
2.5 15 25м

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

- АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА -

Ј.П. ЗА УРБАНИЗАМ, УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ. "СТИПИОН 2011"-ШТИП			**ТЕХ.БРОЈ** 16/2018 **ДАТА:** Септември 2019
НАРАЧАТЕЛ: ОПШТИНА ШТИП		**ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:** дипл.инж.арх. Борислава Мишева	**Овластување** бр.0.0482
ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од населба Горно Маало, дел од УЕ 7 КО Штип 3 ОПШТИНА ШТИП		**СОРАБОТНИК:** дипл.инж.арх. Викторија Атанасова	
СОДРЖИНА:	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА	**ВД ДИРЕКТОР:** дипл.инж.арх Сашко Протогеров	**лист бр. 4**
РАЗМЕР:	Р=1:1000		

Табела / НумериЧки податоци /

Р. Бр	Катастерска парцела	Состојба	Вид на градба	Намена на објект	Катност на објект
1	КП 4534/1	добра	скелетена градба	домување во станбени куќи	П/П+2
		добра	скелетена градба	мали комерцијални деловни намени	П
2	КП 4535/1	добра	скелетена градба	домување во станбени куќи	П / П+1
3	КП 4458/1	добра	скелетена градба	домување во станбени куќи	П+1
4	КП 4533/1	добра	скелетена градба	домување во станбени куќи	П+1
5	КП 4533/2	добра	скелетена градба	домување во станбени куќи	П+1
		средна	скелетена градба	мали комерцијални деловни намени	П
6	КП 4537/3	средна	скелетена градба	мали комерцијални деловни намени	П
7	КП 4537/1	добра	скелетена градба	домување во станбени куќи	П+1
8	КП 4537/4	средна		помошен објект	П
9	КП 4539/4	средна		помошен објект	П
10	КП 4539/1	добра	скелетена градба	домување во станбени куќи	П / П+1
11	КП 4539/3	добра	скелетена градба	домување во станбени куќи	П+1
12	КП 4539/2	добра	скелетена градба	домување во станбени куќи	П / П+1
13	КП 4539/5	добра	скелетена градба	домување во станбени куќи	П / П+1
14	КП 4552	средна		комунална супраструктура	П
15	КП 4560/2	средна	скелетена градба	големи трговски единици	П
16	КП 4560/1	средна	скелетена градба	големи трговски единици	П
17	КП 4561	средна	скелетена градба	мали комерцијални и деловни намени	П
18	КП 4535/2	средна		помошен објект	П
19	КП 4539/4	средна		помошен објект	П
20				неизградена површина	/
					ВКУПНО:

Табела / НумериЧки податоци- намена нан површини /

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ - НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

Р. Бр	Намена на површини	површина	процент
1	домување во станбени куќи	1090,5	12
2	мали комерцијални деловни	460	5
3	големи трговски единици	695	8
4	трафостаница	32,69	0,36%
5	дворна површина	1170,9	13
6	сообрќајници и пристапни улици	5725,45	61,64

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

за дел од населбата Горно Маало, дел од КО Штип

ОПШТИНА ШТИП

М = 1 : 1000

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Легенда на графички симболи од Ажурирана подлога

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЧНА ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- НОВА СОСТОЈБА НА ТЕРЕНОТ (НОВИ ОБЈЕКТИ , АФАЛТ)
- СТАРИ ОБЈЕКТИ
- ПОМОШНИ ЛИНИИ (падни линии, стрмнини)
- БАНДЕРИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА- БЕТОНСКИ,
- БРОЈ НА ДЕТ. ТОЧКА
- ВИСИНСКА НА ДЕТ. ТОЧКА
- ОПФАТ НА КУПЕНИ ПОДАТОЦИ ОД АКН
- ИЗОХИПСИ
- ДЕЦИМЕТАРСКА МРЕЖА СО КООРДИНАТИ

Легенда на намена

- НЗ — неизградено земјиште
- А1 — домување во станбени куќи
- Б1 — мали комерцијални и деловни намени
- Б2 — големи трговски единици
- Е2 — комунална супраструктура
- помошни објекти
- пристапна улица
- Е1 — сообраќајници

- добра состојба
- средна состојба
- лоша состојба

0 5 10 20 25м
2.5 15

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД -

Ј.П. ЗА УРБАНИЗАМ, УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, "СТИПИОН 2011"-ШТИП		**ТЕХ.БРОЈ** 16/2018
		ДАТА: Февруари,2020
НАРАЧАТЕЛ: ОПШТИНА ШТИП	**ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:** дипл.инж.арх. Борислава Мишева	**Овластување** бр.0.0482
ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од населбата Горно Маало, дел од КО Штип ОПШТИНА ШТИП	**СОРАБОТНИК:** дипл.инж.арх. Викторија Атанасова	
СОДРЖИНА: ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД	**ДИРЕКТОР:** дипл.инж.арх Сашко Протогеров	**лист бр. 6**
РАЗМЕР: Р=1:1000		



ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

за дел од населба Горно Маало, дел од УЕ 7 КО Штип

ОПШТИНА ШТИП

М = 1 : 1000



ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Легенда на графички симболи од Ажурирана подлога

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЧНА ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- НОВА СОСТОЈБА НА ТЕРЕНОТ (НОВИ ОБЈЕКТИ , АФАЛТ)
- СТАРИ ОБЈЕКТИ
- ПОМОШНИ ЛИНИИ (падни линии, стрмнини)
- БАНДЕРИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА- БЕТОНСКИ,
- БРОЈ НА ДЕТ. ТОЧКА / ВИСИНСКА НА ДЕТ. ТОЧКА
- ОПФАТ НА КУПЕНИ ПОДАТОЦИ ОД АКН
- ИЗОХИПСИ
- ДЕЦИМЕТАРСКА МРЕЖА СО КООРДИНАТИ

Легенда на намена

- постојна телефонска инсталација(бакарни кабли)
- постојна телефонска инсталација(бакарни комуникациски кабли)
- постојна телефонска кабловска инсталација
- постојна нисконапонски и среднонапонски кабелски вод
- постоечки водовод
- постоечка канализација
- добра состојба
- средна состојба
- лоша состојба

0 5 10 20
2.5 15 25м

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИФРАСТРУКТУРА -

Ј.П. ЗА УРБАНИЗАМ, УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ. "СТИПИОН 2011"-ШТИП		**ТЕХ.БРОЈ** 16/2018 **ДАТА:** Февруари 2020
НАРАЧАТЕЛ: ОПШТИНА ШТИП	**ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:** дипл.инж.арх. Борислава Мишева	**Овластување** бр.0.0482
ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од населба Горно Маало, дел од УЕ 7 КО Штип ОПШТИНА ШТИП	**СОРАБОТНИК:** дипл.инж.арх. Викторија Атанасова	
СОДРЖИНА: ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	**ДИРЕКТОР:** дипл.инж.арх Сашко Протогеров	**лист бр. 7**
РАЗМЕР: P=1:1000		

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат

Просторот кој е тема на разработка на оваа урбанистичка документација, Општина Штип, се наоѓа во населбата КО Штип 3.

Се изработува во согласност со Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2018 год,08-2607/3 од 3 мај 2018г како програмска задача со точка 1.2.15 која гласи: Изработка на Измена и дополна на ДУП за дел од нас.Горно Маало, дел од УЕ 7.

Документацијата ќе биде изработена во согласност поновите и тековни прописи, правилници и регулативи т.е Законот за простарно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16, 44/18,64/18,168/18), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ. бр. 142/15) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).Сите поединечни елементи ќе содржат текстуален дел со билансни показатели за постојната и планската состојба како и потребен број на графички прилози.

Конфигурацијата на теренот заедно со урбанистичките стандарди и нормативи во планирањето на просторот,во голем дел ја насочуваат концепцијата на разработката. Во услови на економска стабилизација, кога е присутно сознанието дека економската моќ на државата не може да поднесе радикални зафати, секаде таму каде тие не се неопходни и каде постои друг начин на решавање на проблемите, истите треба да се третираат пореално и поостварливо.

Со изработка на ДУП, секаде каде тоа е можно предвидува ревитализација на постојниот објект, но да се води сметка на рационалноста во користење на просторот во границите на прифатените оптимални урбанистички параметри.

Со урбанистичката документација почитувани се основните начела во процесот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- рамномерен просторен развој,
- рационално уредување и користење на просторот,
- услови за хумано живеење и работа на граѓаните,
- надминување на урбаните бариери на лицата со посебни потреби,
- оддржлив развој,
- заштита и унапредување на животната средина и природата,
- заштита на недвижното културно наследство,
- заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии,
- јавност во постапка за донесување и спроведување на плановите и усогласеност со европските нормативи и стандарди во планирањето и уредувањето на просторот.

Урбанистичкото планирање обезбедува зголемување на степенот на хуманост на живеењето и подобрување на условите за работа со плански одредби кои воведуваат повисоки стандарди во однос на постојната состојба.

Урбанистичкото планирање обезбедува хармонизација на просторот со плански одредби за заштита на домувањето и дејностите од јавен интерес со создавање подрачја со иста намена на земјиштето

Урбанистичкото планирање сукцесивно ќе ги зголемува стечените права по однос на сопственоста на градежното земјиште, уредувањето на земјиштето и правата на градење освен ако тоа не е спротивно на јавниот интерес.

Урбанистичкото планирање има за цел со плански одредби да ја зголемува вредноста на земјиштето, недвижнините и сите други просторни ресурси.

Урбанистичкото планирање обезбедува заштита и развој на државниот и јавниот интерес со плански одредби со кои се утврдува просторна диспозиција за градење и развој на градби од значење на Републиката и градби за кои со закон е утврден јавниот интерес.

Урбанистичкото планирање обезбедува заштита на недвижното културно наследство, животната средина и природата со плански одредби кои ги интегрираат културните и природните блага на подрачјата на планските опфати со што воедно ги прават достапни за луѓето и заштитени од деградација.

Просторот кој е тема на разработка се наоѓа КО Штип 3 од град Штип, во непосредна близина на централното градско подрачје.

Планскиот опфат за Изработка на измена и дополна на ДУП за дел од нас.Горно Маало, дел од УЕ 7. е дефиниран согласно Програмата за изработка на урбанистички планови за територијата на Општина Штип за 2018 год. Опфатот е дефиниран со следните улици:

-Ул.“ Борис Кидрич“
-Бул.“Партизанска“
-Ул.“Сане Ѓорѓиев“- дел

Површината која ја опфаќа опишаната граница изнесува 9.141,85 м2

Планската документација треба да се изработи во размер М=1:1000

Геодетско одредување на планскиот опфат

Површина 9.141,85 м2

X=7599582.540 Y=4622801.360
X=7599632.817 Y=4622744.375
X=7599646.850 Y=4622684.284
X=7599658.785 Y=4622629.385
X=7599652.652 Y=4622624.466
X=7599628.699 Y=4622655.676
X=7599592.928 Y=4622648.436
X=7599586.959 Y=4622686.540
X=7599584.900 Y=4622686.245
X=7599583.778 Y=4622694.072
X=7599586.337 Y=4622696.239
X=7599584.480 Y=4622701.977
X=7599582.914 Y=4622716.414
X=7599572.581 Y=4622718.812
X=7599564.467 Y=4622720.037
X=7599557.237 Y=4622722.309
X=7599562.505 Y=4622727.756
X=7599540.054 Y=4622749.039
X=7599540.054 Y=4622749.039
X=7599539.012 Y=4622749.896
X=7599582.540 Y=4622801.360

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Домување во станбени куќи и станбени згради-
ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ И НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Предметниот простор со површина од (9.141,85 м2) градежно претставува изграден простор и опфаќа старо градско јадро претежно со индивидуално домување.Некои од нив се помали од пропишаните стандарди и нормативи за урбанистичко планирани, но така се вклопени со важечкиот ДУП , а некои се и така реализирани.

Согласно ГУП-от за град Штип заради поквалитетна изработка на ДУП-овите во рамките на станбена зона,територијалните опфати на поедини подцелини треба да се движат во рамки од 15-30 ха.Тоа е големина на една просечна планерска единица наречена Месна заедница, во која според вообичаената густина на населението во зависност од применетиот систем и висини на градба може да се сместат 2500-5000 жители.

Начинот на употребата на земјиштето во рамките на планскиот опфат е условена од создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата. Тука пред се се мисли на чинителите од демографски стопански, економски и сообраќаен аспект. На планскиот опфат се предвидени вкупно 12 градежни парцели од кои 9 парцели се со намена А1 домување во индивидуални куќи, 1 парцела со намена А2 домување во станбени згради, 1 парцела со намена Б1 мали комерцијални и деловни намени, и 1 парцела Е2- трафостаница. За градежните парцели со намена домување се предвидува користење на компатибилна класа на намена согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.Со демографскиот раст и развој, економскиот раст на производството,промената на намената на ГП 7.10 од Б во станбена зграда се зголемуваат станбените единици а воедно и бројот на жители во дадениот опфат. Од анализа на постојната состојба во дадениот опфат постојат вкупно 9 станбени единици за домување односно 35 жители. Вкупниот број со новопланираната намена е во пораст од 35 жители на 114 жители со ново планирани вкупно 24 станбени единици во колективна зграда На ниво на плански опфат најголем дел од планираната површина припаѓа на домувањето. Во суштина се зголемува концентрацијата на населението во опфатот, меѓутоа концентрацијата е во дозволените и планирани рамки согласно анализите од ГУП за град Штип.

Комерцијални и деловни намени

Во планскиот опфат е предвидена парцела 7.9 со намена Б1 мали комерцијални и деловни намени.Во парцелата има веќе изведен објект со таа намена и е со катност П+1, односно се потврдува постојната состојба.

План на зелени површини

Зелена површина како група на класа на намена Д се појавува и во овој опфат. Поточно се јавува како класа на намена Д1 како парковско зеленило. На ниво на плански опфат зеленилото е прикажано во табеларниот приказ на намена на површини.

Мора да напомениме дека во секоја градежна парцела на ниво на парцела постои соодветен процент на зеленило кој се јавува како разлика на површината на парцелата и површината за градење. Имајќи го во предвид членот 84 од правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање процентот на озеленетост пртставува однос помегу површината на градежното земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во во проценти.

План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Законот за простарно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 64/18,168/18), Правилникот за

поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ. бр. 142/15) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).и се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот блок за одредена намена, односно подрачјето за градење (градежна парцела) од земјиштето наменето за сообраќајници и други јавни површини.

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајницата. Коридорите на планираните сообраќајници се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Градежната линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите. Дозволените пречекорувања се утврдуваат со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко проектирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Во планскиот опфат се формирани вкупно 12 градежни парцели од кои 9 парцели се со намена А1 домување во индивидуални куќи, 1 парцела со намена А2 домување во станбени згради, 1 парцела со намена Б1 мали комерцијални и деловни намени, и 1 парцела Е2-трафостаница.

2.4 Плански решенија за отстранување на архитектонски бариери за движење на инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонски бариери при движење на инвалидизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да постави рампа за движење на инвидилизираните лица односно да се создадат услови за движење на лица со инвалидитет.

3. Опис и образложение на планското решение за изградба на наменската употреба, на градежното земјиште за општа употрба

Сообраќајно решение

Во рамките на опфатот е изработено сообраќајно решение кое овозможува непречено функционирање на планскиот опфат. Присутни се сообраќајници од примарната и секундарната сообраќајна мрежа. Во однос на сообраќајното решение- сите објекти имаат обезбедено пристап од улиците кои гравитираат и тој ќе се одвива исклучиво од улиците од секундарната улична мрежа (сервисните, станбените и пристапни улици). Инаку овој опфат го заобиколуваат две фреквентни улици во градот- Градската магистрална улица “ Партизанска“ и сервисна улица “Борис Кидрич“. Секундарната улична мрежа се развива внатре во зоната. Градска магистрална улица тип Б односно “Партизанска“ е согласно со ГУП за град Штип, и како таква е имплементирана и во предходен важечки ДУП како и во овој процес на Измена и дополна на ДУП. Во овој опфат исто така влегува еден мал дел од собирна улица “Вардарска“(делот од спојот на ул.“Борис Кидрич“ до крстосница “Дујле“ каде всушност влегува во зоната на крстосницата.) Оваа собирна улица согласно ГУП- от е со 7 м коловоз и 2х4 м тротоар, меѓутоа на лице место сообраќајницата е со поголем профил, и како таква е усвоена во предходен важечки ДУП, а во оваа измена и дополна исто така е имплементирана согласно

важечкиот ДУП. Останатите сообраќајници од секундарна сообраќајна мрежа се согласно важечки ДУП за дел од УЕ 7 дел од Горно Маало со одлука 07-9850/1 од 26.12.2013 г.

Примарна мрежа на улици:

Градска магистрална улица тип Б према согласно ГУП (“Партизанска“) - 2x7.5 м коловоз со разделно зеленило од 5.0 м. , 2x2.5м велосопедска патека, 2x3.0 м дрворед и 2x4.0м тротоар или севкупнпа ширина од 39.0 метри.
Мал дел од собирна улица “Вардарска“ е во овој опфат(делот од спојот на ул.“Борис Кидрич“ до крстосница “Дујле“ каде всушност влегува во зоната на крстосницата.)
Профилот на оваа сообраќајница непосредно до зададениот плански опфат изнесува 2x6.5м коловоз со разделно зеленило од 2x2 м и 2x4 м тротоари.

Секундарна сообраќајна мрежа:

СЕРВИСНИ УЛИЦИ

- **Улица “Борис Кидрич“** во овој ДУП е предвидена со поширок профил од минималниот за сервисни улици односно е 7 метри коловоз со пошироки тротоари на од 1.5м каде на одредени места достигаат и повеќе од 3 м. Оваа улица во недостиг на реализирани улици од примарната улична мрежа е многу фреквентна и добро е да има пошироки тротоари и коловоз. Улица “Борис Кидрич“ е согласно предходен важечки ДУП

- **Улица “Партизанска“- крак** е со вкупен профил од 9.0м од кои 6.0м се наменети за коловоз, а останатите 3м (2x1,5 м) се предвидени за тротоари. Во дел од сообраќајницата е предвиден и паркинг со ширина од 5м. Улица “Партизанска“- крак е согласно предходен важечки ДУП

СТАНБЕНИ УЛИЦИ

- **Улица “Сане Ѓорѓиев“** е со вкупен профил од 9,0м. од кои 5,5м се наменети за коловоз а останатите 3,0м (2x1,5м) се предвидени за тротоари со одредени проширувања каде за тоа има услови према границите на сопственост на парцелите. Улица “Сане Ѓорѓиев“е согласно предходен важечки ДУП

- **Улица “Борис Кидрич“-крак** е со променлив вкупен профил од кои минимум 5,5м се наменети за коловоз а останатите се предвидени за тротоари со одредени проширувања каде за тоа има услови према границите на сопственост на парцелите.На оваа сообраќајница е планиран паркинг со ширина од 5 м за вкупно 22 паркинг возила. Улица “Борис Кидрич“-крак е согласно предходен важечки ДУП

ПРИСТАПНИ УЛИЦИ

- **Улица “Сане Ѓорѓиев“ - крак 1** е со ранг на пристапна улица во ниво на тротоар со профил од 7,0м и на одреден дел е планиран паркинг со ширина од 5м каде е предвидено паркирање на вкупно 4 возила.
- **Улица “Сане Ѓорѓиев“ - крак 2** е пристапна улица со променлив профил од кои минимум 5,5м се наменети за коловоз, 5.0 м за паркинг и 2х 1,5м е предвиден за тротоар

ПЕШАЧКА ПАТЕКА

Во рамките на опфатот постои и пешачка патека со променлив профил каде минималната широчина изнесува 3.5м.

Пешачките улици и тротоарите ќе се обработуваат (поплочуваат) со материјали кои го оплеменуваат просторот.Максимално да се избегнува обработка на тротоарите со асфалт, а постојните асфалтирани торотари постепено да се заменуваат со материјали кои нема да има негативно влијание врз животната средина.Ивичниците кои го одвојуваат сообраќајното од пешачкото движење треба да се планираат со оборени ивици во однос на сообраќајницата.

Потребата од паркирање за станарите во станбените објекти да се решава исклучиво со сопствените парцели и објекти во дворните места, во подрумскиот или приземниот дел, а потребниот број на паркинг места и димензионирање на истите ќе се врши согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урб планирање. (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Во зададениот плански опфат се планирани и три јавни паркинзи кои имаат капацитет да соберат вкупно 35 возила. Сите овие паркинзи се согласно важечки предходен ДУП за дел од УЕ 7 дел од Горно Маало со одлука бр.07-9850/1 од 26.12.2013 г.и се задржуваат истите. Согласно овој ДУП овие јавни паркинзи се планирани за парцели со веќе изведени објекти со намена големи трговски единици и мали комерцијални дејности, меѓутоа парцелата со намена големи трговски единици се менува во парцела со намена А2-домување во станбени згради,и потребата за паркирање овде ќе се решава исклучиво во сопствена парцела, во објект, во дворно место, во подрумскиот или приземниот дел. Јавните паркинзи ќе бидат во функција на ГП 7.9 која е со намена Мали трговски единици.

Профилите на сообракајниците се димензионирани според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинг местата како и вертикална и хоризонтална сигнализација треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите на кривините и техничките елементи на мрежата кон и од локалитетот потребно е да овозможуваат брзини на движење според Правилникот.

Водоводна инсталација - планирана

Низ планскиот опфат поминуваат две главни примарни водоводни линии и тоа главна линија за долна зона азбестна цевка АЦ ф 300 мм и главна линија за улица Борис Кидриќ ПВЦ ОД 160 мм и ПВЦ ОД 110 мм и дистрибутивни водоводна линии и приклучоци со рано профили од ф 25 мм до ф 63 мм. Водоводните линии се водени по тротоарите и коловозните површини.

овој дел од градот има квалитетно водоснабдување со вода за пиење Бидејќи е ова понов дел од населбата Горно маало состојбата на водоводната и канализационата мрежа е во прилично добра состојба и не се предвидени реконструкции на истите во скоро време

Инсталации графички се исцртани во графичкиот прилог Инфраструктурен план од Планската документација. При реализација истите да се изведуваат по должината на тротоарите.

Хидротехничка пресметка за водоснабдување
појдовни параметри

N_k– краен број на жители – 114 жители
Q_O– водоснабдителна норма – 250 l/ден/жител
a_1– коефициент на дневна нерамномерност
a_2– коефициент на часовна нерамномерност

средна дневна потрошувачка на вода – $Q_{сред/ден}$

$$Q_{сред/ден} = N_k \times Q_O$$

$$Q_{сред/ден} = 114 \times 250 = 285500\ l/ден$$

максимална дневна потрошувачка на вода – $Q_{max/дневна}$

$$Q_{max/дневна} = a_1 \times Q_{сред/ден}$$

$$Q_{max/дневна} = 1,3x100750 = 130975\ l/ден$$

максимална часова потрошувачка на вода – $Q_{max/час}$

$$Q_{max/час} = \frac{Q_{max/дневна}}{} \text{ x } a2$$

НАРАЧАТЕЛ: ОПШТИНА ШТИП	**ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:** дипл.инж. арх. Борислава Мишева	**Овластување** бр.0.0482
КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН** за дел од населба Горно Маало, дел од КО Штип ОПШТИНА ШТИП	**СОРАБОТНИК:** дипл.инж. арх. Викторија Атанасова	
СОДРЖИНА: СИНТЕЗЕН ПЛАН	**ДИРЕКТОР:** дги Сашко Протогеров	**лист бр.** 6
РАЗМЕР: Р=1:1000		

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

ИЗВОД ОД СОСЕДНИ УРБАНИСТИЧКИ ДОКУМЕНТАЦИИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 730

ДУП за урбан четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3 и КО Штип 5

Број: 18-7306/2 од 27.11.2024 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 08-2767/1 од 23.04.2024 год

Намена за градба:

Улица:

КО: **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план
   - Легенда
   - Табела со нумерички показатели

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов

граница на опфат

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ГРАНИЦА НА БЛОК

ЦЕ 03 — ОЗНАКА НА ЧЕТВРТ

Б 03 — НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК

РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

03.01.01 — НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ГРАНИЦА НА ВОДА - БАРИЕРА

РЕКА БРЕГАЛНИЦА

ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА

ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА

ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ИЛ — ИНФОРМАТИВНА ЛИНИЈА

ПГЛ — ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

П+2 — КАТНОСТ НА ОБЈЕКТ

Н=10,50м — МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ОБЈЕКТ

271 — ВИСИНСКА ТОЧКА

i=2.2% L=180m — НИВЕЛМАН

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1.5 — Б1.5 - КАФЕАНИ

Б6.1 — Б6.1 - СТАДИОН

Б6.5 — Б6.5 - КОНФЕРЕНЦИСКА САЛА

Д - ЗЕЛЕНИЛО , РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Д1.2 — Д1.2 - ЈАВНО УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО

Д2.1 — Д2.1 - ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО, РАЗДЕЛНО ЗЕЛЕНИЛО

Е - ИНФРАСТРУКТУРИ

Е1.1 — Е1.1- КОЛОВОЗ (ПРИМАРНИ И СЕКУНДАРНИ УЛИЦИ)

Е1.1 — Е1.1 - ТРОТОАР/ ПРИСТАПНА УЛИЦА/ КОЛСКО ПЕШАЧКА УЛИЦА/ ПЕШАЧКИ ПРОСТОРИ/ ПЕШАЧКИ МОСТ

Е2.1 — Е2.1- АВТОБУСКА СТАНИЦА

Е2.1 — Е2.1- КАТНА ГАРАЖА

Е1.8 — Е1.8-ТРАФОСТАНИЦА

ГРАНИЦА НА ЗАШТИТЕНО ДОБРО

ГРАНИЦА НА КОНТАКТНА ЗОНА

СТЕПЕН НА ЗАШТИТА

② — РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД ВТОР СТЕПЕН

КОНТАКТНА ЗОНА

ПОСТОЈНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА - ПОСТОЈНА

ЕВН КОРИДОРИ 35(110)kV

ЕВН КОРИДОРИ 10(20)kV

ЕВН 0.4kV ПОДЗЕМЕН ВОД

ЕВН 0.4kV НАДЗЕМЕН ВОД

ЕВН 10(20)kV ПОДЗЕМЕН ВОД

ЕВН 35(110)kV ПОДЗЕМНА МРЕЖА

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА - ПОСТОЈНА

ОПТИЧКИ КАБЕЛ (ТЕЛЕКОМ)

БАКАРЕН КАБЕЛ (ТЕЛЕКОМ)

КОАКСИЈАЛЕН КАБЕЛ (ТЕЛЕКОМ)

КАНАЛ (ТЕЛЕКОМ)

ОПТИЧКИ КАБЕЛ (А1)

КОАКСИЈАЛЕН КАБЕЛ (А1)

КАНАЛ (А1)

ПЛАНИРАНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ВОДОВОДНА МРЕЖА

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

10(20) ПОДЗЕМЕН ВОД

ТРАФОСТАНИЦА ПЛАНИРАНА 10/0.4kV 630/(1000)kVA

ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ПЛАНИРАНА Е.Е. МРЕЖА (2x1m од оска на поземен вод/ 2m околу ТС)

СИНТЕЗЕН ПЛАН

ДУП ЦЕ БЛОК 03 ОПШТИНА ШТИП													
Парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба													
Блок	**Број на градежна парцела**	**Поединечна намена**	**Компатибини класи на намени**	**максимален дозволен процент на компатибилни класи на намени (%)**	**Површина на градежна парцела (м²)**	**површина за градење (м²)**	**Вкупна изградена површина на сите спратови (м²)**	**Максимална дозволена катност**	**Максимално дозволена височина до хоризонтален венец на градбите (м**	**Процент на изграденост (%)**	**Коефициент на искористеност (k)**	**паркирање**	**понатамошна разработка**
03	**03.01.01**	**Е2.1-Згради и комплекси на патниот сообраќај - автобуска станица**	Б2, Б2.4	40%	8371	5860	5860	П+1	8.50	70.0%	0.70	во градежна парцела	со Урбанистички проект
	03.01.02	**Б6.1-Стадион и арени за фудбал, атлетика и манифестации-стадион**	Б1,Б3,Д3	40%	26651	18655	25000	П+4	21.00	70.0%	0.94	дел во места во градежна парцела и дел на јавен паркинг/ катна гаража	со Урбанистички проект
	03.01.03	**Б6.5-Конгресни и конференциски сали - конференциска сала** ПОСТОЈНИ ГРАДБИ ПОТВТДЕНИ СО ИМФОРМТИВНА ЛИНИЈА БЕЗ ПРАВО НА РАЗВОЈ	/	/	210	186	558	П+2	постојна	88.7%	2.66	/	/
	03.01.04	**Б1.5-Ресторани,кантини, кафеани, ќебапчилници, сендвичари-кафани**	/	/	186	108	216	П+1	6.5	58.0%	1.16	во катна гаража	/
	03.01.05	**Б1.5-Ресторани,кантини, кафеани, ќебапчилници, сендвичари-кафани**	/	/	192	103	206	П+1	6.5	53.8%	1.08	во катна гаража	/
	03.01.06	**Е1.8 - трафостаница** 10/0.4kV 630/(1000) kVA	/	/	40	14	14	П	3.5	34.6%	0.35	/	/
	03.01.07	Е1.2-згради и комплекси на патниот сообраќај-катна гаража	/	/	514	411	1644	П+3	12	80.0%	3.20	/	/
66678	**ВКУПНО**				**36164**	**25337**	**33498**	**/**	**/**	**70.1%**	**0.93**		

III.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

За предметниот плански опфат се изработува **детален урбанистички план** согласно Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020 и бр. 111/2023) со наслов **Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип .**

Подрачјето опфатено со предметниот детален урбанистички план е на територија на Општина Штип, во централниот дел на град Штип, во КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5.

Планскиот период за кој се врши планирање на просторот опфатен со **Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип** изнесува **пет години** односно за **период 2023-2028**, а согласно член 22 став 2 од Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020 и бр. 111/2023) **.**

2. ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СПОРЕД ГРАНИЦИТЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ СО КОИ СЕ СОВПАЃА, РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ, ОСКИ НА УЛИЦИ ИЛИ ДРУГИ ЕКСПЛИЦИТНИ ЛИНЕАРНИ СИМБОЛИ НА ГЕОДЕТСКАТ ПОДЛОГА

Планскиот опфат дефиниран за изработка на **Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип,** со својата местоположба припаѓа на територија на Општина Штип , во централниот дел на град Штип.

Границата на планскиот опфат е утврдена во графичкиот дел на ГУП за град Штип плански период 2014-2029, донесен со Одлука бр.08-7987/1 од 31.12.2022г., согласно одредбите за спроведување на ГУП-от, како граница на детално планирање и за секој плански опфат се дадени границите на детален урбанистички план.
Вака дефинираната граница на планскиот опфат се совпаѓа со осовина на собирни сообраќајници планирани со ГУП и осовина на водени текови .

Границата на планскиот опфат претставена описно е следна:

-од запад- северозапад границата се совпаѓа со осовина на речно корито на река Брегалница;
-од југозапад границата се совпаѓа со осовина на улица „ Гоце Делчев“;
-од југоисток границата се совпаѓа со осовина на улица „ Партизанска“ и
- од североисток границата се совпаѓа со осовина на улица „ Вардарска“.

Површината во границите на планскиот опфат изнесува **6,67 ха**. Должината на границата на планскиот опфат изнесува **1124,75м**.

Геодетско одредување на границата на планскиот опфат е претставена со прекршочни точки нумерирани од **1-17**, со следните координати по Y и X:



Точка бр.	Y	X	
1	7599528.056	4622865.176	
2	7599476.642	4622911.55	
3	7599455.716	4622928.301	
Лак 1. Испакнатост 0.0607 Центар Y=7599418.2216 X=4622881.4583 радиус 60.0000 почетен агол 51 завршен агол 65			
4	7599443.363	4622935.937	
Лак 2 Испакнатост 0.0647 Центар Y=7599418.2216 X=4622881.4583 радиус 60.0000 почетен агол 65 завршен агол 80			
5	7599428.611	4622940.552	
6	7599360.957	4622952.446	најсеверна
7	7599329.402	4622762.6	
лак 3 испакнатост -0.1736 Центар Y=7599230.7494 X=4622778.9612 радиус 100.0000 почетен агол 351 завршен агол 311			
8	7599296.601	4622703.704	
9	7599254.725	4622667.062	најзападна
10	7599298.769	4622618.94	
Лак 4 испакнатост -0.0882 центар Y=7599077.4681 X=4622416.3921 радиус 300.0000 почетен агол 42 завршен агол 22			
11	7599355.008	4622530.285	најјужна
Лак 5 испакнатост 0.0030 Центар Y=7599313.7523 X=4622601.5770 радиус 82.3689 почетен агол 300 завршен агол 301			
12	7599355.853	4622530.78	
Лак 6 испакнатост 0.1452 центар Y=7599313.2339 X=4622602.4487 радиус 83.3831 почетен агол 301 завршен агол 334			
13	7599388.04	4622565.613	
14	7599401.275	4622586.562	
Лак 7 испакнатост -0.0447 центар Y=7599704.8765 X=4622405.2866			

радиус 353.6024 почетен агол 149 завршен агол 139			
15	7599438.36	4622637.674	
16	7599537.242	4622745.1	
17	7599584.94	4622798.328	најисточна

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ЗАФАТ И ПРЕТСТАВУВААТ ОБВРСКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Стратешките определби за **Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип** кои произлегуваат од урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат, произлегуваат од посебните услови за изградба , развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на ГУП за град Штип плански период 2014-2029, донесен со Одлука бр.08-7987/1 од 31.12.2022г., и посебните одредби –нумерички показатели за дозволени класи на намени и групи на класи на намени за градските четврти.За предметниот плански опфат релевантна четврт е **ЦЕ 03.**

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Целите на изработката на **Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип** произлегуваат од целите во ГУП за град Штип, како што се: ефикасна организација на сообраќајот, заштита на животната средина, подигање на квалитет на урбаната инфраструктура, и други, а чија реализација е дефинирана преку одредбите за негово спроведување по пат на изработување и донесување на детални урбанистички планови на кој е поделен планскиот опфат на ГУП. Заради законската облигација деталните урбанистички планови да мораат да се усогласени со ГУП, сите детални урбанистички планови донесени до денот на усвојување на ГУП Штип 2014-2029 како акти за спроведување на ГУП, мораат да претрпат усогласување со новиот ГУП, според што потребно е да се изврши програмско , планско и нормативно усогласување на планскиот опфат утврден со границите на ЦЕ 03 во ГУП за град Штип.

Изработка на овој детален урбанистички план треба да овозможи пред се

-ефикасна организација на елементите во просторот во функција на потребите на граѓаните;

-уредување на намената на земјиштето и објектите;

-создавање на подобри услови во обезбедување на комуналните стандарди во областа на водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, снабдување со енергија, електронските комуникации ,

- обезбедување на сообраќаен пристап до градежните парцели од секунарна улична мрежа;

- поголема уреденост и оранизираност на зеленилото во планскиот опфат,

- максимално користење на просторот од аспект на фунционалност, капацитет:
- можност за поставување на комплементарни и компатибилни намени од класата на намени Б во класата на намени Е2-автобуски терминал;
- зголемување на техничките и просторни опремености на градскиот стадион.

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО КОИ СЕ ПОСТИГНУВААТ ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ, СО ОСВРТИ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА И ОДРЕДБИ

Концептот за просторниот развој на предметниот плански опфат на **Деталниот урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип** произлегува од планските решенија на ГУП за град Штип плански период 2014-2029, како план од повисок степен врз основа на кој се изработува ДУП, и постојната состојба на предметниот простор. Предметниот плански опфат се наоѓа во централниот дел на градот, и со овој урбанистички план се врши оформување на градежни парцели со намена согласно намените дефинирани за урбана четврт ЦЕ 03 од ГУП за град Штип плански период 2014-2029, со рационално користење на градежното земјиште како просторен ресурс , со планирање на комплементарни и компатибилни намени .

Наменската употреба на градежното земјиште во границите на планскиот опфат е одредена со следните групи на класи на намени:

Б - Комерцијални и деловни намени
Е - Инфраструктури
Д - Зеленило , рекреација и меморијални простори
Реки

Земјиштето во планскиот опфат е се состои од парцелирано градежно земјиште на кое се формирани на градежни парцели од групите класи на намени Б1- Мали единици за комерцијални дејности, Б6- Простори за собири и публика, Е1-сообраќајни, линиски и други инфраструктури-Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија и Е2 – Згради и комплекси на инфраструктурните системи, и непарцелирано земјиштето за општа употреба кое ги опфаќа групите класи на намени Е1 **–** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, Д1- Парковско и пејзажно зеленило и Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило. Во границите на планскиот опфат влегува и дел од корито река Брегалница

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива и зададената сообраќајна мрежа со ГУП, при што се почитуваат и сообраќајниците предвидени со ДУП за СРЦ Брегалница и АУП за формирање на градежни парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 со намена Д3 –спорт и рекреација од ГП 1 од ДУП за СРЦ Брегалница. Уличната мрежа се состои од собирни улици чиј осовини се поклопуваат со границите на планскиот опфат , една сервисна улица испланирана помеѓу парцелата на автобуската станица и парцелата на стадионот што се крстосува со улица „ Вардарска“ , како и планирани колско-пешачка и пристапна улица, преку кој е обезбеден пристап до градежните парцели од секундарна улична мрежа.Паркирање се предвидува во градежните парцели со исклучок на парцелата на стадинот , за чии потреби, во деновите на максимална посетеност , може да се користат и паркинзите во околината.

Покрај речното корито планирано е јавно урбано зеленило во кое може да има пешачки и велосипедски патеки со пратечка опрема и градби, како и спортски градби, или парковски површини и др. Покрај ова , со планот се планирани зелени површини со

ограничена намена **Д2** – Заштитно и сообраќајно зеленило односно Д2.1- Линиско сообраќајно зеленило, разделно зеленило , односно зеленило на разделните појаси помеѓу коловозите .

Во рамки на опфатот формирани се 7 градежни парцели.

Вкупна површина за градење на ниво на плански опфат изнесува 54,2%.

Површина под сообраќајни површини 23 % .

Површина за зеленило 7,5% .

Процентот на изграденост изнесува 70,1 % .

Коефициентот на искористеност изнесува 0,93 .

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА , СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКРУРА

6.1 Опис и образложение на планските решенија за изградба

Планските решенија за **Деталниот урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип** произлегуваат од планските решенија во ГУП врз основа на кој се изработува овој детален урбанистички план , планските решенија од постојните детални планови за планскиот опфат како и постојната состојба евидентирана на ажурираната геодетска подлога и увидот на терен, усогласени со потребите и можностите за рационално користење на земјиштето. Предметниот простор претставува градско изградено и уредено градежно земјиште.

Планскиот опфат е со површина од **6,67** ха , дефиниран во еден блок **ЦЕ 03.01 и се состои од 7 градежни парцели ,** од три страни ограничен со осовини на примарна улична мрежа – собирни улици и од една страна граничи со осовина на коритото на река Брегалница.

Во границите на планскиот опфат се формираат седум градежни парцели за изградба на градбите со намени согласно ГУП , од кои **две градежни парцели** со **поединечна намена** - **Б1.5**- Ресторани, кантини, кафеани, ќебапчилници, сендвичари- **кафеани** , **една градежна парцела** со поединечна намена **Б6.5-**конгерсни и конференциски сали-**конференциска сала** , **една градежна парцела** со поединечна намена **Б6.1**- Стадиони и арени за фудбал , атлетика и манифестации- **стадион**, **една градежна парцела** со поединечна намена **Е 2.1** –Згради и комплекси на патниот сообраќај-**автобуска станица**, **една градежна парцела** со намена **Е1.8-** Инфраструктури за пренос на електрична енергија-**трафостаница** и **една градежна парцела** со намена **Е2.1**-згради и комплекси на патниот сообраќај- **катна гаража**. Градежните парцели се со дефинирана површина за градба со градежна линија зададена во графичките прилози, и со информативна линија за постојните градби за кој не се предвидува иден развој. Градскиот стадион опфаќа најголем дел од површината на планскиот опфат и истиот е планиран за околу 13000-15000 посетители во склад со планираното за градежната парцела на стадионот во ДУП за СРЦ Брегалница.

Во состав на градежните парцели се планира зеленило со мин. процент 20 % согласно Закон за урбано зеленило.

Стационарниот сообраќај се планира во состав на градежните парцели со обезбедување на потребен број на паркинг места , со исклучок на парцелата на стадионот , за кој покрај паркирање во градежната парцела, поради големиот број на

потребни паркинг места при максимална посета во деновите на позначајни натпревари, ќе се користат и останатите јавни паркинзи предвидени со ДУП за СРЦ Брегалница, како и околните изградени паркинзи при што ќе има и посебен режим на сообраќајот, и за парцелите со намена Б1.5 за кој паркирањето се обезбедува во катната гаража.

За поврзување на стадионот со спортскиот центар кој е планиран од спротивната страна на планскиот опфат, преку коритото на река Брегалница се задржува пешачкиот мост планиран со ДУП за СРЦ Брегалница.

Градежното земјиште за општа употреба го опфаќа зеленилото во рамки на планскиот опфат испланирано како парковско и пејзажно зеленило со поединечна намена **Д1.2-Јавно урбано зеленило**- односно зелен коридор покрај коритото на река Брегалница, во кое може да има пешачки и велосипедски патеки со пратечка опрема и градби,како и спортски градби, или парковски површини и др. Покрај ова , со планот се планирани зелени површини со ограничена намена **Д2** – Заштитно и сообраќајно зеленило односно **Д2.1-** Линиско сообраќајно зеленило, разделно зеленило , зеленило на разделните појаси помеѓу коловозите.

Сообраќајната улична мрежа ја сочинуваат примарна и секундарна улична мрежа, и тоа собирни сообраќајници утврдени со ГУП , по чија осовина е дефинирана границата на планскиот опфат и една новопланирана сервисна улица која ја следи улицата во стадинот испланирана со ДУП за СРЦ Брегалница, која продолжува до парцелата на автобуската станица и се приклучува на ул. Партизанска. Од оваа улица се обезбедува пристапот до градежните парцели. До градежните парцели со намена Б1.5 и Б6.5 пристапот е пешачки преку тротоари , а режимски возила пристапуваат преку тротоар.

6.2 Наменската употреба на градежното земјиште во граници на планскиот опфат

Наменската употреба на градежното земјиште во граници на планскиот опфат го сочинуваат следните класи на намени:

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ со вкупна површина од 27239 м^2 или 40.9% од површината на планскиот опфат.
Е - ИНФРАСТРУКТУРИ со вкупна повшина од 24189 м^2 или 36,3% од површината на планскиот опфат.

Д - ЗЕЛЕНИЛО , РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ со вкупна површина од 5058м^2 или 7,6% од површината на планскиот опфат и
РЕКИ – ВОДИ со вкупна површина од 10191 м^2 односно 1,02 ха или 15,3 % од површината на планскиот опфат.

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ/м²	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА /м²	ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ
66678	Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	27239	40.9%
	Д-ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	5003	7.5%
	Е-ИНФРАСТРУКТУРИ	24245	36.4%
	РЕКИ	10191	15.3%
	ВКУПНО	**66678**	**100.0%**

Од вкупното земјиште во планскиот офат ,земјиштето парцелирано за изградба изнесува 36128м^2 или 54,2%, и непарцелирано земјиште за општа употреба изнесува 30549м^2 или 45,8%.

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (m²)	ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ	ПОВРШИНА (m²)	ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ (%)
66678	ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА	36164	54.2%
	ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА	30513	45.8%
	ВКУПНО	66678	100.0%

6.2.1 Наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба

Планскиот опфат е дефиниран во еден (1) блок ЦЕ 03 и се состои од седум (7) градежни парцели . Градежните парцели се нумерирани со арапски цифри, според која се изработени урбанистички параметри за секоја градежна парцела поединечно на ниво на планскиот опфат и истите се прикажани во графичкиот прилог синтезен план.

Наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба е следна:

Класата на намени **Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ** е застапена со следните групи на класи на намени:
-Група на класа на намена Б1- **Мали единици за комерцијални дејности** , е застапена со површина од 378 м^2 или 0,57% од површината на планскиот опфат , или две (2) градежни парцели со поединечна намена - **Б1.5**- Ресторани, кантини, кафеани, ќебапчилници, сендвичари- кафеани.
-Група на класа на намена **Б6**- **Простори за собири и публика** е застапена со површина од 26861м^2 или 40,28% од површината на планскиот опфат или една (1) градежна парцела со поединечна намена **Б6.1**- Стадиони и арени за фудбал , атлетика и манифестации-стадион и 1 градежна парцела со поединечна намена **Б6.5-**конгерсни и конференциски сали- конференциска сала.

Класата на намени **Е - ИНФРАСТРУКТУРИ -** е застапена со група на класа на намена **Е 2 – Згради и комплекси на инфраструктурните системи** со површина од 8849 м^2 или 13,3% од површината на планскиот опфат , со планирани две градежни парцели со поединечна намена **Е 2.1** –Згради и комплекси на патниот сообраќај- од кои една градежна парцела за автобуска станица и една градежна парцела за катна гаража, и група на класи на намени **Е1-Сообраќајни, линиски и други инфраструктури** со планирана една градежна парцела со поединечна намена Е1.8-Инфратсруктури за пренос на електрична енергија со површина од 40м² или 0,1% од површината на планскиот опфат.

Во сите градежните парцели се предвидува зеленило мин.20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на РМ бр.11/2018 и 42/2020) .

Наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба може да се претстави и табеларно на следниот начин:

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (m²)	НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА	ПОВРШИНА (m²)		ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ (%)
66678	Б1.5-РЕСТОРАНИ,КАНТИНИ КАФЕАНИ, ЌЕБАПЧИЛНИЦИ, СЕНДВИЧАРИ - КАФАНИ	378	378	40.9%
	Б6.1-СТАДИОНИ АРЕНИ ЗА ФУДБАЛ, АТЛЕТИКА И МАНИФЕСТАЦИИ	26651	26861	
	Б6.5-КОНГРЕСНИ И КОНФЕРЕНЦИСКИ САЛИ	210		
	Е2.1-ЗГРАДИ И КОМПЛЕКСИ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ - АВТОБУСКА СТАНИЦА	8371	8885	13.3%
	Е2.1-ЗГРАДИ И КОМПЛЕКСИ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ - КАТНА ГАРАЖА	514		
	Е1.8 - ТРАФОСТАНИЦА	40	40	0.1%
ВКУПНО			**36164**	**54.2%**

6.2.1 Наменската употреба на градежното земјиште за општа употреба

Градежното земјиште за општа употреба ги опфаќа класите на намени **Е - ИНФРАСТРУКТУРИ** и класата на намени **Д-ЗЕЛЕНИЛО , РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ .**

Намена **Е- Инфраструктури** е застапени со група на класа на намена **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури во која влегува примарната и секундарна улична мрежа , пешачките површини, пешачки патеки , со површина од 15319 м^2 или 23% од површината на планскиот опфат .

Класата на намени **Д - ЗЕЛЕНИЛО , РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ** е застапена со група на класи на намени **Д1-** Парковско и пејзажно зеленило со површина од 3921м^2 или 5.88% од површината на планскиот опфат и поединечна намена Д1.2- Јавно урбано зеленило и група на класа на намени **Д2** – Заштитно и сообраќајно зеленило со површина од 1077 м^2 или 1,62% од површината на планскиот опфат со поединечна намена Д 2.1- Линиско сообраќајно зеленило, разделно зеленило, односно вкупното зеленило во планскиот офат со намена Д изнесува 7,5%.

Зелените коридори се планирани долж река Брегалница, и можат да се постават долж улиците , секаде каде што има услови. Во овие површини треба да се отклонат времените градби, да се почитуваат правците на пешачкото движење и движењето со велосипеди, а изборот на садниците да биде прилагоден на примарната намена.

Река-Води

Во границите на планскиот опфат влегува дел од коритото на река **Брегалница** со површина од 10191 м^2 односно 1,02 ха или 15,3 % од површината на планскиот опфат. Границите на коритото на реката во целост е превземено од ГУП за град Штип.

Наменската употреба на градежното земјиште за општа употреба може да се претстави и табеларно на следниот начин:

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (m²)	НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ОПШТА УПОТРЕБА	ПОВРШИНА		ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ
		(m²)		%
66678	Д1.2-ЈАВНО УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО	3926	5003	7.5%
	Д2.1-ЛИНИСКО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО,РАЗДЕЛНО ЗЕЛЕНИЛО,ЗАШТИТНО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО НА КРСТОСНИЦИ И ЈАЗЛИ	1077		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-Примарна улична мрежа	6862	15319	23.0%
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-Секундарни сообраќајници	2322		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-колско пешачки улици	863		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-тротоари	3594		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-пешачки површини	1678		
	РЕКИ	10191	10191	15.3%
ВКУПНО			**30513**	**45.8%**

6.4 Сообраќајна инфраструктура

Уличната мрежа планирана во планскиот опфат на **Деталниот урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип ,** е поставена врз основа на уличната мрежа планирана со ГУП за град Штип плански период 2014-2029, и постојната состојба , како и претпоставките за движење на моторниот и пешачкиот сообраќај во согласност со намената и организацијата на предметниот простор.

Сообраќајната инфраструктура се состои од примарна и секундарна улична мрежа.

Примарната улична мрежа е поставена според ГУП за град Штип плански период 2014-2029, се состои од следните улици:

1. Собирна улица „ Гоце Делчев“ од мост -В.21 Профил 1-1
- Тротоар 2,00м
- Коловоз .....(2х5,0м) =10,00м
- Тротоар .....2,00 м

Вкупно: 14,00м

2. Собирна улица „ Партизанска “ В.21-В.20 Профил 2-2
- Тротоар 3,50м
- Коловоз .....(3х3,50м) =10,50м
- Средишно разделно зеленило 2,00м
- Коловоз .....(3х3,50)=10,50м
- Тротоар .....3,50 м

Вкупно: 30,00м

3. Собирна улица „ Вардарска “ В.22-В.20 - Профил 3-3
- Тротоар 2,00м
- Коловоз .....(2х3,50м) =7,00м
- Коловоз .....(2х3,50м) =7,00м
- Тротоар 2,00м

Вкупно: 18,00м

Секундарната улична мрежа се состои од новопланирана сервисна улица.

4. Сервисна улица “ Новопланирана 1“ - Профил 4-4
- Тротоар 2,50м
- Коловоз .....(2х3,25м) =6,50м
- Тротоар .....2,50 м

Вкупно: 11,50м

5. Пешачки површини/тротоар преку кои ќе се одвива пешачкиот пристап до градежните парцели и ќе се користи како и пристап за режимски возила се со следните профили:

-пешачки површини / тротоар – променлив профил 3-13м.
-пешачки површини/тротоар 7,00м

Кривините и радиусите на уличната мрежа се според прописите од областа на сообраќајот.Вертикалната и хоризнталната сообраќајна сигнализација треба да биде изведена согласно прописите од сообраќајот.

Стационарниот сообраќај-паркирање и /или гаражирање на потребен број на паркинг места е планирано во рамки на градежните парцели. Доколку не се обезбеди потребен број на паркинг места во градежната парцела , не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.

По исклучок, за парцелата со намена Б6.1-стадион , дел од паркирањето ќе се обезбеди во сопствена парцела надземно и подземно и дел на земјиште за општа употреба, односно околните паркинзи и катната гаража .

Со овој пплан се задржува и пешачкиот мост преку река Брегалница , планиран со ДУП за СРЦ Брегалница.

Сообраќајните површини зафаќаат 15319 м^2 или 23 % од површината на планскиот опфат.

6.5.Нивелманско решение

Со изработка на деталниот урбанистички план пристапено е кон изработка на нивелманско решение за истиот. Предмет на изработка на нивелманско решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници. Појдовна основа за изработката на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот. Подолжните падови се движат во граници на дозволените и истите се дадени во графичките прилози за секоја улица. Нивелетите на сообраќајниците ќе се уточнат со Урбанистички проект/и за реализација на градбите.

6.6 Хидротехничка инфраструктура

Планскиот опфат што се обработува со овој ДУП за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип е во рамки на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план за град Штип за плански период 2014-2029**.**
Вкупната големина на планскиот опфат изнесува П=6.67ha
Намените во планскиот опфат утврдени со ГУП се следните:
Б - Комерцијални и деловни намени 3.74ха или 56.07%
Е1- Комунална инфраструктура –јавни отворени простори, улици и јавни паркинзи 0,98 ха или 14,69%
Е2- Комунална супраструктура 0,93 ха или 13,96 %
Реки-води 1, 02 ха или 15,28%

6.6.1Водоснабдување

За планскиот опфат потребно е да се обезбеди санитарна, техничка и вода за противпожарна заштита. Поради тоа што во граници на планскиот опфат нема евидентирано објекти со намена домување и не постои можност за определување на бројот на жители, за пресметување на потребната количина на санитарна вода предвидена е водоснабителна норма условена од големината на планскиот опфат и истата изнесува Qo = 30 m^3/den/ha). Потребната количина на техничка вода за полевање на зелени површини и миење на улици и поплочени површини, предвидено е да се обезбеди од посебна мрежа со користење на подземни води. Потребната количина на техничка вода е усвоено да изнесува 5.0 (l/m^2/den).
За планскиот опфат се претпоставува појава на еден пожар, со времетраење од 2 часа и количина на вода од 10.0 (l/s). За превентивна заштита од пожар, се предвидува едновремена работа на два надворешни пожарни хидранти Ф80 mm, со проток од по 5.0 (l/s). Вкупната потребна количина на вода ќе изнесува:

Во случај расположживиот притисок во градската водоводна мрежа да не ги задоволува потребите на предвидените објекти во планскиот опфат, проблемот со недостаток на притисок ќе се решава локално (за секој објект поодделно) со монтажа на хидростаници за зголемување на притисокот

Потребна количина на вода за санитарни потреби
водоснабдителна норма (Qo) ……..30 m^3/den/ha)..
коефициент a1……1.5
коефициент a2 ……1.3

Qsr/den = F x Qo = 6.67 x 30 = 200.00 m^3/den
Qmax/den = Qsr/den x a1= 200 x 1.5 = 300 m^3den
qmax/den = Qmax/den/86400 = 300000 / 86400 = 3.47 l/s
Qmax/cas = Qmax/den x a2 /24 = 300000 x 1.3 / 24 = 16250 l/h

qmax/cas = Qmax/cas / 3600 = 16250 / 3600 = 4.51 l/s

Потребна количина на техничка вода
Одржување на јавни површини и зеленило
Qjp = Qs x F
Qs = 4.0 – 6.0 l/m^2/d усвоено Qs=5.0 l/m^2/d
F = 2.56 ha = 25643 m^2
Qjp = 5.0 x 25643 = 128215 l/d = 1.48 l/s
Qjp = 1.48 l/s

Потребна количина на вода за противпожарна заштита
Qp = 2 x 5.0 = 10 l/s

Према добиената максимална часова потрошувачка и пожарната вода, се добива вкупно потребната количина на вода потребна за водоснабдување на планскиот опфат Qvk=14.51 l/s

Усвоен е цевковод од полиетиленски цевки PE100 OD160mm (DN150mm).

Водоснабдувањето на објектите во планскиот опфат се предвидува да се врши со поврзување на опфатот со постоечките главни водови Ф300mm на ул. Вардарска и ул. Партизанска.

За надворешна противпожарна заштита на објектите во планскиот опфат предвидени се ПП хидранти Ф80mm согласно правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожар.

6.6.2 Канализација

Во планскиот опфат што се обработува со овој ДУП се планира изградба на сепаратен систем на канализација, односно посебна канализациона мрежа за одведување на фекалните отпадни води и посебна канализациона мрежа за атмосферска канализација. Со проекцијата на хидротехничкат инфрастуктура се предвидува генерално решавање на канализационите мрежи и истите ќе се состојат од канализациони колектори кои што ќе се водат по предвидените улици во опфатот.

-Фекална канализација

Количината на фекалните отпадни води која ќе се канализира се пресметува како 80% од употребената вода, зголемена за 10% поради инфилтрација на подземни води.

Количина на фекални отпадни води
Qfek = (0.8 x F x Qo x a1 x a2 x 1.10) / (24 x 60 x 60) l/s
Qfek = 0.8 x 6.67 x 30 000 x 1.5 x 1.3 x 1.10 / 86400
Qfek =3,97 l/s

Во рамките на планскиот опфат кој се наоѓа во централното градско подрачје постои развиена мрежа за фекална канализација. Постојната канализациона мрежа е оформена од колектори односно цевки изработени од различен материјал и попречен профил.

Според планската документација за опфатот, по предвидените улици предвидено е да се води мрежа за фекална канализација која треба да се изведе од пластични ПП канализациони цевки со минимален дијаметар DN250mm и армитанобетонски шахти. Предвидената канализациона мрежа гравитационо ќе се поврзе на веќе изградената канализациона мрежа и преку неа фекалните отпадни води ќе се одведат до планираната ПСОВ на град Штип.
Хидрауличките пресметки за добивање на точните димензии на фекалната канализациона мрежа ќе бидат дадени во основен проект и ќе бидат условени од конфигурацијата на теренот и неговиот пад. На тој начин ќе се добијат и потребните параметри за димензионирање на мрежата со потребни пресеци и падови.

6.6.3 Атмосферска канализација

Атмосферската канализација ќе ги евакуира атмосферските води од кровните површини на објектите, од површините на улиците и тротоарите и зелените површини. Во планскиот опфат или во негова непосредна близина нема постојна атмосферска канализациона мрежа. Според оваа планска документација, по предвидените улици предвидено е да се води мрежа за атмосферска канализација која треба да се изведе од пластични ПП канализациони цевки со минимален дијаметар DN300mm и армитанобетонски шахти. По нивното колектирање, атмосферските води гравитационо ќе се испуштат во Река Брегалница која се наоѓа во рамките на опфатот на овој ДУП.

Точното место на испуштање и испусните објекти ќе бидат дефинирани во идна проектна документација.

Количина на атмосферски води од планскиот опфат

Вкупна сливна површина на комлексот F = 6.67 ha = 66700 m^2
-површина под градби F1 = 8077.00 m^2
-површина под улици, тротоари, патеки F2 = 11111.00 m^2
-тревни површини F3 = 43033.00 m^2
Qatm = F x q x f x ψ
F – површина (ha)
q = 110 l/s/ha – меродавен дожд
f=1 коефициент на ретардација
ψ – коефициент на оттекување

Qatm = F1 x q x ψ1 + F2 x q x ψ2 + F3 x q x ψ3 = 0.81 x 110 x 0.90 + 1.11 x 110 x 0.90 +.4.30 x 110 x 0.25 = 80.19 + 109.89 + 118.25 = 314.36 l/s
Qatm = 308.33 l/s

Хидрауличките пресметки за добивање на точните димензии на атмосферската канализациона мрежа ќе бидат дадени во основен проект и ќе бидат условени од конфигурацијата на теренот и неговиот пад. На тој начин ќе се добијат и потребните параметри за димензионирање на мрежата со потребни пресеци и падови.

Со реализација на планската документација и сообраќајното регулирање, ќе се зголемат количините на атмосферски води во опфатот во зависност од големината на кровните, асфалтираните или поплочени површини. Дел од тие води ќе истекуваат по природен пат кон тревните или земјаните површини, а останатите ќе се зафатат со атмосферска канализациона мрежа и ќе се испуштаат во најблискиот реципиент Река Брегалница

Хидротехничките инсталации ќе се водат во претходно припремен ров, со длабочина и ширина во зависност од дијаметарот на цевките и падот на теренот.

6.7 Електроенергетска и комуникациска инфраструктура и јавно осветлување

▪Според податоците добиени од **Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со допис бр. 10-25/3-61 од 14.02.2023г.** во границите на планскиот опфат постои подземна електроенергетска мрежа , презентирана во графичкиот прилог:

-35 kV подземна мрежа

-10(20) kV подземна мрежа

- 0.4 kV подземна мрежа

Според податоците од **АД МЕПСО добиени со допис бр. 11-2528/1 од 25.04.2023г.,** предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

На основа добиените графички прилози и останати потребни параметри пристапено е кон изготвување на планиран развој на електро-енергетски објекти и мрежи и телефонска мрежа.

Основни содржини во просторот се:

Б - Комерцијални и деловни намени 3.74ha или 56.07%

Е1- Комунална инфраструктура –јавни отворени простори, улици и јавни паркинзи 0,98 ха или 14,69%

Е2- Комунална супраструктура 0,93 ha или 13,96 %

Реки-води 1, 02 ha или 15,28%

Доминантна класа на намени Б6-простори за собири

Површина на блок 03 изнесува 6,67 ha.

Елекротроенергетска инфраструктура за планскиот опфат

Со разработка на секој блок се утврдува потребата од планирани трафостаници.
Новопланираните трафостаници ќе се градат односно реализираат и поврзат на среднонапонската мрежа во зависност од плановите на развојната програма на ЕВН Македонија - Скопје.
Локацијата за новите трафостаници ќе биде дефинирана во соработка со стручната служба на ЕВН Македонија - Скопје - Сектор за развој и инвестиции, а во согласност со постојните услови и планскиот концепт за електро снабдување.
Развојот на среднонапонската 10 kV мрежа и нисконапонската кабловска 1kV мрежа се планира да се изведе односно надгради на постојната со кабловски врски.
Во планскиот опфат планирани се следните содржини:

Б - Комерцијални и деловни намени 3.74ha
Е1- Комунална инфраструктура - јавни отворени простори, улици и јавни паркинзи 0,98 ha
Е2- Комунална супраструктура 0,93 ha
Реки-води 1, 02 ha
Доминантна класа на намени Б6-простори за собири
Површина на блок 03.01 изнесува 6,67 ha.
Прогнозата за потребна едновремена ел. снага и димензионирање на електроенергетската мрежа се определува према следните електроенергетски параметри:

А- домување..... 0,1 kW/м2
Б- комерцијални и деловни дејности..... 0,05 kW/м2
В - јавни институции 0,2 kW/м2
Г- производство, дистрибуција и сервиси.....0,03 kW/м2
Д- зеленило, спорт и рекреациоја 0,035 kW/м2
Е- инфраструктура..... 0,89 W/м2
- коефициент на едновременост..... 0,5

1. ДОМУВАЊЕ-А
0.1(kW/m2)x0x10000(m2)=0(kw)
2. КОМЕРЦИЈАЛНИ ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ФУНКЦИИ -Б
0.05(kW/m2)x3,74(ha)x10000(m2)= 1870(kw)

3. ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ -В
0.2(kW/m2)x0.0x10000(m2)=0.0(kw)
4.ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ -Г
0.03(kW/m2)x0.0x10000(m2)=0.0(kw)
5.ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И РЕКРЕАЦИОЈА -Д
0.035(kW/m2)x0,0x10000(m2)=0.0(kw)
6. инфраструктура **-Е**
0.89(W/m2)x(0.98+0.93)(ha) x10000(m2)=16999(W)

Планскиот опфат изнесува 6,67ha .
Според горната пресметка потребата од електрична енергија е 1870+16.999 =1887kW ако се земе во обзир и факторот на едновременост (0.5) потребата би била 944 kW тоа е една трафостаница од 1000kVA =1(трафостаница).
Врз основа на Урбанистичкиот план и направените анализа за потребна едновремена ел. снага, предложена е 1 (една) локација за градба на нова трафостаница 10/0,4 kV, со снага од 630/(1000) kVA.
Според тоа за новопредвидената трафостаница определена е една градежна парцела ГП 03.01.06, за која ке се разработува во понатамошната постапка на изготвување на техничка документација (урбанистички проекти, идејни и основни проекти за ел. мрежа), и во зависност од реализацијата на програмските определби на надлежно дистрибутивно претпријатие (ЕВН).
За да се поврзат новопредвидените трафостаници на среднонапонска (10 kV) ел. мрежа, потребно е да се изготват ИДЕЈНИ ПРОЕКТИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА од страна на овластени претпријатија во соработка на стручните склужби на надлежно дистрибутивно претпријатие (ЕВН).

6.7.1 Улично осветлување

Постои изградена инсталација за јавно осветлување на дел од сообраќајниците во граница на планскиот опфат.
Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа"В-2", споредни, локални
- класа "В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

"В-2" (С)
- сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост Esr=15-25 Lx
- просечна рамномерност jr=40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување
- еднореден

"В" - паркинг простори
- средна погонска осветленост Esr = 10-20 Lx
- просечна рамномерност jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)

- светлосен извор VTFE - 250 W
- начин на поставување двореден (еднореден)

6.7.2 Комуникациска инфраструктура

▪Според податоците добиено во **дописот бр. 1404-550/2 од 13.02.2023г. од Агенција за електроски комуникации,** во границите на планскиот опфат постои изградена телекомуникациска мрежа:

Според податоците добиени во **дописот бр 11-730/1 од 08.02.2023г. од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје**, има постојни подземни/надземни инсталации, доставени во графики прилог.

Не се доставени податоци од Македонски Телеком.

Во населено место постои телефонска мрежа.
Примарната телефонска мрежа е изведена со подземен телефонски вод, а секундарната телефонска мрежа е изведена со воздушни телефонски водови прицврстени на бетонски или дрвени столбови.
Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планирани да се поставуваат во површините на тротоарите и пристапните улици со надоврзување на постоечката мрежа.
Развојот на телефонската мрежа се планира да се изведе претежно како кабловска водена во земјени ровови и делумно во телефонска канализација до собирно распределителни ормани со дефиниран манипулативен простор со димензии 1,0м х 0,5м. Бројот и местоположбата на овие инфраструктурни објекти ќе биде дефинирана согласно развојните потреби на мрежата, во коридорот на тротоарот или надвор од коридорот на тротоарот (во зависност од конкретната ситуација и услови на теренот), а во соработка со стручните служби на Македонски Телеком АД Скопје.

Приклучокот на сите телефонски претплатнички места ќе биде во најблиската автоматска дигитална централа.

6.8 Топлификациска мрежа

Начинот на загревање на просториите е од големо енергетско значење, бидејќи приближно 40% од вкупната потрошувачка на енергија во големите градови се користи за греење на градбите.

Од добиените податоци и информации во граници на планскиот опфат не постои топлификациска мрежа.

Согласно ГУП , планирање на мрежа се предвидува само за централниот дел од градот каде како резултат на зголемена густина на градба постои економска оправданост за поврзување наградбите на топлификациски систем.

5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И СЛУЖАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Општите услови за изградба, развој и користење на градското градежно земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичките планови и проекти и процесот на изградба, и истите се содржат во изводот од ДУП.
Законската и подазаконската регулатива врз основа на које се изработуа овој Урбанистичкиот план е Законот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ“ бр.32/20 и бр. 111/23), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20,219/21, 104/22 и 99/23).

1**.** Општите услови се применуваат во рамките на границата на планскиот опфат.

2. Изградбата на сите објекти , како и инсталации од комуналната инфраструктура и целокупното уредување во границата на планскиот опфат , треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива и техничкте прописи од областа на урбанизмот, архитектурата, градежништвото, а во согласност со овие условите за изградба , развој и користење на земјиштето за предметниот плански опфат .

3**.** Наменската употреба на градежното земјиште во граници на планскиот опфат се состои од следните групи на класа на намени :

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Класа на намени : Б1- Мали единици за комерцијални дејности (до 200м^2 и П+1 кат)
Поединечна намена :
Б1.5- Ресторани, кантини, кафеани, ќебапчилници, сендвичари
Б6.5 -конгресни и конференциски сали- конференциска сала

◦ За класа на намена Б1 **не се** предвидуваат компатибилни намени.

Класа на намени : Б6- **Простори за собири и публика**
Поединечна намена**: Б6.1** - Стадиони и арени за фудбал , атлетика и манифестации.

◦ За класа на намена Б6 предвидени се компатибилни намени од класата Б1-мали единици за комерцијални дејности и Б3-големи единици за угостителска дејност, најмногу до 40% .

Е - ИНФРАСТРУКТУРИ
Класа на намени : Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Поединечна намена: **Е 1.1 –** Сообраќајни патни инфраструктури
Поединечна намена: **Е 1.8** –Инфраструктури за пренос на електрина енергија-**трафостаница**
Класа на намени: Е2 – Згради и коммплекси на инфраструктурните системи
Поединечна намена:**Е 2.1** –Згради и компплекси на патниот сообраќај: **автобуски станици**

Поединечна намена:**Е 2.1** –Згради и компплекси на патниот сообраќај: катна гаража

◦ **Согласно ГУП за град Штип плански период 2014-2029, во склоп на класата на намена Е2-Автобуски терминал, возможно е поставување на комплементарни намени од класите Б.**

◦За класа на намена Е2 предвидена е компатибилна намена од класите Б2-Големи единици за трговија (над 200м^2) најмногу до 40%.

Д - ЗЕЛЕНИЛО , РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Класа на намени :Д1- Парковско и пејзажно зеленило
Поединечна намена: Д1.2- Јавно урбано зеленило

◦ Во зелениот коридор долж речното корито на река Брегалница може да има пешачки и велосипедски патеки со пратечка опрема и градби. Тие можат да имаат и спортски градби, или парковски површини и др.

Класа на намени : Д 2 – Заштитно и сообраќајно зеленило
Поединечна намена : Д 2.1- Линиско сообраќајно зеленило- разделно зеленило

РЕКИ – Во границата на планскиот опфат влегува дел од коритото на река Брегалница.

◦ Планот предвидува употреба на комплементарни намени за сите градежни парцели. Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со овој урбанистички план.

4. Регулаторни линии се линиски плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото на градење и од аспект на намената на земјиштето во градежнатга парцела односно диспозиција на планираните градби. Регулаторни линии се :
-регулациона линија
-граница на градежна парцела и
-градежна линија

5. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

9.1.2 Мерки за заштита на природното наследство

Доколку при изработката на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор потребно е да се предбидат мерки за заштита на природното наследство:
-утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
-Забрана за вршење на било какви стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрчје со специјална намена;
-магистралната и останата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, апри мали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор над објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негатините појави;
-воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
-почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

9.1.3 Мерки за заштита на животната средина

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес. Заштитата и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови од заштита и загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и нејонизирачко зрачење, заштита од непријатната миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).Мерките и активностите за заштита на животната средина се превземаат пред да дојде до штетни последици.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина , потребно е да се почитуваат одредбите пропишани Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија " бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22 и 171/22) и подзаконските акти донесени врз нивна основа и и друга релевантна законска регулатива како што е:

- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл.Весник на Р.М. бр.67/04, 92/07 , 35/10, 47/11, 59/12,163/13, 10/15 и 146/15 и Сл.Весник на Р.С.М. бр.151/21);
- Закон за водите (Сл. весник на Р.М. бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и Сл. весник на Р.С.М. бр151/21).
- Уредба за класификација на водите (Сл.Весник на Р.М. бр.18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.Весник на Р.М. бр.18/99) и Исправка на уредбата за категоризација на водотеците, езерата,акумулациите и подземните води („Сл.Весник на Р.М.бр.71/99)
-Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македониај бр. 216/21);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.Весник на Р.М. бр. 79/07 , 124/10, 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21)
- Закон за заштита и спасување (Сл. весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 , 106/16 и 83/18 и Сл. весник на Р.С.М. бр. 215/21).
- Закон за земјоделското земјиште (Сл. весник на Р.М. бр. 135/07, 17/08, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 , 39/16 и Сл. весник на Р.С. М. бр.161/91 и 178/21).
- Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21).
- Закон за градење (Службен весник на Р.М. бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 ,132/16 35/18,64/18 , 168/18 и Службен весник на Р.С.М. бр. 244/19, 18/20 и 279/20)

и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата која со навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина

како што е:
-Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опрема, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучава и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава;
-Во фазата на изградба да се користат еколошки прифатливи градежни материјали. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од терените , со цел да се избегнат дополнителни економски трошоци заради потребите од нејзина дислокација.По завршување на активностите, шутот треба да биде уредно одложен на депонија.
По завршување на градежните активности да се обезбеди веѓетациски покривач на почавата околу новоизградените содржини.

9.1.4 Мерки за справување со климатските промени

Предвидени се неколку мерки за справување со појавата на урбани топлотни острови како главен идентификуван проблем.
1. Поттикнување на научни истражувања за влијание на климатските промени преку:
-детална анлиза на топлотни острови и креирање мерки за ублажување на последиците од урбаните топлотни острови преку прототипирање нивно тестирање (пр. воведување практика за ставање на бели покриви, посветол асфалт, и др.
-студија за анализа на влијанието на зелени покриви/фасади/површини намалувањето на потошувачката на енергија и намалување на температурата и топлотните острови
-снимање со термална камера од авион/беспилотно летало на урбани топлотни острови
-развивање на иновативни модели за подобрување на подготвеноста и способноста на граѓаните за одговор на кататсрифите
-Програми за подигање на свеста на заедницата за последиците од екстремните временски состојби и настани
Детална процена на осетливост и изложеност на климатски промени на туристички локалитети во општината
-осмислување и реализирање активности за подигање на јавната свест за животната средина и климатските промени, анимирањето на граѓаните да станат активни учесници во преземањето конкретни мерки и сл.
2.одредување и имплементација на активности за промена на однесувањето на граѓаните и институциите како носители на позитивни промени , со цел сите заедно да се справиме со предизвиците што ги носат климатските промени
-Развој на веб платформа-интерактивна база на податоци за сите факти што се поврзани со урбаните топлотни острови
-Детална процена на осетливост и иаложеност на климатски промени на природното и културното наслледствово општината;
-зелени кровови и зелени фасади
-зголемен процент на зеленило во градежните парцели
-Континуирано превземање на мерки и активности за заштита и унапредување на заштитените природни реткости
-следење на состојбата на биодиверзитетот, влијанието од климатските промени и неговата заштита;
-Евидентирање на појавите на ерозија и преземање
-Активности за нејзино намалување и спречување

-користење на податоците од зелениот катастар за дизајнирање адекватни мерки за ублажување согласно со светките и европските трендови;
-континуирано чистење и одржување на целата постојна инфраструктура за заштита од поплави, односно нејзино враќање во првобитна состојба и долгорочно одржување
Урбанистички планови кои водат во насока да осигураа навлегување на свежиот разладен воздух во градот
-при планирање на нови или реконструкција на постојни делови, треба да се осигура постоење ефект на разладување со соодветна орјентација на објектите, улиците и отворените простори, но и со зачуввање на односот межу висината на објектот и ширината на улицата.
-усогласување на екомскиот равој со просторните можности и еколошкиот капацитет на општината;
Очекуваните резултати се стимулативни програми и мерки за енергетска ефикасност во резиденцијалниот и градежниот сектор. Показателот на успех на самите мерки ќе биде Изработка на Програма за поттикнување на енергетска ефикасност:
Индикативо намалување на CO2 емисии.

Климатски промени претставуваат долготрајни промени на временските услови следени во подолг период. Глобалното затоплување всушност ја означува најзабележителната промена на климата, односно порастот на просечната температура на воздухот, која на глобално ниво се зголемила за 0.89°C во периодот од 1901 до 2012 год. Порастот на просечната температура е предизвикан од зголеменото количество на стаклениички гасови кои го апсорбираат топлинското инфрацрвено зрачење од земјата и го задржуваат во атмосферата, т.н ефект на стаклена градина. Проблемот настанува кога концентрацијата на стаклениичките гасови (водена пареа, јаглерод диоксид, озон, метан, диазот оксид и други во трагови) е зголемена и на тој начин се акумулира повеќе топлина во атмосферата. Климатските промени се без сомнение една од најголемите закани со кои се соочува човештвото. Ефектите од климатските ромени веќе се чувствуваат во Р.С. Македонија. Досегашните податоци покажуваат дека во последните 20 години:
-просечните температури се зголемени за 0,2 – 0,5°C,
- количествата на врнежи се во опаѓање, но со променлив распоред и интензитет се зголемува бројот на летни денови и тропски ноќи,
-се евидентира зачестена појава на топли бранови.
Мерки за ублажување на климатските промени подразбираат активности кои ќе придонесат во намалување на емисиите на стаклениички гасови кои потекнуваат најмногу од човечките активности, а тоа е согорувањето на фосилните горива, како за добивање на електрична така и за топлинска енергија,сечењето на шумите кои се единствениот извор на кислород. На светско ниво се донесени повеќе протоколи, студии, стратегии, директиви како од Обединетите нации преку Монтреалскиот и Кјото протоколот, КОП конференциите и глобалните договори за ограничувањето на емисијата на стаклениички гасови, исто така, и за гасовите кои го уништуваат озонот, а тоа се јагленофлуоровододи, најчесто од употребата во ладилната техника. Македонија како потписничка на овие договори е обврзана истите да ги спроведува.

Обновливите извори на енергија се начин на решавање на климатскиите промени, а во исто време и начин за намалување на загадувањето на човековата околина.

9.1.5 Мерки за справување со отпад

Цели на Законот за управување со отпадоот („Службен весник на Република Северна Македониај бр. 216/21) се да се обезбеди:

-избегнување и во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад;
-искористување на употребливите состојки на отпадот;
-одржлив развој, преку зачувување и заштеда на природните ресурси;
-спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето во согласност со принципите на циркуларната економија;
-отстранување на отпадот на начин што е прифатлив за животната средина и
- висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

При преземањето на одредени дејности и активности во врска со управувањето со отпадот, правните и физичките лица се должни да обезбедат висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Создадениот отпад треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина. За понатамошно постапување со отпадот којшто може да се појави од процесот на функционирање на фотонапонскиот систем (кабли, електричен и електронски отпад) да склучи договор со правно/физичко лице кое поседува дозвола за постапување со таков тип на отпад.
Воспоставување на мониторинг и следење на состојбите на општинско ниво.

9.1.6 Мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот

Мерки за одржлива мобилност

Со изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови треба да се обезбедува надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционалната пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите и подрачјата во и вон населените места за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижност.
Надминувањето на урбаните бариери и обезбедувањето на пристапност и проодност на јавните простори и градби подразбира утврдување на мерки и плански одредби што се применуваат во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови.
Мерките за пристапност и проодност, како и за надминувањето на урбаните бариери, што се составен дел на урбанистичките планови се однесуваат на јавни сообраќајни и други пешачки површини на земјиште за општа употреба од групите на класи на намени Д и Е,

и градби за јавна употреба со институционални, деловни и комерцијални намени од групите на класи на намени Б и В.
Градбите за јавна употреба треба да се планираат со кота на нултата плоча или со кота на влезните партии што е еднаква со нивелетата на пристапните тротоари и пешачки површини, а доколку денивелациите се неизбежни , тогаш во условите за градење мора да се зададат мерки и плански одредби што ќе обезбедат средства за непречена пристапност, како што се рампи, платформи, ескалатори и сл.
За градбите за јавна употреба, треба да се предвидуваат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири со минимална широчина од 1,20м.

Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови и тоа: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади, плоштатки и сите други видови на пешачки површини на земјиште за општа употреба, освен ако тоа не е неизбежно поради околностите на теренот, не треба да имаат денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што може да ја попречи или намали пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до градбите за јавна употреба.

При спроведување на урбанистичките планови задолжително се предвидува превладување и отстранување на сите постојни денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што ја попречуваат или намалуваат пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до градбите за јавна употреба на тротоарите, пешачките улици, пешачките патеки, плоштадите, плоштатките и сите други видови на пешачки површини на земјиште за општа употреба.

Во процесот на спроведување на урбанистички планови не може да се поставува масивна урбана опрема, сезонска угостителска опрема, какви било прегради, конструкции, платформи, надградени денивелирани подови, скали, конструкции за наткриени тераси од угостителски намени, паркинг места или други опреми, инсталации, предмети или градби што ќе претставуваат архитектонски и урбани бариери за движење на лицата со инвалидност и намалена подвижност, и што ќе го стеснуваат пропишаниот слободен профил за движење на тротоарот.

Површините за движење на пешаците каде што теренот е во наклон треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со пожелен подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи со подолжен наклон најмногу до 8,33% или во однос 1:12.

Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со најголем подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи до 8,33% или во однос 1:12, која се димензионира за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65 м, а оптималната широчина треба да е 1,80 м.

Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
-наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9,00 м,
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12,00 м, и -наклон од 5,0% или во однос (1:20), максимална должина на рампата е 15,00 м.

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите погоре одредената, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50 м, а оптимална должина треба да е 1,80 м.

Најголем попречен наклон на тротоарите и другите пешачи патеки што е нормален на смерот на движењето и оската на патеката изнесува 2%.

На секој пешачки премин, треба да се предвидуваат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

Рампите за совладување на висинската разлика помеѓу тротоарот и коловозот ,по правило се изведуваат со специјални закосени елементи од рабниците кои се изведуваат без вертикална денивелација до нивото на коловозот и во широчина на целиот пешачки премин, а најголемиот наклон на рампата од став (1) на овој член е 8,33% или во однос 1:12, а доколку е тоа технички неизведливо по исклучок наклонот може да е најмногу до 10% или во однос 1:10.

Поради обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижност по јавните тротоари од уличната мрежа најмалата пожелна широчина на тротоарите и пешачките патеки треба да биде: 2.40 м (90см + 75см + 25см + 50см), која се добива со додавање на просторни модули за исполнување на минималниот услов за разминување на лице во инвалидска количка – 90 см, пешак – 75 см, заштитен простор до ограда или зграда – 25 см и заштитен појас до коловоз – 50 см, освен Во исклучителни случаи кога пешачката патека не граничи со коловоз и/или нема појас за урбана опрема, најмалата широчина на патеката може да биде 1,90 м (90см + 75см + 25см).

Апсолутен минимум на широчина на пешачка патека кој е дозволен само за патеки што се од двете страни опкружени со трева или друга слободна површина, и немаат никаква урбана опрема, е 1,65 см (90 см + 75 см).

Во коридорот на основните пешачки движења (кој за најмалата широчина на тротоар или пешачка патека изнесува 90см + 75см = 165 см) не можат да се поставуваат елементи од урбана опрема или други подвижни препреки или сезонска опрема, како што се рекламни панои, угостителска опрема и слично.

Делови од градбите што се непосредно долж тротоарите и пешачките патеки, како што се надстреи, конзоли, инсталации, опрема и слично, како и елементите од урбаната опрема и долните делови од крошната на дрвјата мораат да бидат издигнати најмалку 2,50 м во однос на котата на пешачката површина, колку што изнесува висината на пешачкиот просторен модул.

При изработувањето и спроведувањето на урбанистички планови и проекти задолжително се предвидуваат специјално димензионирани и обележани паркинг места за возила што ги користат лицата со инвалидност и намалена подвижност.

Овие места за паркирање треба да ги исполнат следните услови:

- најмалата дозволена димензија на местото да е 3,70 / 5,00 м,
- доколку паркиралиштето не е изведено во исто ниво со тротоарот или со пристапната пешачка патека до него, тогаш излезот од паркиралиштето се обезбедува со пешачка патека или рампа со наклон не поголем од 5%, а во исклучителни случаи со максимален наклон до 8,33% и минимална широчина од 1,40 м,
- паркинг местата се поставуваат најблиску до влезовите на блиските градби или до вертикалните комуникации,
- паркинг местото мора секогаш да биде планирано, проектирано и изведено во хоризонтална нивелета, а никогаш во правецот на подолжниот нагиб,
- паркинг местото може да има попречен нагиб од најмногу 2%.

Потребен број на специјални паркинг места се планираат според следните стандарди:

-. за јавни гаражи, јавни паркиралишта, градби за јавна употреба најмалку 3% од вкупниот број места за паркирање, но не помалку од едно паркинг место.

Мерки за безбедност во сообраќајот

Заради безбедност во сообраќајот се предвидуваат мерки како што се :
-Објектите наменети за сообраќај (патишта, улици, пасажи, тротоари, велосипедски патеки, паркиралишта, гаражи и друго), не можат да се пренаменат и користат за други потреби.
-утврдување на услови за сообраќај на возила во пешачки зони, зони на смирен сообраќај и зона школо;
-сообраќај на пешаци, возачи на велосипед, мопед,
- определување на простори за паркирање и запирање на возила , на јавни паркиралишта, движење на пешаци, сообраќај на велосипеди и велосипеди со мотор;
- поставување, заменување, дополнување и отстранување на сообраќајни знаци и заштитна опрема на постојните и новоизградените јавни патишта и улици;
- определување на еднонасочни патишта и улици;
- регулирање на сообраќајот на крстосници;
- определување и утврдување на сигурни правци наменети за движење на деца, преземање посебни технички мерки за безбедност на пешаци и возачи на велосипед во близина на образовни, здравствени и други институции, игралишта, кино-сали и слично регулирање на транзитниот, товарниот, патничкиот, велосипедскиот и пешачкиот сообраќај;

9.1.7 Мерки за заштита од урнатини

Заштитата и спасувањето од разурнувања опфаќа превентивни мерки во урбанистичките решенија со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на градбите. Во текот на планирање на просторот и изградбата на објектите да се овозможи растојание од најблиската градба до уличната мрежа минимум половина од висината на градбата (L/H/2) заради слободен проток . Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат зони на тотални урнатини и тесни грла на сообраќајниците и да се обезбеди слободен проток на сообраќајниците. Заштита од урнатини се обезбедува со оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини, да се обезбеди депонија за складирање на градежниот отпад, при евентуални урнатини. Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл.весник на Р.М. бр.98/05).

9.1.8 Мерки за заштита и спасување од природни непогоди (земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, пожари и други) и технолошки хаварии

Мерките за заштита и спасување се уредени во Законот за заштита и спасување („ Службен весник на Република Македонија “ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, и 41/14, 128/15, 71/16, 106/16, и 83/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.215/21 ,) и задолжително се применуваат :
1) при планирање и уредување на просторот и населбите;
2) Во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски

гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и јавна, административна, културна туристичка дејност и при изградба на објекти и инфраструктура, во функција на уредување на просторот задолжително се обезбедува
-изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
-регулирање на водотеците и изградба на системи на одбранбени насипи;
- изградба на снегозаштитни појаси;
- обезбедување на противпожарни пречки;
- изградба на објекти за заштита и
- изградба на потребна инфраструктура
При примена на планските решенија , покрај законот за заштита и спасување да се применуваат и стандардите и нормативите утврдени во Процена на загрозеност на РМ од природни непогоди и други несреки (Службен весник на РМ бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностте и планирање на заштитата и спасувањет (Службен весник на Република Македонија бр. 76/06) и уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од урнатини (Службен весник на Република Македонија бр.100/10) и Уредбата за спроведување на мерките за заштита и спасување од пожари, експлозиви и опасни материи (Службен весник на Република Македонија бр.100/10).

-Мерки за заштита и спасување од земјотреси

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на градбите. Густината на градбите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичко проектирање, со помали висини градби и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

-Мерки за заштита и спасување од поплави

Заштита и спасување од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

-Мерки за заштита и спасување од лизгање на земјиштето

При изработката на урбанистичките планови , со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, затоа потребно е да се изготви елаборат од извешени геомеханички, геилошки и хидролошки испитувања.

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несречи во опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување, може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така при проектирањето , да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („ Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/11) и Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи („ Службен весник на Република Македонија “ бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урбанитини („ Службен весник на Република Македонија “ бр. 8/05).

-Мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари , експлозии и опасни материи.

Задолжително да се почитуваат растојанијата на улицитие до површините за градба и за градбите, за непречена манипулација на ПП возила.

Се предвидува надворешна хидрантска мрежа околу четвртите, и градбите и комплексите на градби во истите, а нејзината поставка да е во согласност со ПП норми и стандарди.

При изработка на основни проекти за објектите кои се предвидеува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти) треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување („ Службен весник на Република Македонија “ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, и 41/14, 128/15, 71/16, 106/16, и 83/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.215/21 ,) Законот за пожарникарство („ Службен весник на Република Македонија “ бр.67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Во однос на заштита од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи

9.1.9 Радилошка , хемиска и биолошка заштита

Радиолошката , билошката и хемиската заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како последиците од радиолошки, хемиски и билошки агенси о првземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопственив=ците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на бјектитеи уредите кои се намени за јавно снабдување со вода, производство , сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на

децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да прземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата

-дозиметриска контрола

-лабораториско испитување на видот, концентрациијата, својствата и другите карактеристико на РХБ контаминетите

9.1.10 Заштита од неексплодирани убојни и други екплозивни средства

Според член 80 од Законот за заштита и спасување(„ Службен весник на Република Македонија “ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, и 41/14, 128/15, 71/16, 106/16, и 83/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.215/21), заштитата од неексплодирани, убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на терено и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други екплозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за реме на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други екплозивни средства се врши на местото на пронаѓање, ако за тоа постај безбедносни услови.

Ако не се исполнети условие од ставо 2 на овој член, уништувањето на сите видови на неексплодирани убојни и други екплозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

9.1.11 Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност

Составен дел на овој Детален урбанистички план се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Ова особено се однесува на уредувањето на земјиштето за општа употреба во рамките на планскиот опфат, а пред сè планираната улична мрежа и јавен паркинг.

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите јавни пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 8.33%.

Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:

- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максималната должина на рампата е 15м

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптималната должина треба да е 1,80м. При изработка на проекти за уличната мрежа, на секој пешачки премин треба да се предбидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот со минимална широчина од 1м, а оптимална широчина од 1,80м. Најголем наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% или во однос (1:12).

Во објектите со намена од групите на класи на намени Б и В, задолжително да се предбидат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири. Рампите да се димензионираат според

одредбите од член 133 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20,219/21,104/22 и 99/23). Минималната широчина на рампите треба да биде 1м.

При изработка на проекти за улична мрежа, на секој пешачки премин треба да се предбидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

При изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено – деловна намена (Службен весник на РМ, број 17/15), одредбите на членовите 145 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20), како и одредбите на членовите 161-163 и член 178 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20,219/21,104/22 и 99/23).

9.1.12 Мерки за заштита на недвижното културно наследство

Заштитата на недвижното културно наследство се остварува со негово задолжително вклучување во урбанистичките планови . Недвижното културно наследство се заштитува заедно со неговата непосредна околина преку утврдување на контактни зони согласно Законот за заштита на културното наследство („ Службен весник на Република Македонија “ бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) .

Во рамки на планскиот опфат постои недвижно културно наследство- цивилен објект Кучук Емир султанов мост, КП 832/1, акт за заштита- Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.1101-21/1 од 23.02.1994г., заштитено подрачје со режим на заштита од втор степен.

Со заштита во планскиот опфат се дефинирани зоните според степенот на заштита и тоа:

1.Сообраќајната инфраструктура не смее да навлегува во површините на заштитените добра, особено на улица „ Гоце Делчев“, додека улиците кои поминува

2. Не треба да се создаваат нови градежни зони на констатирани археолошки локалитети;

При случајни откритија , во склад со одредбите од членот 65 од Законот за заштита на културното наследство („ Службен весник на Република Македонија “ бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) ,

Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена:

1.Да го пријави откритието во смисла на член 129 став 2 на Законот за заштита на културното наследство;

2.Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување како и неовластен пристап и

3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојба во која се најдени.

По исклучок , ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра

заштита, изведувачот е должен да ги предаде откриените предмети при нивното пријаавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисол на членот 66 од овој закон, , а до предавањето да прземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштета или отужат и да ги даде cise релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во врето на откривањето и за околноститепод кои тоа е направено.

9.1.13 Мерки за озеленување на населбите и нивната околина

Долж примарната сообраќајна мрежа да се уреди појас на зеленило со садници од типот на грмушки и садници со листопадни дрва со височина до 6м, кои се карктеристини за локалитетот и опкружувањето. Растојанието меѓу листопадните дрва треба да овозможи засенчен коридор (функционално зеленило).

Просторот околу градбите и комплексот на градби, хортикултурно да се уреди согласно амбиенталните и пејзажни карактеристики на истиот.

Зелените површини да се уредат на врз основа на издадени услови за градба произлезени од утврдената урбанистичка документација, која покрај другите фази, обврзно ќе ја содржи фазата хортикултура.

Да се почитува Законот за урбано зеленило („ Службен весник на Република Македонија“ бр/11/2011 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20).

9.1.14. Мерки за остварување на целите на Генералниот урбанистички план што произлегуваат од доставените податоци, информации и мислења од државни органи, институции, установи и правни лица кои вршат овластувања од член 47 од Законот за урбанистичко планирање

9.1.14.1 Посебни услови за заштита во авиосообраќајот

Предметниот опфат се наоѓа во зона на спортскиот аеродром Штип, цца 3.857м ЈИ од референтната точка на аеродромот, во т.н конусна рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 380мнв, односно локацоја каде што се прошишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Согласно член 76 од Законот за воздухопловство, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, **максимална височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација 380мнв.**

Доколку во опфатот се планира изградба на објек / и со елевација над претходно наведената, или изградба/ поставување на издвоени антенски столбови ии столбови поставени на објект со височина поголема од 15м или
оџаци со височина поголема од 30м, потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да се достави проектната дикументација (пред нејзино усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на вооздушниот сообраќај, согласно член 68 став (1) и став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ 48/2020-пречистен текст).

2.НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

2.1 Нумерички показатели

Нумерички показатели за градежните парцели и градбите

ДУП ЦЕ БЛОК 03 ОПШТИНА ШТИП													
Парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба													
Блок	**Број на градежна парцела**	**Поединечна намена**	**Компатибини класи на намени**	**максимален дозволен**	**Површина на градежна парцела (м²)**	**површина за градење (м²)**	**Вкупна изградена површина на сите спратови (**	**Максимална дозволена**	**Максимално дозволена височина до**	**Процент на изграденост (%)**	**Коефициент на искористеност (**	**паркирање**	**понатамошна разработка**
03	**03.01.01**	**Е2.1-Згради и комплекси на патниот сообраќај - автобуска станица**	Б2	40%	8371	5860	5860	П+1	8.50	70.0%	0.70	во градежна парцела	со Урбанистички проект
	03.01.02	**Б6.1-Стадион и арени за фудбал, атлетика и манифестации-стадион**	Б1, Б3, Д3	40%	26651	18655	25000	П+4	21.00	70.0%	0.94	дел во ГП и дел на јавен паркинг/ катна гаража	со Урбанистички проект
	03.01.03	**Б6.5-Конгресни и конференциски сали - конференциска сала** (постојна градба за која не се утврдуваат услови за градење)	/	/	210	186	558	П+2	постојна	88.7%	2.66	/	со проектна документација
	03.01.04	**Б1.5-Ресторани,кантини, кафеани, ќебапчилници, сендвичари-кафани**	/	/	186	108	216	П+1	6.5	58.0%	1.16	во катна гаража	со проектна документација
	03.01.05	**Б1.5-Ресторани,кантини, кафеани, ќебапчилници, сендвичари-кафани**	/	/	192	103	206	П+1	6.5	53.8%	1.08	во катна гаража	со проектна документација
	03.01.06	**Е1.8 - трафостаница** 10/0.4kV 630/(1000) kVA	/	/	40	14	14	П	3.5	34.6%	0.35	/	со проектна документација
	03.01.07	**Е1.2-згради и комплекси на патниот сообраќај-катна гаража**	/	/	514	411	1644	П+3	12	80.0%	3.20	/	со проектна документација
66677.63	**ВКУПНО**				**36164**	**25337**	**33498**	**/**	**/**	**70.1%**	**0.93**		

Нумерички показатели за планскиот опфат

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (m²)	ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ	ПОВРШИНА (m²)	ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ (%)
66678	ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА	36164	54.2%
	ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА	30513	45.8%
	ВКУПНО	66678	100.0%

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ/m²	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА /m²	ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ
66678	Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	27239	40.9%
	Д-ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	5003	7.5%
	Е-ИНФРАСТРУКТУРИ	24245	36.4%
	РЕКИ	10191	15.3%
	ВКУПНО	66678	100.0%

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 03 БЛОК 03 ОПШТИНА ШТИП	
	M²
ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ	36164
ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	25352
ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА	33558
Б1.5-РЕСТОРАНИ, КАНТИНИ, КАФЕАНИ, ЌЕБАЧНИЛНИЦИ, СЕНДВИЧАРИ	378
Б5.1 СТАДИОНИ, АРЕНИ ЗА ФУДБАЛ, АТЛЕТИКА , МАНИФЕСТАЦИИ	26651
Б6.5 КОНГРЕСНИ И ОНФЕРЕНЦИСКИ САЛИ	210
Д1.2 ЈАВНО УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО	3981
Д2.1 ЛИНИСКО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО, РАЗДЕЛНО ЗЕЛЕНИЛО,ЗАШТИТНО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО НА КРСТОСНИЦИ И ЈАЗЛИ	1077
Е1.1 СООБРАЌЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ	15300
Е2.1 ЗГРАДИ И КОМПЛЕКСИ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ	8849
Е1.8 ИНФРАТСРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКГТРИЧНА ЕНЕРГИЈА	40
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	70,2%
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0,93
ПОВРШИНА НА БЛОК	66678

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (m²)	НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА	ПОВРШИНА (m²)		ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ (%)
66678	Б1.5-РЕСТОРАНИ,КАНТИНИ КАФЕАНИ, ЌЕБАПЧИЛНИЦИ, СЕНДВИЧАРИ - КАФАНИ	378	378	40.9%
	Б6.1-СТАДИОНИ АРЕНИ ЗА ФУДБАЛ, АТЛЕТИКА И МАНИФЕСТАЦИИ	26651	26861	
	Б6.5-КОНГРЕСНИ И КОНФЕРЕНЦИСКИ САЛИ	210		
	Е2.1-ЗГРАДИ И КОМПЛЕКСИ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ - АВТОБУСКА СТАНИЦА	8371	8885	13.3%
	Е2.1-ЗГРАДИ И КОМПЛЕКСИ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ - КАТНА ГАРАЖА	514		
	Е1.8 - ТРАФОСТАНИЦА	40	40	0.1%
ВКУПНО			**36164**	**54.2%**

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (m²)	НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ОПШТА УПОТРЕБА	ПОВРШИНА (m²)		ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ %
66678	Д1.2-ЈАВНО УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО	3926	5003	7.5%
	Д2.1-ЛИНИСКО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО,РАЗДЕЛНО ЗЕЛЕНИЛО,ЗАШТИТНО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО НА КРСТОСНИЦИ И ЈАЗЛИ	1077		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-Примарна улична мрежа	6862	15319	23.0%
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-Секундарни сообраќајници	2322		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-колско пешачки улици	863		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-тротоари	3594		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-пешачки површини	1678		
	РЕКИ	10191	10191	15.3%
ВКУПНО			**30513**	**45.8%**

2.2 Билансни показатели

Споредбени билансни показатели – документациона основа и планска документација

Документациона основа

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ/М²	КЛАСА НА НАМЕНИ	ПОВРШИНА/ М ²	%	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНИ	ПОВРШИНА/ М²	%	ЕДИНЕЧНА НАМЕНА	ПОВРШИНА/ М²	%
66677 (6,67ХА)	Е-ИНФРАСТРУКТУРИ (%)	18019	27.02	Е1-СООБЕАЧАЈНИ , ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРСТРУКТУРИ	11111	16.67	Е1.1 -УЛИЦИ, ТРОТОАРИ	8188	12.28
							Е1.1 -ЈАВЕН ПАРКИНГ	398	0.60
							Е1.1 -ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ И ПРОСТОРИ/	2525	3.79
				Е2-ЗГРАДИ И КОМПЛЕКСИ НА ИНФРАСРУКТУРНИТЕ СИСТЕМИ	6908	10.36	Е2.1-АВТОБУСКА СТАНИЦА	5731	8.60
							Е2.1-ТЕРМИНАЛИ ЗА АВТОБУСИ	1177	1.77
	Д-ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ (%)	14532	21.79	Д1-ПАРКОВСКО И ПЕЈЗАЖНО ЗЕЛЕНИЛО	12562	18.84	Д1.2-ЈАВНО УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО	12562	18.84
				Д2-ЗАШТИТНО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО	1970	2.95	Д2.1-РАЗДЕЛНО ЗЕЛЕНИЛО И ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	1970	2.95
	Б-КОМЕЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	31640	47.45	Б6-ПРОСТОРИ ЗА СОБИРИ	30471	45.70	Б6.1-СТАДИОН	30471	45.70
				Б1-МАЛИ ЕДИНИЦИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ	1169	1.75	Б1.1/Б1.5-, ДУЌАНИ, КАФЕАНА,	1169	1.75
	РЕКИ	2486	3.73	РЕКИ	2486	3.73	РЕКА БРЕГАЛНИЦА	2486	3.73
ВКУПНО		**66677**	100.00		66677	100.00		**66677**	**100.00**

Планска документација

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (m²)	НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА	ПОВРШИНА (m²)		ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ (%)
66677	Б1.5-РЕСТОРАНИ,КАНТИНИ КАФЕАНИ, ЌЕБАПЧИЛНИЦИ, СЕНДВИЧАРИ - КАФАНИ	378	378	40.9%
	Б6.1-СТАДИОНИ АРЕНИ ЗА ФУДБАЛ, АТЛЕТИКА И МАНИФЕСТАЦИИ	26651	26861	
	Б6.5-КОНГРЕСНИ И КОНФЕРЕНЦИСКИ САЛИ	210		
	Е2.1-ЗГРАДИ И КОМПЛЕКСИ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ - АВТОБУСКА СТАНИЦА	8371	8849	13.3%
	Е2.1-ЗГРАДИ И КОМПЛЕКСИ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ - КАТНА ГАРАЖА	478		
	Е1.8 - ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА-ТРАФОСТАНИЦА	40	40	0.1%
ВКУПНО			**36128**	**54.2%**

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (m²)	НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ОПШТА УПОТРЕБА	ПОВРШИНА (m²)		ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ %
66677	Д1.2-ЈАВНО УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО	3981	5058	7.6%
	Д2.1-ЛИНИСКО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО,РАЗДЕЛНО ЗЕЛЕНИЛО,ЗАШТИТНО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО НА КРСТОСНИЦИ И ЈАЗЛИ	1077		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-Примарна улична мрежа	6862	15300	22.9%
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-Секундарни сообраќајници	2322		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-колско пешачки улици	863		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-тротоари	3630		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-пешачки површини	1623		
	РЕКИ	10191	10191	15.3%
ВКУПНО			**30549**	**45.8%**
			66677	**100.00%**

Документциона основа

КЛАСА НА НАМЕНА	ЕДИНЕЧНА КЛАСА НА НАМЕНА	КАТНОСТ	БРОЈ НА КАТОВИ	ПОВРШИНА НА ГАБАРИТ/М²	ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА /М²
Е2	Е2.1-ДРУГИ ТЕРМИНАЛИ ЗА	П	-	30	30
Е2	Е2.1-ДРУГИ ТЕРМИНАЛИ ЗА ЈАВЕН ПРЕВОЗ	П	1	282	282
Е2	Е2.1-ТЕРМИНАЛ ЗА АВТОБУСИ /АВТОБУСКА	П	1	6	6
